Оваа работна верзија на пречистениот текст на Законот за минерални суровини ги опфаќа: Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/2012), Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2013), Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 93/2013), Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2014) и Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/2014), Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/2015), Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2016), Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2016), Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 189/2016) и Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/2019)

Ова е работна неофицијална верзија на пречистен текст на Законот за минерални суровини која ја изготви Геолошкиот завод на Република Македонија со цел да ја олесни примената на законот. За официјална употреба треба да се користат законите за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини објавени во соодветните изданија на Службен весник на Република Македонија.

# ЗАКОН ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

**„Службен весник на Република Македонија“**
**бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19**

## ДЕЛ I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
### Предмет и цел на Законот

Со овој закон се уредуваат:

- условите и начинот на вршење геолошки истражувања, поттикнувањето и унапредувањето на геолошките истражувања со цел да се обезбеди нивна оптимална искористеност во согласност со начелата на одржлив развој и заштита на животната средина,
- поттикнувањето и унапредувањето на експлоатацијата на минералните суровини, како и зајакнување на мерките за безбедност, заштита на животната средина и здравјето на луѓето,
- поттикнувањето и унапредувањето на преработката на минералните суровини, како и зајакнување на мерките за безбедност, заштита на животната средина и здравјето на луѓето,
- надзорот и условите при вршењето на геолошките истражувања, експлоатацијата и преработката на минералните суровини и

- мерките и начинот со кои се спречува или намалува до најмала можна мерка штетното влијание врз животната средина и здравјето на луѓето кое може да настане како последица од управувањето со отпадот што се создава и веќе создадениот отпад од истражувањата, експлоатацијата и преработката на минералните суровини.

**Член 2**
**Супсидијарна примена**
(1) На постапките утврдени со овој закон се применуваат Законот за концесии и јавно приватно партнерство, Законот за општа управна постапка, Законот за безбедност и здравје при работа и Законот за животната средина, доколку со овој закон поинаку не е уредено.
(2) На постапките на инспекциски надзор утврдени со овој закон се применува Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

**Член 3**
**Дефиниции**
Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1. **Минерални суровини** се сите органски и неоргански минерални материи кои се наоѓаат во цврста, течна или гасовита состојба;
2. **Рудни резерви** се утврдени количини на одделна минерална материја од наоѓалиштето утврдени со елаборатот за извршените детални геолошки истражувања;
3. **Геолошки истражувања** се збир на методи и техники со цел за добивање на информации со кои се дефинира геолошката градба на одреден простор од Земјата;
4. Научни геолошки истражувања се геолошки истражувања кои се вршат со цел за добивање на нови научни достигнувања во различни области на геологијата;
5. Проспекциски геолошки истражувања се геолошки истражувања кои се вршат за оценување на потенцијалноста за постоење и пронаоѓање на минерални суровини на поголем простор;
6. **Основните геолошки истражувања** се геолошки истражувања кои се вршат со цел да се добијат основни податоци за геолошката градба на просторот на Земјата;
7. **Детални геолошки истражувања** се геолошки истражувања со кои се добиваат целосни податоци и детално се утврдуваат рудните резерви на минералните суровини на определен простор на Земјата;
8. **Експлоатација на минералните суровини** е активност на добивање, односно ослободување на минералните суровини од нивната природна состојба вклучувајќи ги подготвителните, придружните и последователните активности поврзани со добивањето на минералните суровини;
9. **Подземна експлоатација** е активност на изведување на рударски работи на подготовка, разработка, отворање, откопување, транспорт, извоз и проветрување на подземните простории со придржување на мерките на безбедност и здравје при работа и мерките за заштита на животната средина;
10. **Површинска експлоатација** е активност на изведба на рударски работи на подготовка, отворање, откопување, транспорт, одлагање, одводнување и рекултивација на површината на земјата со придржување на мерките на безбедност и здравје при работа и мерките за заштита на животната средина;
11. **Преработка на минерални суровини** е одвојување на корисните од некорисните минерали или минерални видови содржани во минералната суровина (руда) и тоа во облик на концентрат, гранулат (класиран производ) или техноген цврст облик на соединение или елемент (сол, метал и слично), односно да претставува пазарен производ со одреден квалитет за натамошна употреба;
12. **Рекултивирање** е процес на повторно враќање на земјиштето во корисна состојба, деградирано со геолошките истражувања или со експлоатацијата и преработката на минерални суровини;
13. **Постројка** е збир на направи или инсталации поврзани во функционална целина, која служи за иста техничка цел;
14. **Рудник** е ограничено подрачје на земјиште, на површината или под неа, каде што се експлоатира минерална суровина со употреба на машини, опрема, рудничка инфраструктура потребна за вршење на рударските работи и депонии (одлагалиштате и хидројаловиштате);
15. **Рударски објект** е објект на површина или под земја на просторот за истражување, односно експлоатација, кој е наменет за истражување, експлоатација и преработка на минералните суровини и за вршење на други рударски работи;

16. **Рудничка инфраструктура** се руднички објекти кои се потребни за истражувачките и работите сврзани со експлоатацијата на минералните суровини (пристапни патишта, електрични инсталации и уреди, објекти, згради за луѓе и опрема и слично);
17. **Одлагалиште** е определено место во рамките на рудникот каде што се транспортира и депонира рудничката раскривка;
18. **Хидројаловиште** е определено место во рамките на рудникот наменето за акумулирање на суспензија од ситни честици на јаловина, технолошка отпадна вода, техногени минерални суровини во строго определени и контролирани услови, кои настануваат во процесот на експлоатација на минерални суровини и преработка на минерални суровини;
19. **Подземни води** се водите коишто се наоѓаат под површината на земјата во средините заситени со вода и се во директен контакт со површината или со потслоевите на земјата;
20. **Минерални води** се води со степен на минерализација поголема од 0,5 грама на литар;
21. **Извор** е природно истекување на подземна вода (обична или минерална) на површината на земјата;
22. **Режим на подземни води** е процес на измена на квалитетот и квантитетот на подземните води (проток, ниво на подземните води, брзина, температура, вискозитет, хемиски, радиолошки, микробиолошки и гасен состав), под дејство на природните и антропогените фактори по време и простор;
23. **Термални и термоминерални води** се подземни води кои се одликуваат со зголемена температура и минерализација, а која е поголема од 20 $^{0}$ C и минерализација;
24. **Простор за истражување** е дел од просторот на земјата за геолошки истражувања, дефиниран со координати по површината, со неограничено простирање во длабочина ограничен со природни или вештачки линии и неограничен во длабочина;
25. **Експлоатационо поле** е дел од просторот на кој е утврдено наоѓалиштето на минерални суровини, просторот неопходен за експлатација на минерални суровини и организација на рударските работи, изградба на рударски објекти и простор на кој се наоѓа и управува со отпадот од експлоатацијата, а кое на површината на земјата е ограничено со координатни точки меѓусебно поврзани со прави линии со неограничено простирање во длабочина;
26. **Загадување на животната средина** е емисија на штетни материи во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или емисија од којашто може да произлезе штета за имотот или која го нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина;
27. **Оператор** е концесионер кој врши експлоатација на минералните суровини за период за кој му е доделена концесијата и кој управува со отпадот од експлоатација на минералните суровини;
28. **Одговороно лице** е лице кое е одговорно за управување и изведување на рударските работи, како и работите непосредно сврзани со отпадот од експлоатација на минералната суровина;
29. **Значителна промена** е промена во структурата на инсталацијата за отпад или работењето на инсталацијата за отпад која може да има значителни негативни влијанија по човековото здравје или животната средина;
30. **Оценување на влијанието врз животната средина е процена** на можните влијанија на одредени проекти и планирани геолошки и рударски активности врз животната средина во подрачјето на експлоатација и преработка на минералните суровини;
31. **Отпад** е секоја материја или предмет што создавачот или поседувачот ја/го отфрла, има намера да ја/го отфрли или од него се бара да ја/го отфрли;
32. **Опасен отпад** е отпадот што содржи супстанции кои имаат едно или повеќе опасни својства, како што се: експлозивност, реактивност (оксиданси), запаливост, надразливост, токсичност, инфективност, канцерогеност, мутагеност, токсичност за репродукција, екотоксичност и својства на испуштање отровни гасови при контакт со вода, воздух или киселина, утврдени во согласност со овој закон или друг пропис, а притоа во листата на видовите отпад е наведен и посебно обележан како опасен отпад, вклучувајќи го и секој отпад што е измешан со опасен отпад;
33. **Инертен отпад** е отпадот што е отпорен и не подлежи на никакви значителни физички, хемиски или биолошки трансформации, не се раствора, не согорува и не реагира на друг физички или хемиски начин, не се биоразградува, а отпадот и неговиот исцедок не влијаат на друга материја со којашто доаѓаат во допир, на начин на кој може да ја загрозат животната средина, животот и здравјето на луѓето;
34. **Незагадена почва** е почва што е отстранета од горниот слој на земјата во текот на активностите на експлоатација и не се смета за загадена согласно со прописите за заштита на почвата;

35. **Третман на минерални суровини** е механички, физички, биолошки, термален или хемиски процес или комбинација од процеси што се извршуваат со минералните суровини, во насока на експлоатација на минерали, вклучувајќи процеси на промена на големината, класификација, одделување и топење, како и повторна обработка на претходно фрлен отпад, но не вклучувајќи ги процесот на топење и термалнопроизводствените процеси (кои не претставуваат печење на варовник) и металуршките процеси;
36. **Јаловина** е цврст отпад или кашеста маса што останува по процесот на преработка на минералните суровини (на пример дробење, мелење, сортирање по големина, флотација и друга физичко-хемиска техника) за отстранување на корисните од некорисните минерали или минерални видови;
37. **Таложно езеро** е природен или изграден капацитет за складирање на ситнозрнестиот рударски отпад, обично флотациска јаловина, заедно со различни количини слободна вода, која произлегува од преработката на минералните суровини и од процесот на рециклирање на користената вода;
38. **Цијанид одделив** со слаби киселини подразбира цијанид и состојки на цијанидот што се одделуваат со слаба киселина на одредена pH вредност;
39. **Исцедок** значи секоја течност што се филтрира низ наталожен јаловински отпад и се испушта од инсталацијата за јаловинскиот отпад или е содржана во истиот, вклучувајќи загадено одводнување, а која може да има неповолно влијание врз животната средина, доколку се третира неправилно;
40. **Инсталација за јаловински отпад** е простор наменет за акумулирање или депонирање на јаловинскиот отпад од минерални суровини, во цврста или течна состојба, или во раствор или комбинација на течна и цврста состојба во текот на следниве временски периоди:
- нема временски период за инсталација за рударски јаловински отпад и за инсталациите за рударски јаловинскиот отпад што се карактеризирани како штетни во планот за управување,
- период за повеќе од шест месеци за инсталации за неочекувано произведен рударски опасен јаловински отпад,
- период за повеќе од една година за инсталации за рударски јаловински отпад што не е опасен ниту инертен и
- период за повеќе од три години за инсталации за незагадена почва, неопасен јаловински отпад од истражните активности, јаловински отпад што произлегува од експлоатација и преработка и складирање на тресет и за инертен јаловински отпад.

За овој вид на инсталации се сметаат инсталациите што вклучуваат хидројаловиште или друга структура што служи за да содржи, задржи, ограничи јаловински отпад или на друг начин да ја поддржи инсталацијата, како и да вклучи, но не и да се ограничи на браната и таложното езеро, но не и вклучително јами во кои јаловинскиот отпад, по експлоатацијата и преработката на минералната суровина, се пренесува за целите на санација и изградба;
41. **Главни опасности** се настани во рудникот во текот на активностите што вклучуваат управување со јаловински отпад од минерална суровина во која и да е инсталација опфатена со овој закон, а кој резултира со сериозна опасност по човековото здравје и/или по животната средина, веднаш или со текот на времето, на самата локација или на друго место;
42. **Опасни супстанции** се супстанции или препарати што содржат една или повеќе опасни супстанции чиишто својства ја загадуваат животната средина и се опасни за животот и здравјето на луѓето со докажани акутни, хронични, токсични и други штетни ефекти и
- во однос на спречувањето и контролата на хавариите, опасна супстанција е смеса или препарат, определена согласно со прописите за заштита на животната средина, или ги исполнува критериумите или својствата определени согласно со прописите за заштита на животната средина која е присутна во форма на суровина, производ, нуспроизвод, остаток или полупроизвод, вклучувајќи ги и оние супстанции за кои е разумно да се претпостави дека можат да настанат во случај на несреќа;
43. **Најдобри достапни техники** се најефективните и најнапредните фази во развојот на активностите и на методите на работа кои укажуваат на практичната соодветност на конкретните технологии за обезбедување, во начело, на основата на граничните вредности за емисиите наменети за спречување и, онаму каде што тоа не е практично возможно, за намалување на емисиите и на негативното влијание врз животната средина. Притоа под:
- техники се подразбира користената технологија и начинот на којшто инсталацијата е конструирана, се одржува, се користи и престанува да работи,
- достапни техники се подразбира степенот на развој на техниките што се применуваат во соодветниот индустриски сектор, под економски и технички исплатливи услови, земајќи ги предвид трошоците и предностите, без оглед на тоа

дали техниките се користат или се развиени и/или произведени во Република Македонија, доколку се разумно достапни за концесионерот и
- најдобри се подразбираат оние техники кои се најефективни во постигнувањето на високо општо ниво на заштита на животната средина во целина;
44. **Санација** е процес за прочистување на земјата што претрпела последици од инсталацијата за јаловински отпад, на начин на кој земјата се враќа во задоволителна состојба, особено во поглед на квалитетот на почвата, дивиот свет, природните живеалишта, системите на слатка вода, пејзажот и соодветната корисна употреба;
45. **Јавност** е едно или повеќе правни или физички лица, граѓани и нивни регистрирани организации и здруженија и
46. **Засегната јавност** е јавноста којашто, во моментот или во иднина, е засегната или има интерес во врска со донесувањето на одлука за животната средина со која е во посебен однос со одредена постапка. Засегната јавност ги вклучува и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, како и поединец кој има голема веројатност да ги почувствува последиците од донесувањето на одлука.

**Член 4**
**Видови на минерални суровини**
(1) Минералните суровини се добра од општ интерес, сопственост на Република Македонија, без оглед на сопственоста на земјиштето на кое се наоѓаат.
(2) Минералните суровини според видот можат да бидат:
- енергетски минерални суровини и тоа: сите видови на фосилни јаглени, јаглероди во цврста, течна и гасовита состојба, радиоактивни елементи (уран и ториум), сите видови на битуминозни и масни шкрилци и други гасови кои се наоѓаат во земјата,
- метaлични минерални суровини и тоа: железо, манган, никел, хром, олово, цинк, бакар, волфрам, калај, платина, молибден, антимон, талиум, арсен, жива, сребро, злато и други видови на метали кои можат да се појават при експлоатација,
- техногени минерални суровини и тоа: минерални суровини кои настануваат во процесот на преработка на енергетските или металичните минерални суровини, вклучувајќи го и јаловинскиот отпад кој настанува при експлоатација и преработка на архитектонско-украсен камен,
- неметалични минерални суровини и тоа: варовник-калцит, варовник-доломит, кварц, кварцит, кварцен песок, дијабаз, фелдспат, лискун, дистен, дијатомејска земја, талк, опалска бреча, базалт, графит, перлит, туф, гипс, лапорец, сулфур, барит, магнезит, флуорит, андезит, гнајс, азбест, сите видови на глини и други,
- архитектонско-украсен камен: мермер, гранит, габро, травертин, оникс, базалт, сијанит, бреча и други,
- минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ и
- песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирниот кварц.
(3) Од јавен интерес е:
- вршењето на детални геолошки истражувања и експлоатација на енергетските металични, техногените минерални суровини и термоминералните и термалните води и
- кога експлоатацијата на минералната суровина е од стратешко значење и е неопходна за реализација на проекти од јавен интерес утврден со друг закон.
(4) Минералните суровини од ставот (3) алинеја 2 на овој член ги определува Владата на Република Македонија.

**Член 5**
**Стратегија за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини**
(1) За остварување на целите и насоките за усогласено вршење на геолошките истражувања, експлоатацијата и одржливото искористување на минералните суровини, Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) на предлог на министерот за економија донесува стратегија за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини (во натамошниот текст: стратегијата) за период од 20 години.
(2) Со стратегијата се определува обемот и начинот на реализација на основните геолошки истражувања, одржливото искористување и потребите за експлоатацијата на минералните суровини кои се од битно значење за развојот на стопанството на Република Македонија.

**ДЕЛ II**
**ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА**

**Член 6**
**Геолошки истражувања**

(1) Геолошки истражувања и испитувања се вршат заради запознавање на развојот, составот и градбата на земјината кора, прогнозирање, пронаоѓање и утврдување на наоѓалишта на минерални суровини и оцена на економските ефекти од нивното користење, утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти, просторно планирање, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина.
(2) Геолошките истражувања од ставот (1) на овој член опфаќаат основни геолошки истражувања, научни и проспекциски геолошки истражувања и детални геолошки истражувања.
(3) Податоците добиени од геолошките истражувања од ставот (2) на овој член се сметаат за геолошки податоци.

**Член 7**
**Научни геолошки истражувања**

(1) Научни геолошки истражувања можат да вршат физички лица од геолошките научни области со цел за студиски усовршувања, како и правни лица од областа на геолошките науки за потребите за реализација на научни проекти.
(2) Научните геолошки истражувања се вршат во времетраење од:
- две години за физички лица и
- четири години за правни лица од областа на геолошките науки.
(3) За вршење на научни геолошки истражувања лицата од ставот (1) на овој член поднесуваат барање за добивање на согласност до Геолошкиот завод на Република Македонија (во натамошниот текст: Геолошкиот завод).
(4) Доколку барањето од ставот (3) на овој член го поднесува физичко лице кон барањето доставува:
- потврда од високо образовната научна институција дека барателот ја има пријавено темата за истражување,
- наслов на темата одобрена за студиски усовршувања со образложение на истата,
- простор предвиден за научни геолошки истражувања определен со координати на геолошка карта во мерка 1:100.000 или 1:200.000 и
- период на времетраењето на истражувањето.
(5) Доколку барањето од ставот (3) на овој член го поднесува правно лице од областа на геолошките науки кон барањето доставува:
- еден примерок од научниот проект во оригинал,
- образложение на барањето и темата,
- простор предвиден за научни геолошки истражувања определен со координати на геолошка карта во мерка 1:100.000 или 1:200.000 и
- период на времетраењето на истражувањето.
(6) Службеното лице од Геолошкиот завод кое ја води постапката по службена должност го прибавува доказот од ставот (4) алинеја 1 на овој член, во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.
(7) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (4) алинеја 1 на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(8) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува директорот на Геолошкиот завод.
(9) Доколку се оцени дека се исполнети условите за издавање на согласноста од ставот (3) на овој член, согласност се издава во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.
(10) По завршувањето на научните геолошки истражувања од ставот (1) на овој член физичкото лице кое ги вршело истражувањата е должно во рок од една година до Геолошкиот завод да достави еден оригинален примерок од научниот труд (магистерска работа, докторска дисертација и слично).
(11) По завршувањето на научните геолошки истражувања од ставот (1) на овој член правното лице кое ги вршело истражувањата е должно во рок од една година до Геолошкиот завод да достави еден оригинален примерок од научниот труд или друг вид на документ кој е изработен врз основа на извршените научни геолошки истражувања.

**Член 7-а**
**Проспекциски геолошки истражувања**

(1) Проспекциски геолошки истражувања се вршат со цел за определување на потенцијални простори за вршење на детални геолошки истражувања.
(2) Проспекциски геолошки истражувања може да се вршата на цела територија на Република Македонија, освен на простори за кои се води постапка по иницијатива за доделување на концесии за детални геолошки истражувања, на веќе доделени простори под концесии за вршење на детални геолошки истражувања, истражени простори и концесии за експлоатација на минерални суровини.
(3) Право за вршење на проспекциски геолошки истражувања се стекнува со добивање на концесија за проспекциски геолошки истражувања, а која ја доделува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: концедент), врз основа на јавен повик со електронска аукција под услови и на начин утврден со овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
(4) Концесија за проспекциски геолошки истражувања може да добие секое правно лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, а кои ги исполнуваат условите пропишани со овој и друг закон.
(5) Просторот на кој се доделува концесијата за вршење на проспекциски геолошки истражувања изнесува максимум до 5.000 км2.
(6) Концесијата за проспекциски геолошки истражувања се доделува на период до две години, без можност за нивно продолжување.
(7) Постапката за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања започнува со поднесување на иницијатива до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(8) Право да поднесе иницијатива за вршење на проспекциски геолошки истражувања има секој орган на државната управа, како и секое правно лице, вклучувајки ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија.
(9) Кон иницијативата од ставот (8) на овој член се приложува:
- образложение и основни податоци за подносителот на иницијативата,
- период на кој се бара доделување на концесијата и
- простор на кој би се вршеле проспекциските геолошки истражувања вцртан на топографска карта во мерка 1:200.000 со нанесени координати.
(10) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена, сметано од денот на приемот на иницијативата од ставот (8) на овој член со решение ќе ја одбие истата, ако барателот не ја приложи документацијата од ставот (9) на овој член.
(11) По разгледување на иницијативата од ставот (9) на овој член, во рок од 15 дена органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини до концедентот доставува образложен предлог и одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања.
(12) По разгледување на образложениот предлог од ставот (11) на овој член Владата на Република Македонија донесува одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања.
(13) По донесување на одлуката од ставот (12) на овој член постапката за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања се спроведува со јавен повик со електронска аукција согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
(14) Јавниот повик од ставот (13) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија", во еден дневен весник кој се издава на македонски јазик, во еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на системот е-концесии на Министерството за економија.
(15) Секое домашно или странско правно лице има право да се регистрира на системот е-концесии на Министерството за економија. Со регистрацијата се добива лозинка со која се пристапува во системот е-концесии на Министерството за економија. Тендерската документација може да се преземе електронски по регистрација на системот.
(16) Во постапката за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања Комисијата врши целосна евалуација на способноста на понудувачите и на првично доставените понуди.
(17) Способноста на понудувачите од ставот (16) на овој член, пред сé, се докажува со следниве документи:
- документ за регистрирана дејност,

- изјава на понудувачот дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари,
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган,
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган,
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење на одделна дејност,
- потврда за платени даноци и придонеси,
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена казна за кривично дело и
- позитивни финансиски извештаи, најмалку за последната година. Доколку правното лице е регистрирано во период пократок од овој, финансиските извештаи се доставуваат за периодот од регистрацијата.

(18) Документите од ставот (17) на овој член детално ќе бидат образложени во тендерската документација.

(19) Врз основа на извршената евалуација Комисијата електронски ги известува сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди да учествуваат на електронска аукција како завршна фаза пред доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања.

(20) Почетната цена и основа за наддавање во електронската аукција е највисокиот понуден концесиски надоместокот од страна на понудувачите кои поднеле прифатливи понуди во спроведената постапка за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања.

(21) Електронска аукција е повторлив процес на позитивно наддавање кој се реализира по првична целосна евалуација на понудите во кој подобните понудувачи имаат можност, исклучиво со користење на електронски средства, да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства.

(22) На подносителите на понудите, кои се комплетни во јавното отворање од јавниот повик, Комисијата им доставува покана за учество на електронската аукција за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања, а на подносителите на понудите кои не доставиле комплетна документација им доставува електроноско известување дека нема да учествуваат на електронската аукција.

(23) Електронската аукција ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во јавниот повик и тендерската документација и неговата понуда ќе се смета за највисока понуда на електронската аукција.

(24) Електронската аукција започнува со објавување на почетната цена и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. За успешно спроведена постапка на јавно наддавање е потребно да има најмалку една понуда. Јавното наддавање не може да трае пократко од 15 минути.

(25) Висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста по концесија за проспекциски геолошки истражувања изнесува од 1 до 10 проценти од почетната цена.

(26) Електронската аукција се смета за завршена во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните три минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште три минути, а ќе заврши кога за период од следните три минути нема нова дадена понуда.

(27) Електронската аукција продолжува неограничено се додека во временски интервал од три минути има нова понуда.

(28) За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена и која претставува највисока цена за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања.

(29) Комисијата по завршувањето на јавната аукција изготвува записник за спроведеното јавно наддавање, кој е составен дел од писмениот извештајот за евалуација со предлог за избор на најповолна понуда. Извештајот се доставува до концедентот.

(30) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, управува и оперира со електронскиот систем за електронска аукција за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања.

(31) По спроведувањето на постапката од ставовите (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21), (22), (23), (24), (25), (26), (27), (28) и (29) на овој член за изборот за најповолен понудувач, Владата донесува одлуката за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања.

(32) Одлуката од ставот (31) на овој член содржи податоци за:
- правното лице на кое му е доделена концесијата за проспекциски геолошки истражувања,
- целите и начинот на вршењето на проспекциските геолошки истражувања на минерални суровини,
- просторот за вршење на проспекциски геолошки истражувања,

- период на кој се доделува концесијата,
- рок за уплата на понудениот износ во постапката за доделувањето на концесијата,
- рокот за поднесување на елаборат за извршените проспекциски геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини и
- други услови определени со закон.

(33) Одлуката за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања се објавува во “Службен весник на Република Македонија“.

(34) Формата и содржината на иницијативата од ставот (8) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

**Член 7-б**

**Договор за концесија за проспекциски геолошки истражувања**

(1) Врз основа на одлуката за доделување на концесијата за проспекциски геолошки истражувања, концедентот и концесионерот склучуваат договор за концесија за проспекциски геолошки истражувања.

(2) Договорот за концесија за проспекциски геолошки истражувања во име на концедентот го склучува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена, сметано од денот на влегувањето во сила на одлуката за доделување на концесија.

(3) Договорот за концесија за проспекциски геолошки истражувања на минерални суровини содржи одредби утврдени согласно со Уредбата за содржината на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и договорот за концесија на добра од општ интерс.

**Член 7-в**

**Обврски на имателот на концесијата за проспекциски геолошки истражувања**

(1) Имателот на концесија за проспекциски геолошки истражувања при вршењето на проспекциските геолошки истражувања е должен:

- во рок од 120 дена од денот на склучувањето на договорот за концесија за проспекциски геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини да достави проект за вршење на проспекциските геолошки истражувања претходно ревидиран од Геолошкиот завод согласно со членот 30-а став (2) од овој закон,
- работите да ги изведува согласно со проектот за вршење на проспекциски геолошки истражувања, стандардите и техничките нормативи со кои е регулирано изведувањето на такви работи,
- до Геолошкиот завод и до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини на секој три месеци да доставува извештај за извршените проспекциски геолошки истражувања со нумерички податоци согласно со динамиката утврдена во проектот за вршење на проспекциски геолошки истражувања, а со цел за интегрирање на податоците во Геолошкиот информациски систем и
- со истекот на последниот ден од концесијата за проспекциски геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини да достави ревидиран елаборат од извршените проспекциски геолошки истражувања, а во кој во целост ќе бидат прикажани применетите методи на истражување, локациите на земените примероци, анализи од примероците и слично.

(2) Имателот на концесијата при вршењето на проспекциските геолошки истражувања на терен е должен да има:

- проект за вршење на проспекциски геолошки истражувања,
- книга за водење на евиденција за извршените проспекциски геолошки истражувања и

- решение за назначување на одговорно лице за изведување на работите при вршење на проспекциски геолошки истражувања.
(3) Формата, содржината и начинот на водењето на книгата од ставот (2) алинеја 2 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 7-г**
**Едностран раскин на договорот за концесија за проспекциски геолошки истражувања**
(1) Концедентот еднострано ќе го раскине договорот за концесија за проспекциски геолошки истражувања доколку концесионерот:
- не започне со вршење на проспекциските геолошки истражувања во рок од 30 дена сметано од денот на доставувањето на проектот за вршење на проспекциски геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини,
- прекине со вршење на проспекциски геолошки истражувања подолго од шест месеци,
- не го достави извештајот од членот 7-в став (1) алинеја 3 од овој закон и
- не ги врши истражните работи предвидени со проектот за вршење на проспекциски геолошки истражувања.
(2) Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини донесува одлука за едностран раскин на договорот за концесија за проспекциски геолошки истражувања.
(3) Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија за проспекциски геолошки истражувања се објавува во “Службен весник на Република Македонија“.
(4) Врз основа на одлуката од ставот (3) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена го известува концесионерот за еднострано раскинување на договорот за концесија.

**Член 7-д**
**Сопственост на резултати од проспекциски геолошки истражувања**
(1) Резултатите добиени со вршење на проспекциските геолошки истражувања дадени во елаборатот за извршените проспекциски геолошки истражувања се сопственост на концесионерот.
(2) Резултатите од извршените проспекциски геолошки истражувања не може да се пренесат во сопственост на друго лице.
(3) Концесионерот согласно со членот 10 став (6) од овој закон може да поднесе барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на повеќе локации на вкупна површина која не надминува 2,5% од вкупната површина на доделената концесија за проспекциски геолошки истражувања.
(4) Барањето од ставот (3) на овој член концесионерот може да го поднесе откако ќе се изврши стручна оцена (ревизија) на елаборатот за извршените проспекциски геолошки истражувања.
(5) По поднесувањето на барањето од ставот (3) на овој член резултатите од останатата површина од 97,5% добиени со вршење на проспекциските геолошки истражувања дадени во елаборатот за извршените проспекциски геолошки истражувања преминуваат во сопственост на Република Македонија.
(6) Доколку имателот на резултатите од извршените проспекциски геолошки истражувања дадени во елаборатот за извршените проспекциски геолошки истражувања во рок од 30 дена, сметано од денот на истекот на концесијата за проспекциски геолошки истражувања, не поднесе барање за доделување на концесија за вршење на деталните геолошки истражувања истите преминуваат во сопственост на Република Македонија.

**Глава 1**
**ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА**

**Член 8**
**Цел на основни геолошки истражувања**
(1) Основните геолошки истражувања се дејност од јавен интерес.
(2) Со основните геолошки истражувања се обезбедуваат основни геолошки податоци кои се користат за истражување на наоѓалишта на минерални суровини, за водоснабдување, за хидротехнички и инфраструктурни објекти, во земјоделството, како и за потребите на просторното планирање.
(3) Основните геолошки истражувања ги врши Геолошкиот завод.

**Глава 2**
**ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА**

**Член 9**
**Детални геолошки истражувања**
(1) Детални геолошки истражувања се вршат на простор на кој се утврдува постоење на една и повеќе минерални суровини заради добивање на податоци за положбата, обликот, постанокот, квалитетот на наоѓалиштето, резервите, условите и можностите за нивно користење, просторот на кој ќе се градат одредени инвестициони објекти заради утврдување на геотехничките, хидрогеолошките и други особини на тлото, за прекатегоризација на рудните резерви, проширување на концесиите за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, како и заради реинјектирање на водите во подземјето.
(2) Детални геолошки истражувања на минерални суровини не можат да се вршат на простори кои се наоѓаат во населени места, јавни патишта, водостопански објекти, коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), воени објекти, споменици на културата и заштитени подрачја на природата, како и на други простори на кои се наоѓаат објекти од јавен интерес.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член детални геолошки истражувања на минералните суровини можат да се вршат и на просторите од ставот (2) на овој член, по претходна согласност на органите на државната управа надлежни за работите од соодветната област.
(4) За минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 7 од овој закон не се вршат детални геолошки истражувања само во случај кога барателот на концесијата е сопственик на земјиштето на кое се наоѓаат.

**Член 10**
**Концесија за детални геолошки истражувања**
(1) Право за вршење на детални геолошки истражувања се стекнува со добивање на концесија за детални геолошки истражувања.
(2) Концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини доделува Владата (во натамошниот текст: концедент).
(3) Право за добивање на концесија за детални геолошки истражувања има секое правно лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, а кои ги исполнуваат условите пропишани со овој и друг закон.
(4) Концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини не може да добие за период од пет години кога на правното лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, претходно му била одземена концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини, како и правно лице кое е поврзано со тоа правно лице. Како поврзани се сметаат случаите кога правните лице се во меѓусебни блиски врски и си остварува меѓусебна контрола на начин и под услови утврдени со Законот за банки.
(5) Концесија за детални геолошки истражувања се доделува врз основа на јавен повик со електронска аукција под услови и на начин утврден со овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
(6) Во случај кога барањето за добивање на концесија за детални геолошки истражувања го поднесуваат сопственикот на резултатите од извршените проспекциски геолошки истражувања јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од Република Македонија и друштвата врз кои државата има директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно ако поседува поголем дел од капиталот на друштвото, има мнозинство гласови

на акционерите/содружниците и доколку именува повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото и другите правни лица кои вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања, концесијата за детални геолошки истражувања им се доделува врз основа на барање, без спроведување на постапка за доделување на концесија по пат на јавен повик.
(7) За минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон Владата дава претходна согласност по однос на поднесената иницијатива за детални геолошки истражувања.

**Член 11**

**Простор за вршење на детални геолошки истражувања**

(1) Со концесијата за детални геолошки истражувања, концедентот на концесионерот му отстапува простор за вршење на детални геолошки истражувања, дефиниран со координати нанесени на топографската карта во размер 1:25.000.
(2) Просторот на кој се доделува концесијата за детални геолошки истражувања зависи од видот на минералната суровина, и тоа до:
- 30 км $^2$ за енергетски минерални суровини,
- 30 км $^2$ за метални минерални суровини,
- 30 км $^2$ за техногени минерални суровини,
- 2 км $^2$ за неметални минерални суровини,
- 5 км $^2$ за архитектонско-украсен камен и
- 2 км $^2$ за минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ .
(3) Концесијата од ставот (1) на овој член се доделува на земјиште кое е во сопственост на Република Македонија, како и на земјиште кое е во сопственост на други правни и физички лица.
(4) Пред започнувањето со вршење на детални геолошки истражувања на минералните суровини од членот 4 став (2) алинеи 4 и 5 од овој закон за земјиштето кое се наоѓа на просторот на кој е доделена концесија за детални геолошки истражувања, за земјиштето кое е во сопственост на правни или физички лица е потребно добивање на согласност заради спроведување на активностите на деталните геолошки истражувања.
(5) Во случај кога се работи за земјиште сопственост на Република Македонија без утврдено право на користење, закуп или плодоуживање не е потребно добивање на согласност заради спроведување на активностите на деталните геолошки истражувања.
(6) Концесионерот кој ќе врши детални геолошки истражувања е должен да изврши обештетување на дотогашниот закупец, концесионер или плодоуживател на земјоделското земјиште или пасиште, како и на правното и физичкото лице сопственик на земјиштето.
(7) Согласноста од ставот (4) на овој член се потврдува со давање писмена изјава пред нотар и истата не може да биде повлечена пред истекот на концесијата, односно со доставување на договор за регулирање на меѓусебните односи меѓу физичкото или правното лице и концесионерот.
(8) Согласноста од ставот (4) на овој член и писмената изјава, односно договорот од ставот (7) на овој член се доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, а пред започнување на деталните геолошки истражувања.
(9) Со не доставувањето на согласноста од ставот (4) на овој член и писмената изјава, односно договорот од ставот (8) на овој член до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини пред започнување на деталните геолошки истражувања се смета дека не е започнато со вршење на деталните геолошки истражувања.
(10) Детални геолошки истражувања на техногени минерални суровини можат да се вршат и на простор на кој е доделена концесија за експлоатација, само доколку не се нарушува експлоатацијата на минерални суровини за кои е доделена концесија за експлоатација.

**Член 12**

**Период на важност на концесијата за детални геолошки истражувања**

Периодот за кој се доделува концесијата за детални геолошки истражувања зависи од видот на минералната суровина и изнесува до:
- шест години за енергетски минерални суровини;
- шест години за метални минерални суровини;

- три години за техногени минералните суровин;
- две години за неметалични минерални суровини;
- две години за архитектонско-украсен камен и
- две години за минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ .

**Член 13**

**Иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања**

(1) Постапката за доделување концесија за детални геолошки истражувања започнува со поднесување на иницијатива до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(2) Право да поднесе иницијатива за вршење на детални геолошки истражувања има секое правно лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, при што е должно да приложи:

- образложение и основни податоци за подносителот на иницијативата,
- предложен период на кој би се доделила концесијата,
- простор на кој би се вршеле деталните геолошки истражувања вцртан на топографска карта во мерка 1:25.000 или 1:50.000 со нанесени координати и
- студија за оцена на влијанието и режимот на минералните, термоминералните и термалните води во случај кога се работи за иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ .

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена сметано од денот на приемот на иницијативата од ставот (2) на овој член со решение ќе ја одбие истата, ако:

- барателот не ја приложи документацијата од ставот (2) на овој член,
- на просторот за кој е поднесена иницијатива за вршење на детални геолошки истражувања е веќе доделена дозвола за детални геолошки истражувања или концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини и
- доколку со студијата за оцена на влијанието и режимот на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$ се утврди дека има влијание на билансот и режимот на водите врз веќе доделени концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација.

(4) Студијата за оцена на влијанието и режимот на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$ од ставот (2) алинеја 5 на овој член особено содржи податоци за геолошката градба и хидрогеолошките карактеристики и параметри на водоносните средини.

(5) Содржината и начинот на изработка на студијата за оцена на влијанието и режимот на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$ од ставот (2) алинеја 5 на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(6) Против решението од ставот (3) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(7) Право да поднесе иницијатива за вршење на детални геолошки истражувања има и секој орган на државната управа за:

- локалитети утврдени согласно со основни геолошки истражувања,
- локалитети утврдени согласно со проспекциски геолошки истражувања,
- локалитети за кои е одземена концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини и
- локалитети за кои постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања е поништена.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член не се применуваат одредбите од ставовите (2) и (3) на овој член.

(9) Формата и содржината на иницијативата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

**Член 14**

**Постапка за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања**

(1) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини не ја одбие иницијативата од членот 13 од овој закон, во рок од осум дена е должен да изврши увид на локалитетот за која е поднесена иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања за што се составува записник.
(2) На увидот присуствува и овластен претставник на подносителот на иницијативата, кој и го потпишува записникот од ставот (1) на овој член.
(3) По извршениот увид, во рок од осум дена, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област.
(4) Покрај органите на државната управа од ставот (3) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини по службена должност бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесена иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања.
(5) Органите од ставовите (3) и (4) на овој член се должни своето мислење да го дадат во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на барањето.
(6) Доколку органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област нема да дадат мислење во рокот определен во ставот (5) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од пет дена, сметано од истекот на рокот утврден во ставот (5) на овој член е должен да ја информира Владата.
(7) Во случајот од ставот (6) на овој член Владата ќе го задолжи органот на државаната управа надлежен за работите од соодветната област во рок од три дена да достави соодветно мислење.
(8) Доколку и по истекот на рокот од ставот (7) на овој член не се достави соодветно мислење, се смета дека е дадено позитивно мислење по однос на доставеното барање за давање на мислење.

**Член 15**

**Одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања**

(1) По добивање на мислењата од членот 14 од овој закон, во рок од 15 дена органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини до концедентот доставува образложен предлог и одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.
(2) По разгледување на образложениот предлог од ставот (1) на овој член, Владата донесува одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.
(3) Постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања се врши по пат на јавен повик и ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања (во натамошниот текст: Комисијата), согласно со одредбите од овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
(4) Јавниот повик од ставот (3) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија", во еден дневен весник кој се издава на македонски јазик, во еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на системот е-концесии на Министерството за економија.
(5) Секое домашно или странско правно лице има право да се регистрира на системот е-концесии на Министерството за економија. Со регистрацијата се добива лозинка со која се пристапува во системот е-концесии на Министерството за економија. Тендерската документација може да се преземе електронски по регистрација на системот.
(6) Во постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања Комисијата врши целосна евалуација на способноста на понудувачите и на првично доставените понуди.
(7) Способноста на понудувачите од ставот (6) на овој член, пред сé, се докажува со следниве документи:

- документ за регистрирана дејност,
- изјава на понудувачот дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари,
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган,
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган.
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење на одделна дејност,
- потврда за платени даноци и придонеси,
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена казна за кривично дело и
- позитивни финансиски извештаи, најмалку за последната година. Доколку правното лице е регистрирано во период пократок од овој, финансиските извештаи се доставуваат за периодот од регистрацијата.

(8) Документите од ставот (7) на овој член детално ќе бидат образложени во тендерската документација.

(9) Врз основа на извршената евалуација Комисијата електронски ги известува сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди да учествуваат на електронска аукција како завршна фаза пред доделување на концесија за детални геолошки истражувања.

(10) Почетната цена и основа за наддавање во електронската аукција е највисокиот понуден концесиски надоместокот од страна на понудувачите кои поднеле прифатливи понуди во спроведената постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.

(11) Електронска аукција е повторлив процес на позитивно наддавање кој се реализира по првична целосна евалуација на понудите во кој подобните понудувачи имаат можност, исклучиво со користење на електронски средства, да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства.

(12) На подносителите на понудите, кои се комплетни во јавното отворање од јавниот повик, Комисијата им доставува покана за учество на електронската аукција за доделување на концесија за детални геолошки истражувања, а на подносителите на понудите кои не доставиле комплетна документација им доставува електроноско известување дека нема да учествуваат на електронската аукција.

(13) Електронската аукција ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во јавниот повик и тендерската документација и неговата понуда ќе се смета за највисока понуда на електронската аукција.

(14) Електронската аукција започнува со објавување на почетната цена и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. За успешно спроведена постапка на јавно наддавање е потребно да има најмалку една понуда. Јавното наддавање не може да трае пократко од 15 минути.

(15) Висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста по концесија за детални геолошки истражувања изнесува од 1 до 10 проценти од почетната цена.

(16) Електронската аукција се смета за завршена во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните три минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште три минути, а ќе заврши кога за период од следните три минути нема нова дадена понуда.

(17) Електронската аукција продолжува неограничено се додека во временски интервал од три минути има нова понуда.

(18) За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена и која претставува највисока цена за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.

(19) Комисијата по завршувањето на јавната аукција изготвува записник за спроведеното јавно наддавање, кој е составен дел од писмениот извештајот за евалуација со предлог за избор на најповолна понуда. Извештајот се доставува до концедентот.

(20) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини управува и оперира со електронскиот систем за електронска аукција за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.

(21) Во случај доколку се работи за добиено негативно мислење од субјектите од членот 14 ставови (3) и (4) од овој закон, концедентот може да донесе одлука за одбивање на иницијативата за започнување на постапка за вршење на детални геолошки истражувања или одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.

(22) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини за одлуката од ставот (4) на овој член во рок од 15 дена го известува подносителот на иницијативата.

(23) Против одлуката за одбивање на иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања од ставот (4) на овој член, незадоволната странка може да поведе управен спор.

**Член 16**

**Содржина на одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања**

(1) Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања содржи податоци за:

- правното лице на кое му е доделена концесијата за вршење на детални геолошки истражувања,
- минералните суровини што се предмет на деталното геолошко истражување,
- целите и начинот на вршењето на деталните геолошки истражувања на минерални суровини,
- просторот за вршење на детални геолошки истражувања,
- рокот за поднесување на извештај или елаборат за извршените детални геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини и
- други услови определени со закон.

(2) Одлуката за доделување на концесија се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 17**

**Договор за концесија за детални геолошки истражувања**

(1) Врз основа на одлуката за доделување на концесијата за детални геолошки истражувања на минерални суровини, концедентот и концесионерот склучуваат договор за концесија за детални геолошки истражувања.

(2) Договорот за концесија за детални геолошки истражувања во име на концедентот го склучува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена, сметано од денот на влегувањето во сила на одлуката за доделување на концесија.

(3) Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини содржи одредби утврдени согласно со уредбата за содржината на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и договорот за концесија на добра од општ интерес.

**Член 17-а**

**Постапка за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања по истекот на рокот од договорот за концесија**

(1) Доколку е доделена концесија за вршење на детални геолошки истражувања во рок пократок од рокот утврден во членот 12 од овој закон и за која имателот на концесијата во рок од 120 дена по истекот на концесијата за детални геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини доставил извештај со кој се потврдува дека деталните геолошки истражувањата не се во целост завршени, имателот на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања може да поднесе барање за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на ист простор и за ист вид на минерални суровини за кои е доставен извештајот.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок не подолг од една година од денот на истекот на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува:

- топографска карта во размер 1:25.000 или 1:50.000 на која се нанесени координатите на граничните точки на локацијата за која се бара вршење на детални геолошки истражувања и
- извештај со кој се потврдува дека деталните геолошки истражува не се во целост завршени.

(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена сметано од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член со решение ќе го одбие истото, ако:

- барателот не ја приложи документацијата од ставот (3) на овој член и
- на просторот за кој е поднесено барањето за доделување на концесија за детални геолошки истражувања е веќе доделена дозвола за детални геолошки истражувања или концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(6) По доставување на барањето од ставот (1) на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 30 дена од доставеното барање врши увид на самото место и составува записник од извршениот увид.
(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 30 дена од денот на извршениот увид на самото место до концедентот доставува образложен предлог и одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.
(8) По разгледување на образложениот предлог од ставот (7) на овој член, Владата донесува одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.
(9) Врз основа на одлуката од ставот (8) на овој член, концедентот и концесионерот склучуваат договор за концесија за детални геолошки истражувања.
(10) Концесијата за детални геолошки истражувања од ставот (8) на овој член се доделува за преостанатиот период од крајниот рок утврден во членот 12 од овој закон сметано од денот на потпишувањето на договорот од ставот (9) на овој член.
(11) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(12) Концесионерот кој го склучил договорот од ставот (9) на овој член е должен да плаќа годишен надоместок согласно со членот 74 од овој закон за преостанатиот период од крајниот рок утврден во член 12 од овој закон.

**Член 18**
**Обврски на имателот на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања**
(1) Концесионерот во рок од 15 дена пред започнувањето на деталните геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, а најкасно во рок од една година сметано од денот на склучување на договорот за концесија мора да достави ревидиран проект за детални геолошки истражувања.
(2) Имателот на концесија за детални геолошки истражувања при вршењето на детални геолошки истражувања е должен:
- работите да ги изведува согласно со проектот за вршење на детални геолошки истражувања, стандардите и техничките нормативи со кои е регулирано изведувањето на такви работи,
- да ги спроведува мерките за безбедност при работа согласно со овој и друг закон,
- навремено да презема мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти,
- на свој товар да спроведува мерки за заштита на животната средина,
- да изврши рекултивација на земјиштето на кое се вршени деталните геолошки истражувања,
- до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини најмалку еднаш годишно да доставува извештај за извршените детални геолошки истражувања согласно со динамиката утврдена во договорот за концесија за вршење на детални геолошки истражувања,
- во рок од 120 дена по истекот на концесијата за детални геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини да достави елаборат од извршените детални геолошки истражувања и
- да ги надомести евентуално настанатите штети причинети со вршењето на деталните геолошките истражувања на сопствениците, односно корисниците на земјоделското земјиште.
(3) Имателот на концесија е должен на просторот за деталните геолошки истражувања да има:
- проект за вршење на детални геолошки истражувања,
- книга во која се водат извршените истражни работи за деталните геолошки истражувања,
- елаборат за уредување на објектите со мерки за заштита при работа и
- решение за назначување на одговорно лице кое поседува лиценца за изведување на работите при вршење на детални геолошки истражувања.
(4) Формата, содржината и начинот на водењето на книгата од ставот (3) алинеја 2 на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 19**

**Проширување на концесија за вршење детални геолошки истражувања**

(1) Заради доистражување на минералните суровини предмет на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања на определен простор, а кој се граничи со просторот на кој е доделена концесијата за детални геолошки истражувања и е во функција на рационално истражување на минералните суровини може да се врши проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања.

(2) Владата донесува одлука за проширување на концесијата за детални геолошки истражувања.

(3) За проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања, концесионерот може да поднесе барање најрано три месеци, сметано од почетокот на вршење на детални геолошки истражувања.

(4) Просторот за кој се бара проширување не може да изнесува повеќе од една третина од просторот на постојната концесија за вршење на детални геолошки истражувања.

(5) Периодот за кој се врши проширување на концесијата не може да биде подолг од периодот за кој е доделена концесијата за вршење на детални геолошки истражувања.

(6) Кон барањето за проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања концесионерот приложува:

- извештај од дотогаш извршените детални геолошки истражувања и
- образложение на потребата од проширување на концесијата заедно со топографска карта во размер 1:25.000 на која е вцртан просторот и се внесени координатите на кои би се вршеле деталните геолошки истражувања заради проширување на концесијата.

(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена сметано од денот на приемот на барањето од ставот (6) на овој член со решение ќе го одбие истото, ако:

- барателот не ја приложи документацијата од ставот (6) на овој член и
- на просторот за кој е поднесено барањето за проширување на концесијата е веќе доделена дозвола за детални геолошки истражувања или концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(9) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини не го одбие барањето за проширување на концесијата, во рок од осум дена е должен да изврши увид на локалитетот за кој е поднесена иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања за што се составува записник.

(10) На увидот присуствува и овластен претставник на подносителот на барањето за проширување на концесијата, кој и го потпишува записникот од ставот (9) на овој член.

(11) По извршениот увид, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок 15 дена по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, земјоделството, шумарството и водостопанството, како и од другите органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област.

(12) Покрај органите на државната управа од ставот (11) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена по службена должност бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесена иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања.

(13) Органите од ставовите (11) и (12) на овој член се должни своето мислење да го дадат во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на барањето, а во спротивно ќе се смета дека е дадено позитивно мислење по предметното барање за проширување на концесијата.

(14) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

**Член 20**

**Одлука за проширување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања**

(1) По добивање на мислењата на органите од членот 19 од овој закон, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена до Владата доставува образложен предлог за проширување на концесијата за детални геолошки истражувања.
(2) По разгледување на образложениот предлог од ставот (1) на овој член, Владата донесува одлука за проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања.
(3) Одлуката за проширување на концесијата се објавува во "Службен весник на Република Македонија".
(4) По објавувањето на одлуката од ставот (3) на овој член концедентот и концесионерот склучуваат анекс кон постојниот договор за концесија за детални геолошки истражувања во рок од 15 дена, сметано од денот на влегувањето во сила на одлуката за проширување на концесијата.
(5) Анексот на договорот од ставот (4) на овој член во име на концедентот го склучува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(6) Анексот на договорот за концесија особено содржи одредби за површината на концесијата, како и други услови утврдени со одлуката за проширување на концесијата.
(7) Анексот на договорот или одделни негови одредби кои се во спротивност со овој или со друг закон, се ништовни и не произведуваат правно дејство.
(8) Во случај доколку се работи за добиено негативно мислење од субјектите од членот 19 од овој закон, Владата може да донесе одлука за одбивање на барањето за проширување на концесијата за детални геолошки истражувања или одлука за проширување на концесијата.
(9) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини за одлуките од ставот (2) на овој член во рок од 15 дена го известува подносителот на иницијативата.
(10) Против одлуката од ставот (8) на овој член подносителот на иницијативата може да поведе управен спор.

**Член 21**
**Обврски на имателот на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања при проширување на концесијата**
(1) Концесионерот во рок од осум дена пред започнувањето на деталните геолошки истражувања заради проширување на концесијата до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, а најкасно во рок од 90 дена, сметано од денот на склучувањето на анексот на договорот за проширување на концесијата, е должен да достави проект за детални геолошки истражувања на просторот за кој е проширена концесијата за вршење на детални геолошки истражувања.
(2) При вршење на деталните геолошки истражувања заради проширување на концесијата, концесионерот е должен да ги исполни условите кои се применуваат како обврски на имателот на концесијата утврдени во членот 18 од овој закон.

**Член 22**
**Едностран раскин на договорот за концесија за вршење на детални геолошки истражувања**
(1) Доколку при вршење на деталните геолошки истражувања, концесионерот:
- не достави согласност за земјиштето на начин и под услови утврдени во членот 11 од овој закон,
- не започне со вршење на деталните геолошки истражувања во рок од една година, сметано од денот на склучувањето на договорот за концесија,
- прекине со вршење на деталното геолошко истражување подолго од една година,
- не постапува по решение на државниот инспектор за техничка инспекција во случаите кога не се придржува на одредбите од членот 18 став (2) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон, - започне со вршење на детални геолошки истражувања пред да достави проект за детални геолошки истражувања,
- со истражните работи вади поголеми количини на минерални суровини од предвидените со проектот за вршење на деталните геолошки истражувања,
- не постапи по изречените мерки во постапката на надзор согласно со закон и
- нема да го плати надоместокот за концесија.
Владата на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, донесува одлука за едностран раскин на договорот за концесија за детални геолошки истражувања.
(2) Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија за детални геолошки истражувања се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(3) Врз основа на одлуката од ставот (1) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена го известува концесионерот за еднострано раскинување на договорот за концесија.
(4) Против одлуката од ставот (1) на овој член незадоволната странка може да поведе управен спор.
(5) Поведувањето на управниот спор од ставот (4) на овој член не го одлага извршувањето на одлуката.

**Член 23**
**Престанок на важење на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања**
(1) Концесијата за вршење на детални геолошки истражувања престанува да важи во случаи:
- на истек на рокот за периодот за кој била доделена концесијата,
- на предвремено завршување со вршење на деталните геолошки истражувања;
- на стечај или ликвидација на концесионерот и
- на едностран раскин на договорот за концесија.
(2) Во случаите на престанок на важење на концесијата од ставот (1) на овој член престануваат да важат сите дозволи, решенија и одобренија непосредно сврзани со концесијата.
(3) Во случаите на престанок на важење на концесијата за детални геолошки истражувања, Владата донесува одлука за престанок на важење на концесијата за детални геолошки истражувања.
(4) Против одлуката од ставот (3) на овој член незадоволната странка може да поведе управен спор.

**Член 24**
**Сопственост на резултати од детални геолошки истражувања**
(1) Резултатите добиени со вршење на детални геолошки истражувања дадени во елаборатот заедно со извршената стручна оцена (ревизија), се сопственост на имателот на концесијата, односно дозволата за детални геолошки истражувања.
(2) Имателот на концесијата од ставот (1) на овој член резултатите од извршените детални геолошки истражувања дадени во елаборатот заедно со извршената стручна оцена (ревизија) во рок од 120 дена, сметано од денот на истекот на периодот за кој е доделена концесијата за детални геолошки истражувања, може да го пренесе во сопственост на друго лице за што склучуваат договор кој мора да биде заверен од нотар.
(3) За извршениот пренос од ставот (2) на овој член субјектот кој ги пренел резултатите од извршените детални геолошки истражувања дадени во елаборатот заедно со извршената стручна оцена (ревизија) во рок од 15 дена, сметано од денот на склучувањето на договор за пренос, го известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(4) Во рокот од ставот (2) на овој член само еднаш и само на еден субјект може да се изврши пренесување на резултатите од извршените детални геолошки истражувања дадени во елаборатот заедно со извршената стручна оцена (ревизија).
(5) Доколку во период од 120 дена, сметано од денот на истекот на периодот за кој е доделена концесијата за вршење на детални геолошки истражувања, или сметано од денот на доставување на елаборатот од извршените детални геолошки истражувања заедно со стручна оцена (ревизија) во случај на предвремено завршување со вршење на деталните геолошки истражувања, сопственикот на резултатите добиени со вршење на деталните геолошки истражувања дадени во елаборатот заедно со извршената стручна оцена (ревизија) не поднесе барање за доделување на концесија за експлоатација, резултатите добиени со вршење на деталните геолошки истражувања дадени во елаборатот заедно со извршената стручна оцена (ревизија) преминуваат во сопственост на Република Македонија.
(6) Во случај на одземање на концесијата за експлоатација на минерални суровини, резултатите добиени со вршење на деталните геолошки истражувања дадени во елаборатот заедно со извршената стручна оцена (ревизија) преминуваат во сопственост на Република Македонија.

**Глава 3**
**ДОЗВОЛА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА**

**Член 25**
**Дозвола за детални геолошки истражувања**

(1) Заради доистражување на минералните суровини за потребите на проширување на концесијата за експлоатација на определен простор кој се граничи со просторот на кој е доделена концесијата за експлоатација на минерални суровини и е во функција на рационална и одржлива експлоатација на минералните суровини се издава дозвола за детални геолошки истражувања.
(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава за период од:
- четири години за енергетски минерални суровини,
- четири години за метални минерални суровини,
- две години за техногени минерални суровини,
- две години за неметални минерални суровини,
- две години за архитектонско-украсен камен и
- две години за минерални, термо-минерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ .
(3) Дозволата за вршење на детални геолошки истражувања од ставот (1) на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(4) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава за ист вид на минерални суровини за кои и е доделена концесијата за експлоатација.
(5) Просторот на кој се издава дозволата од ставот (1) на овој член не може да биде поголем од една третина од просторот на постојната концесија за експлоатација на минерални суровини, освен за експлоатацијата на минералните суровини од членот 4 став (2) алинеи 1 и 2 од овој закон каде што просторот за доистражување не може да биде поголем за површината на просторот на постојната концесија.
(6) Дозволата од ставот (1) на овој член може да се издава повеќекратно, имајќи го предвид просторот на кој е доделена постојната концесија за експлоатација, се до исполнување на големината на просторот од членот 38 став (2) од овој закон.
(7) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава само на лицата кои имаат веќе доделена концесија за експлоатација и им е издадена дозвола за експлоатација на минерални суровини.
(8) Доистражување на минералните суровини не се врши на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирниот кварц.

**Член 26**

**Постапка за издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања**

(1) Барањето за издавање дозвола за вршење на детални геолошки истражувања се поднесува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(2) Кон барањето за добивање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања се приложува:
- студија за оправданоста на барањето за издавање на дозволата за детални геолошки истражувања,
- студија за оценка на влијанието и режимот на минералните, термоминералните и термалните води во случај кога се работи за барање за издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања на минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$;
- топографска карта во размер 1:25.000 или 1:50.000 на која се нанесени координатите на граничните точки на локацијата за која се бара вршење на детални геолошки истражувања,
- елаборат од извршените детални геолошки истражувања за состојбата со резервите на минералните суровини заедно со извршена стручна оцена (ревизија) на просторот на кој е доделена постојната концесија за експлоатација и
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена сметано од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член со решение ќе го одбие истото, ако:
- барателот не ја приложи документацијата од ставот (2) на овој член и
- на просторот за кој е поднесено барањето за издавање на дозвола за детални геолошки истражувања е веќе доделена дозвола за детални геолошки истражувања или концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини.
(4) Против решението од ставот (3) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(5) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини не го одбие барањето за издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања, во рок од осум дена, е должен да

изврши увид на локалитетот за која е поднесено барањето за издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања за што се составува записник.
(6) На увидот присуствува и овластен претставник на подносителот на барањето за издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања проширување на концесијата, кој и го потпишува записникот од ставот (5) на овој член.
(7) По извршениот увид, во рок од 15 дена, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област.
(8) Покрај органите на државната управа од ставот (7) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена по службена должност бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барањето за издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања.
(9) Органите од ставовите (7) и (8) на овој член се должни своето мислење да го дадат во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на барањето, во спротивно ќе се смета дека е дадено позитивно мислење по предметното барање за проширување на концесијата.
(10) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена, сметано по истекот на рокот во кој органите од ставовите (7) и (8) на овој член биле должни да дадат соодветно мислење, е должен да ја издаде дозволата за вршење на детални геолошки истражувања.
(11) Доколку органите на државната управа и единицата, односно единиците на локалната самоуправа за чија територија е поднесено барањето за издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања дадат негативно мислење по однос на барањето за издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена донесува решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања.
(12) Против решението од ставот (11) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(13) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

**Член 27**
**Содржина на дозволата за вршење на детални геолошки истражувања**
Дозволата за вршење на детални геолошки истражувања содржи податоци за:
- правното лице на кое му е издадена дозволата за вршење на детални геолошки истражувања,
- минералните суровини што се предмет на деталното геолошко истражување,
- целите и начинот на вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини,
- видот и обемот на истражните работи што треба да се извршат,
- просторот за вршење на детални геолошки истражувања со одредени координати,
- периодот за кој е доделена дозволата,
- рокот за започнување на истражните работи,
- рокот за известување во случај на откривање на нов вид на минерални суровини, освен за оние што не се опфатени со проектот за вршење на детални геолошки истражувања,
- рокот за поднесување на извештај за извршените детални геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини,
- надоместокот за вршење на деталните геолошки истражувања,
- обврската и начинот за уредување на просторот за истражување за време и по завршувањето на деталните геолошки истражувања на минералните суровини,
- условите за продолжување и престанување на дозволата за вршење на детални геолошки истражувања и
- други податоци.

**Член 28**

**Обврски на имателот на дозволата за вршење на детални геолошки истражувања**

(1) Имателот на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања при вршењето на детални геолошки истражувања е должен:

- да обезбеди согласност за земјиштето на начин и под услови утврдени во членот 11 од овој закон,
- работите да ги изведува согласно со проектот за вршење на детални геолошки истражувања, стандардите и техничките нормативи со кои е регулирано изведувањето на такви работи,
- во рок од 15 дена пред започнувањето на деталните геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, а најдоцна во рок од 90 дена, сметано од денот на издавањето на дозволата за детални геолошки истражувања, да достави проект за вршење на детални геолошки истражувања,
- да ги спроведува мерките за заштита при работа согласно со овој или со друг закон,
- навремено да презема мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти,
- на свој товар да спроведува мерки за заштита на животната средина и рекултивација на земјиштето,
- до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, најмалку еднаш годишно, да доставува извештај за извршените детални геолошки истражувања согласно со динамиката утврдена во дозволата за вршење на детални геолошки истражувања и
- во рок од 120 дена по завршувањето на деталните геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини да достави елаборат од извршените детални геолошки истражувања заедно со стручна оцена (ревизија).

(2) Имателот на дозвола е должен на просторот за вршење на деталните геолошки истражувања да има:

- дозвола за вршење на детални геолошки истражувања,
- проект за вршење на детални геолошки истражувања,
- книга во која се водат извршените истражни работи за деталните геолошки истражувања и
- решение за поставување на овластено лице кое поседува лиценца за изведување на работите при вршење на детални геолошки истражувања.

**Член 29**

**Одземање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања**

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини со решение ќе ја одземе дозволата за вршење на деталните геолошки истражувања, освен во случај на виша сила, ако:

- имателот на дозволата за вршење на детални геолошки истражувања не се придржува на одредбите од членот 28 став (1) од овој закон,
- имателот на дозволата за вршење на деталните геолошки истражувања не започне со вршење на деталните геолошки истражувања во рок од 90 дена, сметано од денот на добивањето на дозволата,
- вршењето на деталното геолошко истражување било прекинато подолго од шест месеци, имателот на дозволата за вршење на деталните геолошки истражувања не постапува по решение на државниот инспектор за техничка инспекција во случаите кога имателот на дозволата не се придржува на одредбите од членот 28 став (1) од овој закон и
- со истражните работи вади поголеми количини на минерални суровини од предвидените во дозволата за вршење на деталните геолошки истражувања.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 29-а**

(1) Концесијата за експлоатација може да се прошири заради:

- зголемување на рудните резерви и продолжување на периодот на експлоатацијата и
- зголемување на инфраструктурните капацитети кои се во функција на рационалната експлоатација (пристапни патишта, електрични инсталации и уреди, објекти, згради за луѓе и опрема, одлагалишта, хидројаловишта, таложно езеро, инсталации за јаловински отпад и слично).

(2) Барањето за проширување на концесијата за експлоатација го поднесува концесионерот до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини најдоцна во рок од 120 дена, сметано од денот на истекот на рокот на важноста на дозволата за детални геолошки истражувања.
(3) Во случај на предвремено завршување со деталните геолошки истражувања, барањето за проширување на концесијата за експлоатација од ставот (1) на овој член се поднесува најдоцна во рок од 120 дена сметано од денот на доставувањето на елаборатот од извршените детални геолошки истражувања заедно со стручна оцена (ревизија).
(4) Периодот за кој се врши проширувањето на концесијата за експлоатација не може да биде подолг од периодот за кој е доделена концесијата за експлоатација.
(5) Кон барањето за проширување на концесијата за експлоатација, концесионерот приложува:
- образложение на потребата од проширување на концесијата заедно со топографска карта во размер 1:25.000 или 1:50.000 на која е вцртан просторот на кој се бара проширување на концесијата за експлоатација,
- елаборат од извршените детални геолошки истражувања заедно со стручна оцена (ревизија) и
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарски индикации за просторот на кој се бара проширување на концесијата за експлоатација, изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности.
(6) За проширување на концесијата за експлоатација по основ на ставот (1) алинеја 2 на овој член, концесионерот е должен да достави елаборат од извршените детални геолошки истражувања заедно со стручна оцена (ревизија) со кој се докажува дека на просторот на кој се бара проширувањето нема рудни резерви.
(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена сметано од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член со решение ќе го одбие истото, ако:
- барателот не ја приложи документацијата од ставот (5) на овој член и
- на просторот за кој е поднесено барањето за проширување на концесијата е веќе доделена дозвола за детални геолошки истражувања или концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини.
(8) Против решението од ставот (7) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(9) Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација ја донесува Владата.
(10) Одлуката за проширување на концесијата се објавува во "Службен весник на Република Македонија".
(11) По објавувањето на одлуката од ставот (9) на овој член, концедентот и концесионерот склучуваат анекс кон постојниот договор за концесија за експлоатација, во рок од 15 дена сметано од денот на влегувањето во сила на одлуката за проширување на концесија за експлоатација.
(12) Анексот на договорот од ставот (11) на овој член во име на концедентот го склучува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(13) Анексот на договорот за концесија особено содржи одредби за површината на концесијата, како и други услови утврдени со одлуката за проширување на концесијата за експлоатација.
(14) Анексот на договорот или одделни негови одредби кои се во спротивност со овој и друг закон, се ништовни и не произведуваат правно дејство.
(15) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

**Член 29-б**
**Постапка за намалување на концесија за експлоатација**
(1) Концесијата за експлоатација може да се намали заради вршење на работи од јавен интерес.
(2) Барањето за намалување на концесијата за експлоатација го поднесува носителот на одобрението за вршење на работите од јавен интерес до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(3) Кон барањето за намалување на концесијата за експлоатација се приложува:
- образложение на потребата од намалување на концесијата,
- топографска карта во размер 1:25 000 или 1:50 000 на која е вцртан просторот на кој се бара намалување на концесијата за експлоатација и
- соодветен акт со кој барателот е овластен за вршење на работи од јавен интерес, издаден од надлежен орган.

(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена сметано од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член со решение ќе го одбие истото, ако:
- барателот не ја приложи документацијата од ставот (3) на овој член;
- просторот за кој е поднесено барањето за намалување на концесијата не навлегува во просторот кој е предмет на актот од ставот (3) алинеја 3 од овој член, и
- на просторот за кој се бара намалување на концесијата е издадена дозвола за експлоатација.
(5) Против решението од ставот (4) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(6) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член до концедентот доставува предлог одлука за намалување на концесијата за експлоатација на минерални суровини.
(7) Одлука за намалување на концесијата за експлоатација ја донесува Владата. 31
(8) По објавувањето на одлуката од став (7) на овој член, концедентот и концесионерот склучуваат анекс кон постојниот договор за концесија за експлоатација, во рок од 15 дена сметано од денот на влегувањето во сила на одлуката од ставот (7) на овој член.
(9) Анексот на договорот од ставот (8) на овој член во име на концедентот го склучува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(10) Анексот на договорот за концесија од ставот (8) на овој член особено содржи одредби за површината на концесијата, како и други услови утврдени со одлуката за намалување на концесијата за експлоатација.
(11) Анексот на договорот или одделни негови одредби кои се во спротивност со овој и друг закон, се ништовни и не произведуваат правно дејство
(12) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

## Глава 4
## ИЗРАБОТКА НА ГЕОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ИЗВЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

### Член 30
### Геолошка документација за вршење на основни геолошки истражувања
(1) Геолошката документација за вршење на основни геолошки истражувања се состои од:
- проект за вршење на основни геолошки истражувања;
- елаборат за основни геолошки истражувања;
- геолошки карти со толкувачи на истите и
- студија за геолошки истражувања.
(2) Документацијата од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член подлежи на стручна оцена (ревизија).
(3) Содржината и начинот на изработка на геолошката документација ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(4) Геолошките карти со толкувачи на истите се изработуваат врз основа на посебните упатства за изработка на геолошки карти.
(5) Содржината и начинот на изработка на посебните упатства од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

### Член 30-а
### Геолошка документација за вршење на проспекциски геолошки истражувања
(1) Геолошката документација на проспекциски геолошки истражувања се состои од:
- проект за вршење на проспекциски геолошки истражувања и
- елаборат за извршените проспекциски геолошки истражувања.

(2) Документацијата од ставот (1) на овој член ја ревидира Геолошкиот завод во рок од 30 дена од денот на нивното доставување за ревидирање.
(3) Содржината и начинот на изработката на геолошката документација од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 31**
**Геолошка документација за вршење на детални геолошки истражувања**
(1) Геолошка документација за вршење на детални геолошки истражувања, во смисла на овој закон, е:
- проект за вршење на детални геолошки истражувања,
- студија за оцена на влијанието и режимот на минералните, термоминералните и термалните води во случај кога се работи за иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$,
- елаборат со пресметка на потребни количини на минерални суровини
- елаборат за извршените детални геолошки истражувања и
- елаборат за прекатегоризација на рудните резерви.
(2) Геолошката документација од ставот (1) алинеи 1, 4 и 5 на овој член подлежи на стручна оцена (ревизија)
(3) Содржината и начинот на изработка на геолошката документација од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(4) Концесионерот при вршењето на деталните геолошки истражувања може да врши ископување на минерални суровини само во одредена количина.
(5) Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини ги утврдува максималните количини на минералните суровини кои се предмет на деталните геолошки истражувања.

**Член 32**
**Субјекти за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања**
(1) Изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања можат да вршат правни лица кои се запишани во Централниот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија и кои поседуваат овластување за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања.
(2) За добивање на овластувањето од ставот (1) на овој член правните лица, кои се запишани во Централниот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, мора да имаат вработено најмалку едно лице во редовен работен однос и кое поседува лиценца за изработка на геолошка документација.
(3) Овластувањето од ставот (1) на овој член го издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(4) За издавање на овластувањето од ставот (1) на овој член се плаќа надоместок во висина на стварно направените трошоци потребни за негово издавање.
(5) Доколку кај субјектите од ставот (2) на овој член, по издавање на овластувањето за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања се утврди дека не ги исполнуваат условите за издавање на овластувањето, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини донесува решение за престанок на важење на овластувањето за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања.
(6) Лицето кое врши изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања мора да поседува лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања и да е во редовен работен однос.

(7) За добивање на лиценцата од ставот (6) на овој член лицето мора да има работен стаж од најмалку три години во областа на изработката на геолошката документација, изведувањето и надзорот на геолошките истражувања и да има положен стручен испит.
(8) За издавање на овластувањето од ставот (1) на овој член правното лице приложува:
- извод од Централниот регистар на Република Македонија,
- доказ дека носителите на лиценците од ставот (2) на овој член се во редовен работен однос кај барателот на овластувањето, и
- заверен препис од лиценците за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања на лицата од ставот (2) на овој член.
(9) Службеното лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини кое ја води постапката по службена должност го прибавува доказот од ставот (8) алинеја 1 на овој член во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.
(10) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (8) алинеја 1 на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(11) Формата и содржината на образецот на овластувањето за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(12) Поблиските услови и начинот на добивање и одземање на овластувањето и лиценцата за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања, како и висината на надоместоците за издавање на овластувањето и лиценцата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(13) За минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања и ревизија на геолошката документација пропишана со овој закон, може да врши и странско правно лице, доколку добие потврда за вршење на наведените работи од органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини. За добивање на потврда правното лице од држава која е членка на Европската унија треба да достави барање и докази со кои се потврдува дека лицето е регистрирано за вршење на соодветната дејност во земјата во која има седиште и дека има дозвола, односно лиценца за вршење на соодветните работи за кои бара потврда. Доколку во државата не се издава дозвола, односно лиценца, странско правно лице од држава членка на Европската унија е должно со барањето да достави доказ од надлежниот орган во таа држава дека согласно со нејзините прописи за вршење на соодветните работи не се издава дозвола, односно лиценца и доказ со кои се потврдува дека лицето е регистрирано за вршење на соодветната дејност во земјата во која има седиште. Врз основа на доставените докази, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини ќе издаде потврда кои работи, согласно со овој закон, странското правното лице може да ги врши во Република Македонија.
(14) Странско физичко лице кое има овластување од држава членка на Европската Унија може да врши работи на изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања и ревизија на геолошката документација во Република Македонија само за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон, доколку овластувањето е потврдено од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(15) Странско физичко лице може да ги врши работите од ставот (11) на овој член во правно лице регистрирано во Централниот регистар за вршење на тие работи само за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон.
(16) Странските физички и правни лица за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања и ревизија на геолошката документација за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон се должни да имаат осигурување за одговорност за штета во осигурителна компанија во Република Македонија, која би можела со нивната работа да им се предизвика на концесионерот или на трети лица.

**Член 32-а**
**Услови за полагање на стручен испит за добивање на лиценца**

(1) Стручниот испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања (во натамошниот текст: стручен испит) се полага заради проверка на потребното стручно знаење од соодветната област.
(2) Стручен испит може да полага лице кое ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- да е дипломиран инженер по геологија (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)),
- со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната и
- да има најмалку три години работно искуство во областа на изработка на геолошка документација.

**Член 32-б**
**Начин на спроведување на испитот**
(1) Стручниот испит се состои од два дела, и тоа:
- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.
(2) Првиот дел од стручниот испит од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(3) Вториот дел на испитот се состои од:
- практичен пример и
- прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

**Член 32-в**
**Програма за полагање на испит**
(1) Испитот се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.
(2) Програмата за полагање на испитот од соодветната област ја донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 32-г**
**Комисија за верификација на базите на прашања**
(1) Базите на прашања за првиот дел на испитот од членот 32-б од овој закон ги изготвуваат професори од областа на геолошките истражувања и рударството и лица на кои им е издадена лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања и лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството и имаат најмалку десет години работно искуство во соодветната област, определени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(2) Прашањата од првиот дел од испитот ги верификува Комисија составена од:
- двајца претставници од Министерството за економија, назначени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини,
- еден претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, - еден претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,
- еден претставник од Геолошкиот завод и
- двајца претставници од редот на стручни и научни работници, назначен од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член го спроведува вториот дел од испитот и врши ревизија и ажурирање на базите на прашања од членот 32-б од овој закон најмалку два пати годишно.

(4) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базите од членот 32-б од овој закон.
(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања, Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата да бидат отстранети и заменети со нови или целосно отстранети од базите од ставот (1) на овој член.
(6) Професорите и лицата од ставот (1) на овој член, како и членовите на Комисијата за верификација од ставот (2) на овој член, имаат право на паричен надоместок што го определелува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, како и сложеноста на материјата.
(8) Годишниот износ на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува нивото на три просечни месечни плати исплатени во Република Македонија за претходната година објавени од Државниот завод за статистика.

**Член 32-д**
**Надлежност и субјекти за спроведување на испитот**
(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши Министерството за економија за што министерот за економија определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(2) На одговорното лице од ставот (1) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение.

**Член 32-ѓ**
**Период на спроведување на испитот**
Стручниот испит за добивање на лиценца се спроведува најмалку два пати годишно.

**Член 32-е**
**Барање за полагање на испит**
(1) Барањето за полагање на испит кандидатот го поднесува до Министерството за економија.
(2) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит од членот 32-а од овој закон.
(3) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

**Член 32-ж**
**Одбивање на барањето за полагање на испитот**
(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини или од него овластено лице, утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.
(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

**Член 32-з**
**Постапка по одобрувањето на барањето за полагање на испитот**
(1) На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

**Член 32-ѕ**
**Време и место за полагање на испитот**
(1) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.
(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за економија и Јавниот радиодифузен сервис.
(3) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за економија, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за економија.
(4) Правното лице кое го спроведува стручниот испит треба да ги исполнува просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит кои услови поблиску ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(5) Во просторијата за полагање на испитот, за време на полагање на испитот се присутни двајца претставници од Министерството за економија, еден претставник од Министерството за образование и наука, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата и еден претставник од Министерството за информатичко општетсво и администрација (информатичар).
(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение.
(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.
(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.
(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена, и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.
(10) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за економија најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

**Член 32-и**
**Спроведување на испитот**
(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит претставник од Министерството за економија го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.
(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.
(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.
(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица, освен со информатичарите од членот 32-ѕ став (5) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.
(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а дококу не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин и му се изрекува забрана за полагање на стручниот испит во траење од три години, за што Министерството за економија донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.
(9) Овластените претставници од членот 32-ѕ став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

**Член 32-ј**
**Постапка при прекин и продолжување на полагање на испитот**
(1) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство и слично), ќе се прекине испитот за определено време кое не може да биде подолго од шест месеци.
(2) Решение за продолжување на испитот донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.
(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.
(4) Против решението на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини од ставот (5) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

**III. Прв и втор дел од стручниот испит и електронски систем**
**Член 32-к**
**Содржина на испитот и начин на бодирање**
(1) Стручниот испит започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практичен пример).
(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини го пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот.

**Член 32-л**
**Прв дел од испитот**
(1) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 50 прашања со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични, една не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).
(2) Услов за полагање на вториот дел од испитот е канditатот да го положи првиот дел од испитот.
(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

**Член 32-љ**
**Втор дел од испитот**
(1) Вториот дел од испитот се состои од практичен пример - изработка на стручен труд – геолошка документација, односно рударски проект од соодветна област.
(2) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот ќе се смета дека испитот не го положил.

**Член 32-м**
**Единствен електронски систем за полагање на стручниот испит**

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.
(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит се врши со усно образложение - одбрана на изработениот стручен труд од соодветна област во вид на прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на стручниот труд.
(4) Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.
(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.
(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 100 прашања за секоја област.
(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и прописите за вториот дел од испитот.
(8) Бројот на прашања во базите од ставот (6) на овој член се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2015 година.
(9) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот веднаш по неговото завршување.

**Член 32-н**
**Електронски тест**
(1) На денот на полагањето на првиот дел од испитот претставник на Министерството за економија му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 32-м од овој закон.
(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот со прашања кои се, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 32-м став (5) од овој закон од базите од членот 32-м став (5) од овој закон.
(3) Првиот и вториот дел од испитот содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на Министерството за економија дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.
(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

**Член 32-њ**
**Техничка неможност на функционирање на електронскиот систем за време на спроведување на испитот**
(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 32-м став (5) од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.
(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.
(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (4) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

**Член 32-о**
**Времетраење на првиот дел од испитот**
(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.
(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

**Член 32-п**
**Времетраење на вториот дел од испитот**

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од секоја од практичниот пример од вториот дел изнесува 120 минути.
(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

**IV. Лиценца, ревизија на спроведените испити и трошоци**
**Член 32-р**
**Лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања**
(1) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава лиценца во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.
(2) Формата и содржината на лиценцата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 32-с**
**Информирање за направените грешки во тестот за полагање на испитот**
На барање на кандидатот Министерството за економија го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит со овозможување непосреден увид во тестот.

**Член 32-т**
**Ревизија на спроведените испити**
(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.
(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за економија.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини формира Комисија за ревизија на одржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член и во која, покрај другите членови членуваат и претставник од Владата на Република Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.
(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 32-а од овој закон, за што доставува извештај до министерот за економија.
(5) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение.
(6) Доколку Комисијата утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 32-и став (5) од овој закон, предлага одземање на лиценцата од членот 32-р од овој закон.
(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини донесува решение за одземање на лиценцата од членот 32-р од овој закон врз основа на предлогот на Комисијата во рок од три дена од приемот на предлогот.
(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

**Член 32-ќ**
**Трошоци за полагање на испитот**
(1) Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот доколку институцијата каде што е вработен не ги плати.
(2) Висината на трошоците од ставот (1) на овој член ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на овластувања и лиценци.

(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за економија.
(4) Ако трошоците за полагање на испитот не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за економија, најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот, на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.
(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

**Член 32-у**
**Регистар на издадени овластувања и лиценци**
(1) Издадените овластувања и лиценци кои престанале да важат, како и одземените овластувања и лиценци се евидентираат во Регистар на издадени овластувања и лиценци кој го води Министерството за економија.
(2) Регистарот од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата и на огласната табла на Министерството за економија.
(3) Формата и содржината на Регистарот на издадени овластувања и лиценци и начинот на неговото водење ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 33**
**Посебни услови за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања**
(1) Изработката на геолошката документација, изведувањето и надзорот на геолошки истражувања се врши согласно со геолошката документација, техничките прописи, како и според прописите за заштита, безбедност и здравје, како и согласно со прописите за заштита на животната средина.
(2) Изведување на геолошки истражувања не може да врши лице кое учествувало во изработка на геолошката документација врз основа на која се изведуваат геолошките истражувања.
(3) Надзор над изведувањето на геолошките истражувања не може да врши лице кое ги изведува или учествува во изведувањето на геолошките истражувања.

**Член 34**
**Стручна оцена (ревизија) на геолошка документација**
(1) Заради проверка и контрола во поглед на пропишаните мерки, стандарди и технички нормативи за заштита при работа, сигурноста на луѓето, на подземните, површинските и соседните објекти и заштитата на животната средина, како и во поглед на примената на современите достигнувања и методи во геологијата и другите научни и технички дисциплини над изработената геолошка документација се врши стручна оцена (ревизија).
(2) Геолошката документација од членовите 30 и 31 од овој закон подлежи на стручна оцена (ревизија).
(3) Стручната оцена (ревизија) на геолошката документација од ставот (1) на овој член ја врши Комисија за ревизија која ја формира Геолошкиот завод.
(4) За членови на комисијата од ставот (3) на овој член може да бидат именувани лица кои поседуваат лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања или странски физички лица на кои им е издадена потврда согласно со членот 32 став (11) од овој закон само за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон.
(5) Комисијата од ставот (3) на овој член се состои од претседател, најмалку двајца членови и секретар. Претседателот и членовите на Комисијата треба да поседуваат лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања. На претседателот и членовите кои се од редовите на надворешните членови - експерти и кои не се вработени во органите на државната управа за секоја извршена стручна оцена (ревизија) им следува надоместок, кој е на товар на подносителот на барањето за вршење на стручната оцена (ревизија).
(6) Надоместокот од ставот (5) на овој член е приход на Буџетот на Република Македонија.
(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, пропишува Тарифник со кој се утврдува висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти врз основа на реално направените трошоци, потребни за работењето на Комисијата од ставот (3) на овој член.

(8) Барање за вршење на стручната оцена (ревизија) поднесува имателот на концесијата за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини.
(9) Начинот на работа на комисијата од ставот (3) на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(10) Извршената стручна оцена (ревизија) од страна на комисија формирана од страна на концесионерот за минерални суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон ја одобрува комисија која ја формира Геолошкиот завод.
(11) Формата и содржината на барањето од ставот (8) на овој член ги пропишува директорот на Геолошкиот завод.

**Член 35**
**Ревизиски извештај и ревизиска клаузула**
(1) За извршената стручна оцена (ревизија) комисијата од членот 34 став (3) од овој закон издава ревизиска клаузула и изготвува ревизиски извештај со кој потврдува дека геолошката документација е изработена согласно со овој или со друг закон.
(2) Ревизиската клаузула и ревизискиот извештај го потпишуваат Претседателот и членовите на комисијата.
(3) Начинот на вршење на стручната оцена (ревизија) на геолошката документација ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(4) Ако стручната оцена (ревизија) на одделни делови од проектот ја извршиле повеќе лица во ревизиската клаузула мора да биде наведено одделно кое лице над кој дел од геолошката докуметација ја извршиле стручната оцена (ревизија).

**ДЕЛ III**
**ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**

**Глава 1**
**КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**

**Член 36**
**Концесија за експлоатација на минерални суровини**
(1) Право за вршење на експлоатација на минерални суровини се стекнува со добивање на концесија за експлоатација на минерални суровини.
(2) Концесија за експлоатација на минерални суровини доделува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: концедент).
(3) Право за добивање на концесија за експлоатација има секое правно лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, а кои ги исполнуваат условите пропишани со овој или со друг закон.
(4) Концесија за експлоатација на минерални суровини не може да добие ниту пак може да му биде пренесена во период од пет години во случај кога на правното лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија на кое претходно му била одземена концесија за вршење на детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини, како и правно лице кое е поврзано со тоа правно лице. Како поврзано се сметаат случаите кога правните лица се во меѓусебни блиски врски и си остваруваат меѓусебна контрола на начин и под услови утврдени со Законот за банките.
(5) Концесија за експлоатација на минерални суровини не може да се додели за постапки со лужење или флотација на металични минерални суровини со цијаниди или со сулфурна киселина во рудници со отворен коп. Исклучок се концесиите за експлоатација на металични минерални суровини на веќе постојните рудници.

**Член 37**
**Предмет на доделување на концесија**
(1) Со концесијата концедентот на концесионерот му ги доделува минералните суровини кои се во сопственост на концедентот заради нивна експлоатација на определен простор на определен временски период на сметка и ризик на концесионерот.
(2) Предметот на концесијата за експлоатација не смее да се даде под закуп.

(3) Концесионерот во рок од 15 дена пред започнувањето со експлоатација до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот инспекторат за животна средина е должен писмено да извести за започнувањето со експлоатацијата и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини да ја достави финансиската гаранција од членот 96 од овој закон.

**Член 38**

**Простор за експлоатација на минерални суровини**

(1) Концесија за експлоатација на минерални суровини се доделува на определен простор дефиниран со координати нанесени на топографската карта во размер 1:25.000 или 1:50.000, а кој е определен врз основа на елаборатот за извршените детални геолошки истражувања зголемен за просторот потребен за поставување на рударските објекти и рудничката инфраструктура.
(2) Просторот на концесијата за експлоатација од ставот (1) на овој член може да изнесува до:
- 30 км $^{2}$ за енергетски минерални суровини суровини,
- 30 км $^{2}$ за метални минерални суровини,
- 30 км $^{2}$ техногени минерални суровини, - 2 км $^{2}$ за неметални минерални суровини,
- 5 км $^{2}$ за архитектонско-украсен камен,
- 2 км $^{2}$ за минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ и
- 0,10 км2 за песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц.
(3) Концесијата за еклпоатација на енеретските, метални и техногени минерални суровини се доделува на земјиште кое е во сопственост на Република Македонија, и/или на земјиште во сопственост на правни и физички лица за кое барателот за доделување на концесија за експлоатација поведува постапка за експропријација под услови и на начин утврдени со Законот за експропријација.
(4) Концесијата за еклпоатација на неметални минерални суровини, архитектонско-украсен камен, и минерални, термоминерални и термални води се доделува на земјиште кое е во сопственост на Република Македонија и/или на земјиште во сопственост на правни и физички лица.
(5) Концесијата за еклпоатација на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) собирен кварц, се доделува на земјиште кое е во сопственост на Република Македонија, и/или на земјиште во сопственост на барателот на концесијата за експлоатација.
(6) За земјиштето кое е во сопственост на Република Македонија на кое е доделена концесија за еклпоатација, концесионерот е должен да поднесе барање за прибележување на право на користење во катастарот на недвижности.
(7) Експлоатација на минерални суровини се врши на определен простор (во натамошниот текст: експлоатационо поле), дефиниран со главниот или дополнителниот рударски проект за експлоатација на минерални суровини.
(8) Доколку низ концесискиот простор поминуваат инфраструктурни објекти (пат, далновод и друго), концесионерот не смее да ги уништува и загрозува истите и е должен да го овозможи нивното користење од страна на други лица.
(9) Рударските објекти и рудничката инфраструктура од ставот (1) на овој член се поставуваат на простор каде што резултатите од геолошките истражувања се негативни, а како доказ пред нивно ставање во функција, концесионерот доставува елаборат за извршените геолошки истражувања.

**Член 39**

**Период на важност на концесијата**

(1) Концесијата за експлоатација на минерални суровини се доделува за период до 30 години, а во зависност од утврдените рудни резерви на минерални суровини дадени во елаборатот од извршените геолошки истражувања, со можност за продолжување за период од 30 години.
(2) За продолжување на периодот на кој е доделена концесијата за експлоатација, концесионерот е должен да поднесе барање за продолжување на концесијата во рок од шест месеци пред истекот на рокот за кој е доделена постојната концесија за експлоатција.
(3) Кон барањето од ставот (2) на овој член концесионерот треба да приложи студија за оправданост на концесијата и елаборат од извршените детални геолошки истражувања за состојбата со резервите на минералните суровини заедно со извршена стручна оцена (ревизија) на просторот на кој е доделена постојната концесија за експлоатација.

(4) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(5) По доставување на барањето од ставот (2) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена врши увид на самото место и составува записник од извршениот увид.
(6) На увидот од ставот (4) на овој член присуствува и лице овластено од барателот кој го потпишува записникот.
(7) Доколку барателот не ја приложи документацијата од ставот (3) на овој член или врз основа на извршениот увид на самото место и оцената на студијата за оправданост на концесијата и елаборатот од извршените детални геолошки истражувања за состојбата со резервите на минералните суровини заедно со извршена стручна оцена (ревизија) на просторот на кој е доделена постојната концесија за експлоатација, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини ќе утврди дека не постојат услови за продолжување на концесијата, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини донесува решение за одбивање на барањето за продолжување на концесијата за експлоатација.
(8) Против решението од ставот (6) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(9) Доколку врз основа на извршениот увид на самото место, оцената на студијата за оправданост на концесијата и елаборатот од извршените детални геолошки истражувања за состојбата со резервите на минералните суровини заедно со извршена стручна оцена (ревизија) на просторот на кој е доделена постојната концесија за експлоатација, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини ќе утврди дека постојат услови за продолжување на концесијата, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини е должен во рок од 15 дена до Владата да достави предлог за продолжување на концесијата за експлоатација.
(10) Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација се објавува во "Службен весник на Република Македонија".
(11) По влегувањето во сила на одлуката од ставот (9) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини и концесионерот склучуваат анекс кон постојниот договор за концесија за експлоатација.
(12) За минералните суровини песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц, концесијата за експлоатација се доделува за период до десет години, без можност за продолжување.

**Член 40**
**Начини за доделување на концесија**
Концесијата за експлоатација на минерални суровини се доделува врз основа на јавен повик и врз основа на барање под услови утврдени со овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
(2) Во случај кога барањето за добивање на концесија за експлоатација го поднесуваат јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од Република Македонија и друштвата врз кои државата има директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно ако поседува поголем дел од капиталот на друштвото, има мнозинство гласови на акционерите/содружниците и доколку именува повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото, другите правни лица кои вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања, концесијата за експлоатација им се доделува врз основа на барање, без спроведување на постапка за доделување на концесија по пат на јавен повик.
(3) Постапката за доделување на концесијата за експлоатација од ставот (2) на овој член ќе се спроведе согласно со членот 42 од овој закон.

**Член 40-а**
**Доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини за потребите за изградба на државни патишта**
(1) По исклучок од членот 40 од овој закон, концесија за експлоатација на минералните суровини од членот 4 став (2) алинеи 4 и 7 од овој закон може да се доделува за потребите за изградба на државни патишта.

(2) Барањето за доделување на концесија за експлоатација го поднесува носителот на одобрението за градба на државниот пат до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(3) Кон барањето за добивање концесија од ставот (1) на овој член се приложува:
- одобрение за градба на објектот, издадено од надлежен орган,
- елаборат со пресметка на потребни количини на минерални суровини кои се предмет на барањето за добивање на одобрението од ставот (1) на овој член, заедно со стручна оцена (ревизија) на истиот,
- топографска карта во размер 1:25000 на која се нанесени координатите на граничните точки на локацијата за која се бара одобрението од ставот (1) на овој член и
- план за рекултивација на просторот по завршувањето на експлоатацијата на минералните суровини.
(4) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(5) Службеното лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини кое ја води постапката по службена должност го прибавува доказот од ставот (3) алинеја 1 на овој член во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.
(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (3) алинеја 1 на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(7) Периодот за кој се доделува концесијата од ставот (1) на овој член не може да надминува три месеци од крајниот рок утврден во одобрението за градба на државниот пат.
(8) Концесионерот не смее да врши промет со минералните суровини од концесијата од ставот (1) на овој член.
(9) За вршењето на експлоатацијата на минералните суровини од концесијата од ставот (1) на овој член се плаќа надоместок согласно членовите 74, 75 и 76 од овој закон.
(10) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини е должен во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за добивање концесија од ставот (1) на овој член до Владата да достави предлог одлука за доделување на концесија за експлоатација.
(11) По склучување на договорот за концесија за експлоатација од ставот (1) на овој член, концесионерот не е должен да поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација согласно членот 55 од овој закон и може да отпочне со експлоатација на минералните суровини веднаш по склучувањето на договорот за концесија.
(12) Одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на државни патишта ја донесува Владата.

**Член 41**
**Доделување на концесија за екплоатација по пат на јавен повик**
(1) Концесија за експлоатација на минерални суровини се доделува врз основа на јавен повик со електронска аукција согласно овој закон и со Законот за концесии и јавно приватно партнерство во случаи кога:
- сопственик на резултатите од извршените детални геолошки истражувања е Република Македонија
- на определениот простор престанала да важи концесијата за експлоатација, а кога на просторот се преостанати доволно рудни експлоатабилни резерви на минерални суровини кои се утврдени од страна на концедентот и
- утврден е вишок на неексплоатирани количини на термоминерални и термални води од експлоатациони објекти/бунари на простор на кој веќе е доделена концесија за експлоатација на термоминерални и термални води, освен во случај кога термоминералните и термалните води се користат за полнење на водата во шишиња за комерцијални потреби.
(2) Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини од ставот (1) на овој член, поведува органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област.

(4) Покрај органите на државната управа од ставот (3) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини по службена должност бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесена иницијативата за вршење на експлоатација.
(5) Органите од ставовите (3) и (4) на овој член се должни своето мислење да го дадат во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на барањето.
(6) Доколку органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област нема да дадат мислење во рокот определен во ставот (5) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини е должен во рок од пет дена, сметано од истекот на рокот утврден во ставот (5) на овој член да ја информира Владата.
(7) Во случајот од ставот (6) на овој член Владата ќе го задолжи органот на државаната управа надлежен за работите од соодветната област во рок три дена да доставии соодветно мислење.
(8) Доколку и по истекот на определениот рок од ставот (7) на овој член не се достави соодветно мислење се смета дека е дадено позитивно мислење по однос на доставеното барање за давање на мислење.
(9) По добивање на мислењата на органите од ставовите (3) и (4) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини до Владата доставува предлог за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација.
(10) По разгледување на предлогот од ставот (9) на овој член Владата донесува одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини.
(11) По разгледување на предлогот од ставот (6) на овој член Владата донесува одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини.
(12) Во случајот од ставот (1) алинеја 2 на овој член преостанатите евентуално експлоатабилни рудни резерви на минерални суровини ги утврдува концедентот.
(13) Вишокот на неексплоатирани количини на термоминерални и термални води од експлоатациони објекти/бунари на простор на кој веќе е доделена концесија за експлоатација на термоминерални и термални води го утврдува концедентот со одлука.
(14) Постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини (во натамошниот текст: Комисијата), согласно со одредбите од овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.
(15) Јавниот повик од ставот (1) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија", во еден дневен весник кој се издава на македонски јазик, во еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на системот е-концесии на Министерството за економија.
(16) Секое домашно или странско правно лице има право да се регистрира на системот е-концесии на Министерството за економија. Со регистрацијата се добива лозинка, со која се пристапува во системот е-концесии на Министерството за економија. Тендерската документација може да се преземе електронски по регистрација на системот.
(17) Во постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини Комисијата врши целосна евалуација на способноста на понудувачите и на првичните доставени понуди.
(18) Способноста на понудувачите од ставот (6) на овој член, пред сé, се докажува со следниве документи:
- документ за регистрирана дејност,
- изјава на понудувачот дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари,
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган,
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган,
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење на одделна дејност,
- потврда за платени даноци и придонеси,
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена казна за кривично дело и
- позитивни финансиски извештаи, најмалку за последната година. Доколку правното лице е регистрирано во период пократок од овој, финансиските извештаи се доставуваат за периодот од регистрацијата.

(19) Документите од ставот (7) на овој член детално ќе бидат образложени во тендерската документација.
(20) Врз основа на извршената евалуација Комисијата електронски ги известува сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди да учествуваат на електронска аукција како завршна фаза пред доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини.
(21) Почетната цена и основа за наддавање во електронската аукција е највисокиот понуден концесиски надоместокот од страна на понудувачите кои поднеле прифатливи понуди во спроведената постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини.
(22) Електронска аукција е повторлив процес на позитивно наддавање кој се реализира по првична целосна евалуација на понудите во кои подобните понудувачи имаат можност, исклучиво со користење на електронски средства, да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства.
(23) На подносителите на понудите кои се комплетни во јавното отворање од јавниот повик Комисијата им доставува покана за учество на електронската аукција за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини, а на подносителите на понудите кои не доставиле комплетна документација им доставува електронско известување дека нема да учествуваат на електронската аукција.
(24) Електронската аукција ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во јавниот повик и тендерската документација и неговата понуда ќе се смета за највисока понуда на електронската аукција.
(25) Електронската аукција започнува со објавување на почетната цена и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. За успешно спроведена постапка на јавно наддавање е потребно да има најмалку една понуда. Јавното наддавање не може да трае пократко од 15 минути.
(26) Висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста по концесија за експлоатација на минерални суровини изнесува од 1 до 10 проценти од почетната цена.
(27) Електронската аукција се смета за завршена во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните три минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште три минути, а ќе заврши кога за период од следните три минути нема нова дадена понуда.
(28) Електронската аукција продолжува неограничено се додека во временски интервал од три минути има нова понуда.
(29) За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена и која претставува највисока цена за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини.
(30) Комисијата по завршувањето на јавната аукција изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој е составен дел од писмениот извештајот за евалуација со предлог за избор на најповолна понуда. Извештајот се доставува до концедентот.
(31) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини управува и оперира со електронскиот систем за електронска аукција за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини.

**Член 42**
**Доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини по барање од заинтересирано лице**
(1) Концесија за експлоатација на минерални суровини се доделува врз основа на барање од сопственикот на резултатите од извршените детални геолошки истражувања.
(2) Во случај кога барањето за доделување на концесија за експлоатација се поднесува од барателот кој е сопственик на резултатите од извршените детални геолошки истражувања од ист степен на истраженост од две или повеќе концесии за детални геолошки истражувања кои непосредно граничат меѓусебно, се доставува едно барање за доделување на концесија за експлоатација.
(3) Барањето за доделување на концесија од ставовите (1) и (2) на овој член се поднесува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини најдоцна во рок од 120 дена, сметано од денот на истекот на концесијата за детални геолошки истражувања.
(4) Во случај на предвремено завршување со деталните геолошки истражувања, барањето за концесија од ставовите (1) и (2) на овој член се поднесува најдоцна во рок од 120 дена, сметано од денот на доставување на елаборатот од извршените детални геолошки истражувања заедно со стручна оцена (ревизија).
(5) Кон барањето за добивање концесија од ставот (1) на овој член се приложува:
- податоци за барателот на концесијата,

- топографска карта во мерка 1:25.000 или 1:50.000 со координати на граничните точки на локацијата на определен простор,
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарски индикации за просторот на кој се бара доделување на концесија за експлоатација, изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности,
- Ревизиска клаузула издадена од Комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на елаборатот од извршените детални геолошки истражувања, со која се потврдува дека геолошката документација е изработена во согласност со овој закон.
- студија за оправданост на концесијата,
- техничко-технолошки елаборат за постапката за експлоатација на минерални суровини со техниките и супстанциите што ќе се применат,
- потврда за депонирана финансиска гаранција во случај на штетни ефекти по животната средина.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(7) По доставување на барањето органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена врши увид на самото место и составува записник од извршениот увид.

(8) На увидот од ставот (5) на овој член присуствува и лице овластено од барателот на концесијата за експлоатација, кој го потпишува и записникот од извршениот увид.

(9) По спроведување на дејствијата од ставовите (5) и (6) на овој член, само во случај кога е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација на енергетските и металичните минерални суровини, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, земјоделството, шумарството, водите, како и од други органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област.

(10) Во случај кога е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација на енергетски и металични минерални суровини, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини по службена должност во рок 15 дена бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барање за доделување на концесија.

(11) Органите од ставовите (8) и (9) на овој член се должни своето мислење да го дадат во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на барањето.

(12) Доколку органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област нема да дадат мислење во рокот определен во ставот (10) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини е должен во рок од пет дена, сметано од истекот на рокот утврден во ставот (10) на овој член да ја информира Владата.

(13) Во случајот од ставот (11) на овој член Владата ќе го задолжи органот на државаната управа надлежен за работите од соодветната област во рок три дена да достави соодветно мислење.

(14) Доколку и по истекот на определениот рок од ставот (12) на овој член не се достави соодветно мислење се смета дека е дадено позитивно мислење по однос на доставеното барање за давање на мислење.

(15) По истек на рокот од ставот (13) на овој член во случај кога е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација на енергетски и метални минерални суровини, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини е должен во рок од 30 дена до Владата да достави предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација.

(16) По спроведување на дејствијата од ставовите (5) и (6) на овој член во случај кога е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација на минералните суровини од член 4 став (2) алинеи 3, 4, 5, 6 и 7, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини е должен во рок од 15 дена до Владата да достави предлог одлука за доделување на концесија за експлоатација.

**Член 43**

**Доделување на концесија за експлоатација на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) собирен кварц**

(1) Концесија за експлоатација на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) собирен кварц се доделува врз основа на барање од сопственикот на земјиштето на кое се наоѓаат.

(2) Барањето за концесија за еклпоатација од ставот (1) на овој член се поднесува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(3) Кон барањето за добивање на концесија од ставот (1) на овој член се приложува:

- податоци за барателот на концесијата,
- топографска карта во мерка 1:5.000 со координати на граничните точки на локацијата на определен простор,
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарски индикации за просторот на кој се бара доделување на концесија за експлоатација, изработен од трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности и
- студија за оправданост на концесијата.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена сметано од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член со решение ќе ја одбие истата, ако:

- не ја приложи документацијата од ставот (3) на овој член и
- на просторот за кој е поднесено барање за доделување на концесија е веќе доделена дозвола за детални геолошки истражувања или концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини не го одбие барањето за доделување на концесија од ставот (2) на овој член, во рок од 15 дена, врши увид на самото место и составува записник од извршениот увид.

(7) На увидот од ставот (5) на овој член присуствува и лице овластено од барателот на концесијата за експлоатација, кој го потпишува и записникот од извршениот увид.

(8) По спроведување на дејствијата од ставовите (6) и (7) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, земјоделството, шумарството, водите, како и од други органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област.

(9) Покрај органите од ставот (8) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини по службена должност во рок 15 дена бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барање за доделување на концесија.

(10) Органите од ставовите (8) и (9) на овој член се должни своето мислење да го дадат во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на барањето.

(11) Доколку органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област нема да дадат мислење во рокот определен во ставот (10) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини е должен во рок од пет дена, сметано од истекот на рокот утврден во ставот (10) на овој член да ја информира Владата.

(12) Во случајот од ставот (11) на овој член Владата ќе го задолжи органот на државаната управа надлежен за работите од соодветната област во рок три дена да достави соодветно мислење.

(13) Доколку и по истекот на определениот рок од ставот (12) на овој член, не се достави соодветно мислење, се смета дека е дадено позитивно мислење по однос на доставеното барање за давање на мислење.

(14) По истек на рокот од ставот (13) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини е должен во рок од 15 дена до Владата да достави предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација.

(15) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

**Член 44**

**Концесија за експлоатација на друг вид на минерални суровини на ист простор и ограничувања за доделување на концесија за експлоатација**

(1) Концесија за експлоатација може да се додели и за друг вид на минерални суровини на простор на кој веќе е доделена концесија за експлоатација на минерални суровини, под услов да не се нарушува нормалната експлоатација на минералните суровини за кои претходно е доделена концесија за експлоатација.

(2) Постапката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид на минерални суровини од ставот (1) на овој член се спроведува согласно со одредбите на членот 41 од овој закон.

(3) Во случај кога се работи за минерални суровини кои се неделиви во процесот на нивната експлоатација од минералните суровини што се предмет на веќе доделената концесија за експлоатација и се наоѓаат на истиот простор, концесија за експлоатација може да му се додели на постојниот имател на концесијата и за тие минерални суровини.

(4) Постапката за доделување на концесија за експлоатација во случаите од ставот (3) на овој член се спроведува согласно со членот 42 од овој закон.

(5) Во случај кога се работи за техногени минерални суровини кои се наоѓаат на простор на кој е доделена концесија за експлоатација, а создадени пред доделувањето на концесијата за експлоатација, концесионерот е должен да даде согласност на иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.

(6) Меѓусебните права и обврски концесионерот којшто врши експлатација на минерални суровини и идниот концесионер за детални геолошки истражувања, односно експлоатација на техногени минерални суровини ќе ги уредат со меѓусебен договор.

(7) Владата може да донесе одлука за одбивање на иницијативата, односно барањето за концесија за експлоатација во следниве случаи:

- јавниот интерес ја исклучува експлоатацијата на минералната суровина на локацијата на бараниот простор за концесија и
- доколку со експлоатацијата на минералните суровини би се предизвикало нарушување на пазарот или би се создале услови за создавање на доминантна позиција на пазарот на минералната суровина за која се бара доделување на концесија, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон.

(8) За одлуката од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена го известува подносителот на барањето, односно иницијативата за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини.

(9) Против одлуката од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор.

**Член 45**

**Одлука за доделување на концесија за експлоатација**

(1) Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини ја донесува Владата на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(2) Одлуката за доделување на концесија за експлоатација, покрај елементите утврдени во членот 37 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, задолжително треба да ги содржи и следниве одредби:

- видот на минералната суровина,
- површината на просторот на кој се доделува концесијата за експлоатација, дефиниран со координати,
- видот на постапката за експлоатација на минерални суровини со техниките и супстанциите што ќе се применат,
- податоци за депонирана финансиска гаранција во случај на штетни ефекти по животната средина,
- должностите на носителот на концесијата во поглед на санацијата и рекултивацијата на земјиштето што е деградирано од рудничките активности и
- други услови определени со тендерската документација и поднесената понуда.

(3) Одлуката за доделување на концесија се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 46**

**Договор за концесија за експлоатација на минерални суровини**

(1) Врз основа на одлуката за доделување на концесијата за експлоатација на минерални суровини, концедентот и концесионерот склучуваат договор за концесија за експлоатација на минерални суровини.
(2) Во име на концедентот договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини го склучува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена, сметано од денот на влегувањето во сила на одлуката за доделување на концесијата.
(3) Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини содржи одредби утврдени согласно со уредбата за содржината на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и договорот за концесија на добра од општ интерес.
(4) Договорот за концесија за експлоатација има статус на извршна исправа.
(5) Примерок од договорите за концесија за експлоатација на минерални суровини, како и анексите на договорите за концесија за експлоатација, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, ги доставува до Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, Управата за јавни приходи и општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.

**Член 47**
**Пренос на концесија за експлоатација**
(1) Концесијата за експлоатација може да се пренесува само во целост.
(2) Барање за пренос на концесија за експлоатација поднесува концесионерот до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(3) Кон барањето од ставот (2) на овој член се приложува:
- одлука на содружниците, односно акционерите во друштвото со која се дава согласност за преносот на концесијата за експлоатација,
- договор за пренос на концесијата за експлоатација склучен меѓу концесионерот и правното лице на кое се бара да се изврши преносот на концесијата,
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган за концесионерот и за правното лице на кое се бара да се изврши преносот на концесијата за експлоатација,
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган за концесионерот и за правното лице на кое се бара да се изврши преносот на концесијата за експлоатација,
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган за концесионерот и за правното лице на кое се бара да се изврши преносот на концесијата за експлоатација,
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност за концесионерот и за правното лице на кое се бара да се изврши преносот на концесијата за експлоатација и
- потврда дека со правосилна пресуда не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење на одделна дејност за концесионерот и за правното лице на кое се бара да се изврши преносот на концесијата за експлоатација.
(4) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(5) Службеното лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини кое ја води постапката по службена должност ги прибавува доказите од ставот (3) алинеи 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.
(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (3) алинеи 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(7) Документите од ставот (3) на овој член не смеат да бидат постари од шест месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од нотар.
(8) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена сметано од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член, по службена должност, доставува барање до Бирото за судски вештачења да изврши процена на деловниот потфат на концесионерот со примена на приходната метода, согласно со Законот за процена.

(9) Бирото за судски вештачења е должно процената од ставот (5) на овој член да ја изврши во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на барањето од ставот (5) на овој член и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини да достави извештај за извршената процена, согласно со Законот за процена.
(10) Владата донесува одлука со која дава согласност за пренос на концесијата за експлоатација на минерални суровини под истите услови под кои е доделена концесијата што се пренесува.
(11) Со преносот на концесијата новиот концесионер ги стекнува правата и обврските кои произлегуваат од издадените дозволи и одобренија од надлежните органи, во смисла на овој или друг закон, а што се поврзани со експлоацијата на минералните суровини кои се предмет на концесијата за експлоатација.
(12) За преносот на концесијата концедентот и концесионерот склучуваат договор за пренос на концесијата.
(13) За давање на согласноста за пренос на концесијата за експлоатација на минерални суровини се плаќа надоместок во висина од седум проценти од проценетата вредност на концесијата за експлоатација на минерални суровини, а врз основа на извештајот за процена од ставот (6) на овој член.
(14) Имателот на концесија за експлоатација по извршениот пренос на концесијата, е должен во рок од 30 дена по денот на склучувањето на договорот за пренос на концесијата да го плати надоместокот од ставот (10) на овој член.
(15) Во случај кога имателот на концесија за експлоатација по извршениот пренос на концесијата нема да го плати надоместокот од ставот (10) на овој член, Владата со одлука ќе ја поништи постапката за давање на согласноста за пренос на концесијата за експлоатација на минерални суровини.
(16) Надоместокот од ставот (10) на овој член е јавна давачка.
(17) Надоместокот од ставот (10) на овој член е приход на Буџетот на Република Македонија.

**Член 48**
**Согласност во случај на статусни измени**
(1) Во случај на присоединување, спојување и поделба на концесионерот потребно е добивање на претходна согласност од концедентот.
(2) За добивање на согласноста од ставот (1) на овој член, концесионерите се должни за намерата за присоединување, спојување и поделба да доставaт барање до концедентот.
(3) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(4) Концедентот согласноста од ставот (1) на овој член ја дава во писмена форма во рок од 30 дена, сметано од денот на доставувањето на барањето.
(5) Доколку концедентот констатира дека со статусните измени кои се предвидуваат ќе настапи состојба со која ќе се наруши целта за која е доделена концесијата, концедентот ќе донесе одлука со која ќе го одбие предметното барање.
(6) Против одлуката од ставот (4) на овој член незадоволната странка може да поведе правен спор.

**Член 49**
**Согласност за пренос на удели или акции**
(1) Преносот на удели или акции кај субјектот којшто ги извршил деталните геолошки истражувања и поднел барање за доделување на концесија за екплоатација, како и на концесионерот на кој му е доделена концесија за експлоатација на минерални суровини кои поединечно или во збир би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото, не може да се изврши без претходна писмена согласност на концедентот.
(2) За добивање на согласноста од ставот (1) на овој член, концесионерот е должен за намерата која поединечно или во збир би довела до промена на управувачкиот пакет во друштвото да достави барање за добивање на согласност.
(3) Концедентот донесува одлука со која дава согласност за преносот на удели или акции кај субјектот што ги извршил деталните геолошки истражувања и поднел барање за доделување на концесија за екплоатација, како и на концесионерот на кој му е доделена концесија за експлоатација на минерални суровини кои поединечно или во збир би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото.
(4) Кон барањето од ставот (2) на овој член се приложува:
- одлука на содружниците, односно акционерите во друштвото со која се дава согласност за преносот на уделите или акциите,
- договор за пренос на уделите или акциите склучен меѓу отстапувачот на уделите или акциите и примателот на уделите или акциите,

- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган за концесионерот,
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган за концесионерот,
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган за концесионерот,
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност за концесионерот и
- потврда дека со правосилна пресуда не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење на одделна дејност за концесионерот.

(5) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(6) Службеното лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини кое ја води постапката по службена должност ги прибавува доказите од ставот (4) алинеи 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.

(7) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (4) алинеи 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(8) Документите од ставот (4) на овој член не смеат да бидат постари од шест месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од нотар.

(9) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена сметано од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член, по службена должност, доставува барање од Бирото за судски вештачења да изврши процена на деловниот потфат на концесионерот со примена на приходната метода, согласно со Законот за процена.

(10) Бирото за судски вештачења е должно процената од ставот (6) на овој член да ја изврши во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на барањето од ставот (6) на овој член и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини да достави извештај за извршената процена, согласно со Законот за процена.

(11) Доколку концедентот констатира дека промената на управувачкиот пакет во друштвото ќе доведе до состојба со која ќе се наруши целта за која е доделена концесијата, концедентот ќе донесе одлука со која ќе го одбие предметното барање.

(12) Против одлуката од ставот (4) на овој член незадоволната странка може да поведе правен спор.

(13) Претходна писмена согласност од ставот (1) на овој член не е потребна во случај кога правото на сопственост на акциите или уделите од ставот (1) на овој член се стекнува по пат на наследување во согласност со Законот за наследување, како и во случај кога се работи за акционерски друштва кои котираат на берза.

(14) Во случајот од ставот (6) на овој член, концесионерот е должен во рок од 15 дена од настанатата промена која поединечно или во збир довела до промена на управувачкиот пакет во друштвото, да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(15) За давање на согласноста за преносот на удели или акции се плаќа надоместок во висина од седум проценти од проценетата вредност на концесијата за експлоатација на минералните суровини, а врз основа на извештајот за процена од ставот (7) на овој член.

(16) Примателот на уделите или акциите во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на одлуката од ставот (3) на овој член е должен да го плати надоместокот од ставот (12) на овој член.

(17) Уписот на промената при преносот на уделите или акциите во Централниот регистар може да се запише откако ќе се уплати надоместокот од ставот (12) на овој член.

(18) Во случај кога примателот на уделите или акциите по истекот на рокот од ставот (13) на овој член нема да го плати надоместокот од ставот (12) на овој член, Владата со одлука ќе ја поништи постапката за давање на согласноста за пренос на удели или акции.

(19) Надоместокот од ставот (12) на овој член е јавна давачка.

(20) Надоместокот од ставот (12) на овој член е приход на Буџетот на Република Македонија.

**Член 50**

**Престанок на важење на концесијата за експлоатација**

(1) Концесијата за експлоатација на минерални суровини престанува да важи во случај на:
- истекот на рокот за периодот на кој била доделена концесијата;
- едностран раскин на договорот за концесија од страна на концедентот;

- едностран раскин на договорот за концесија од страна на концесионерот и
- со отворање на стечајна постапка над концесионерот или ликвидација на концесионерот.

(2) Во случаите на престанок на важење на концесијата од ставот (1) на овој член престануваат да важат сите дозволи, решенија и одобренија непосредно сврзани со концесијата за експлоатација.

(3) Во случаите на престанок на важење на концесијата за екплоатација од ставот (1) алинеи 1 и 4 на овој член, Владата на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини донесува одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација.

(4) Одлуката од ставот (3) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 51**

**Еднострано раскинување на концесијата за експлоатација на минерални суровини од страна концедентот**

(1) Владата еднострано ќе го раскине договорот за концесија за експлоатација во случај кога:
- концесионерот ќе го пренесе предметот на концесија за експлоатација на минерални суровини на друг концесионер без согласност на концедентот,
- кај концесионерот ќе настапи состојба на присоединување, спојување и поделба без добиена писмена согласност од концедентот,
- ќе се изврши пренос на акции или удели кај концесионерот на кој му е доделена концесија за експлоатација кои, поединечно или во збир, би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото без претходна писмена согласност на концедентот на начин утврден со овој закон,
- концесионерот ќе го издаде предметот на концесија под закуп,
- концесионерот ќе започне со експлоатација на минералните суровини пред да добие дозвола за експлоатација,
- концесионерот не постапил по изречените мерки во постапката на надзор согласно со закон,
- концесионерот не поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација во рокот од членот 54 став (1) од овој закон,
- концесионерот не започнал со експлоатација на минералните суровини во рокот определен со членот 54 став (2) од овој закон, освен во случај на настанување на виша сила,
- концесионерот не ги платил концесиските надоместоци за доделената концесија на начин и под услови утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- концесионерот не извршил геодетско снимање и не изготвил геодетски елаборат со пресметка на откопаните количини на минерални суровини или пак геодетскиот елаборат не го доставил до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во текот на две години послеователно,
- концесионерот не достави извештај за извршеното тестирање на експлоатационите објекти за експлоатација на минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон во текот на две години последователно,
- концесионерот не доставува вистинити податоци за содржината на минералните суровини во концентратите, односно металите кои се добиваат во процесот на нивната преработка,
- концесионерот прекинал со изведување на рударските работи подолго од една година и
- концесионерот не се придржувал кон решенијата и мерките во однос на заштитата на животната средина утврдени со прописите од областа на животната средина.

(2) Владата на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, донесува одлука за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини.

(3) Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(4) Врз основа на одлуката од ставот (2) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена го известува концесионерот за едностраното раскинување на договорот за концесија за експлоатација.

(5) Против одлуката од ставот (2) на овој член незадоволната странка може да поведе управен спор.

(6) Поведувањето на управниот спор од ставот (5) на овој член не го одлага извршувањето на одлуката.

(7) Во случај на едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација од ставот (1) на овој член, концесионерот е должен да ги плати достасаните концесиски надоместоци, како и надоместокот за користење на просторот.

**Член 52**

**Еднострано раскинување на концесијата за експлоатација на минерални суровини од страна на концесионерот**

(1) Концесионерот може еднострано да го раскине договорот за концесија во случај кога:
- концедентот не ги извршува обврските кои произлегуваат од договорот,
- концедентот извршил битна повреда на одредбите од договорот или на законите и прописите што се применуваат на договорот и
- концесионерот нема економски интерес за натамошно извршување на концесијата за експлоатацијата.
(2) Во случај на едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација од ставот (1) алинеја 3 на овој член, концесионерот е должен да ги плати достасаните концесиски надоместоци, како и надоместокот за користење на просторот.
(3) Во случај на едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација од ставот (1) алинеја 3 на овој член, кога е истечена една третина од периодот за кој е доделена концесијата за експлоатација, концесионерот е должен да го плати само надоместокот за достасаните концесиски надоместоци.
(4) Барање за едностран раскин на договорот за концесијата се поднесува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(5) Владата на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, донесува одлука за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини од страна на концесионерот.
(6) Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија од страна на концесионерот се објавува во "Службен весник на Република Македонија".
(7) Врз основа на одлуката од ставот (5) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена го известува концесионерот за еднostраното раскинување на договорот за концесија за експлоатација.
(8) Против одлуката од ставот (6) на овој член незадоволната странка може да поведе управен спор.
(9) Поведувањето на управниот спор од ставот (8) на овој член не го одлага извршувањето на одлуката.
(10) Формата и содржината на барањето од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

## Глава 2
## ДОЗВОЛА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

### Член 53
### Дозвола за експлоатација на минерални суровини

(1) Со експлоатација на минерални суровини и изведување на рударски работи може да се започне откако концесионерот ќе добие дозвола за експлоатација на минерални суровини.
(2) Дозволата од ставот (1) на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(3) Дозволата за експлоатација се издава со рок на важење кој не може да биде подолг од рокот на важење на концесијата за експлоатација.
(4) Дозвола за експлоатација се издава за истиот вид на минерални суровини за кои и е доделена концесијата за експлоатација.

### Член 54
### Рок за поднесување на барање за издавање на дозвола за експлоатација и рок за започнување со експлоатација

(1) По склучување на договорот за концесија за експлоатација, концесионерот е должен да поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација во рок од:
- четири години за енергетски и метални минерални суровини,
- една година за техногени минерални суровини, неметални минерални суровини, архитектонско-украсен камен, минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ и
- шест месеци за песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц.

(2) По издавањето на дозволата за експлоатација, концесионерот е должен да започне со експлоатација на минералните суровини во рок од:
- три години за енергетски и метални минерални суровини,
- две години за техногени минерални суровини, неметалични минерални суровини, архитектонско-украсен камен, минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ и
- шест месеци за песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц.

**Член 55**
**Барање за издавање на дозвола за експлоатација**
(1) Барање за издавање на дозвола за експлоатација го поднесува концесионерот до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува:
- доказ за решени имотноправни односи во делот на земјиштето на кое ќе се врши експлоатација на минерални суровини, освен во случај кога се работи за подземна експлоатација во услови кога експлоатацијата нема влијание на површината;
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарски индикации изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности,
- главен рударски проект за експлоатација на минералните суровини кои се предмет на концесијата заедно со ревизија (стручна) оцена на истиот,
- решение за одобрување на студијата за оцена на влијанието врз животната средина или решение за одобрување на елаборатот за оцена на влијанието врз животната средина,
- план за управување со отпад,
- сообраќајна согласност за приклучок за јавен пат, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон,
- дозвола за користење на вода и/или дозвола за испуштање на вода која ја издава надлежниот орган на државната управа надлежен за управување со води, доколку е потребно издавање на таква дозвола кое го утврдува надлежниот орган на државната управа надлежен за управување со води и
- доказ за мерење на експлоатираната и продадена количина на минерална суровина, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон.
(3) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини е должен во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на барањето за издавање на дозвола за експлоатација, да ја издаде дозволата за експлоатација.
(5) Примерок од дозволата за експлоатација, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини доставува до Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, Управата за јавни приходи и општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.
(6) Планот за управување со отпад од ставот (2) алинеја 5 на овој член не го приложуваат концесионерите кои вршат експлоатација на:
- песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц,
- сите видови на глини и
- минерални, термоминерални и термални води и минерални води и гас $CO_2$.

**Член 56**
**Одбивање на барањето за издавање на дозвола за експлоатација**
(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини со решение ќе го одбие барањето од членот 55 став (1) од овој закон, ако:
- барањето за издавање на дозвола за експлоатација не е поднесено во рокот определен со членот 54 од овој закон и

- барањето не ја содржи документацијата утврдена во членот 55 став (2) од овој закон.
(2) Против решението од ставот (1) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 57**
**Содржина на дозволата за експлоатација на минерални суровини**
Дозволата за експлоатација на минерални суровини особено ги содржи следниве податоци:
- за концесионерот,
- за рокот на важење на дозволата за експлоатација,
- за минералните суровини што се предмет на експлоатација,
- за големината, границите и положбата на експлоатационото поле,
- катастарски податоци за земјиштето на просторот за коешто е издадена дозволата,
- главниот рударски проект за експлоатација на минералните суровини,
- планот за управување со отпадот од минерални суровини и
- за други податоци определени со закон и договорот за концесија.

**Член 58**
**Престанок на важење на дозволата за експлоатација**
Дозволата за експлоатација на минерални суровини престанува да важи со:
- престанок на важење на концесијата за експлоатација,
- престанок на функционалноста на експлоатационите објекти за кои е издадена и
- истекување на рокот на важност на дозволата за експлоатација.

**Член 59**
**Дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект**
(1) Изведување на рударски работи и објекти во постојните рудници за отворање и експлоатација на минерални суровини на нови хоризонти, ревири, изработка на нови извозни, ветрени и истражни окна, битно изменет метод на откопување, реконструкција на рударски објекти и нови одлагалишта кои не се опфатени со главниот рударски проект, санирање на големи свлечишта, измени во поглед на рекултивирањето на земјиштето од главниот рударски проект, како и други работи, се врши врз основа на дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект.
(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава само на просторот на кој е издадена дозволата за експлоатација, дефиниран со главниот рударски проект каде што се и утврдени и границите и положбата на експлоатационото поле, освен за нови одлагалишта кои се поставуваат во рамките на просторот на кој е доделена концесијата за експлоатација
(3) Дозволата за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект се издава врз основа на барање од концесионерот, односно имателот на дозволата за експлоатација при што е должен да приложи:
- дополнителен рударски проект заедно со стручна оцена (ревизија),
- ажуриран план за управување со отпад од минерални суровини и
- доказ за решени имотно правни односи во делот на земјиштето на кое ќе се постави одлагалиштето со геодетски елаборат за посебни намени со катастарски индикации изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности, само во случај кога се бара издавање на дозвола за изведување на рударски проекти според дополнителен рударски проект за поставување на одлагалиште.
(4) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(5) Дозволата од ставот (1) на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на барањето.
(6) Дозволата од ставот (1) на овој член содржи податоци за барателот, за просторот за кој се издава дозволата, дополнителниот рударски проект за изведување на рударски работи заедно со ревизија (стручна оцена) на истиот и образложение за причините за нејзино издавање.

(7) Примерок од дозволата за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, доставува до Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, Управата за јавни приходи и општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.

**Член 60**
**Престанок на важење на дозволата за изведување на дополнителни рударски работи**
Дозволата за изведување на дополнителни рударски работи престанува да важи со престанок на важење на концесијата за експлоатација, престанок на функционалноста на експлоатационите објекти за кои е издадена и со истек на рокот на важност на дозволата за експлоатација и дозволата за изведување на дополнителни рударски работи според дополнителен рударски проект.

**Член 61**
**Спојување или припојување на концесии**
(1) Во функција на рационално и економично истражување или експлоатација на минерални суровини, може да се врши спојување или припојување на две соседни концесии во случај кога концесиите се простираат на исто наоѓалиште за ист тип на минерална суровина.
(2) На концесионерот му се дава можност да ги спои концесиите за експлоатација доколку се работи за ист сопственик и ист вид на минерална суровина.
(3) Периодот на траење на концесијата ќе се зема од најкраткиот рок од двете концесии.
(4) Одлука за спојување или припојување на концесии донесува Владата.
(5) Барање за спојување или припојување на концесии поднесуваат концесионерите.
(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена врши увид на локалитетот за кој е поднесено барање за спојување или припојување на концесии, за што се составува записник.
(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето за спојување или припојување на концесии до Владата доставува образложен предлог за спојување или припојување на концесии.
(8) По разгледување на образложениот предлог од ставот (4) на овој член Владата донесува одлука за спојување или припојување на концесии.
(9) По донесување на одлуката од ставот (2) на овој член, концедентот и концесионерите односите ги уредуваат со договор или анекс на договорот за концесија.
(10) Формата и содржината на барањето од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

**Глава 3**
**СТРУЧНА ПОДГОТОВКА И РУДАРСКИ РАБОТИ**

**Член 62**
**Стручна подготовка**
(1) Лицата кои вршат работи на изведување на рударски работи, односно експлоатација на минерални суровини, покрај општите услови утврдени со закон, треба да ги исполнуваат и посебните услови за стручната подготовка и оспособеност за вршење на одделни работи од ставот (2) на овој член.
(2) Работа на одделни работни места во правното или физичкото лице кое врши изведување на рударски работи, односно експлоатација на минерални суровини, може да ја вршат лица кои ги исполнуваат и следниве услови, и тоа за:
- раководител на рудник со површинска експлоатација или одреден негов дел, рударски факултет насока површинска експлоатација или општа насока и најмалку три години работно искуство во струката,
- раководител на рудник со подземна експлоатација или одреден негов дел, рударски факултет насока подземна експлоатација или општа насока и најмалку пет години работно искуство во струката,

- раководител на површински коп при експлоатација на минерални суровини, глина, собирен кварц, песок и чакал чија вкупна моќност на слојот на минералната суровина, вклучувајќи ја и раскривката не поминува повеќе од четири метри во длабочина, средно техничко училиште (рударска, геолошка, градежна насока и слично),
- раководител на објектите за преработка на минерални суровини, рударски факултет насока преработка на минерални суровини (ги опфаќа досегашните насоки "подготовка на минерални суровини", како и "минерална технологија или преработка на минерални суровини") или општа насока и најмалку три години работно искуство во струката,
- раководител на електромашинска, односно машинска служба или градежна служба, кој врши работи за потребите на правното или физичкото лице кое врши експлоатација на минерални суровини соодветен факултет и најмалку две години работно искуство во струката,
- работоводител во јама и објектите за експлоатација и преработка на минерални суровини, средно техничко училиште рударска насока и најмалку три години работно искуство на работа на такви или слични објекти,
- раководител на служба за техничка сигурност и заштита при работа, рударски факултет или факултет за заштита при работа и работно искуство од две години во јама или површински коп,
- надзорник во јама, средно техничко училиште рударска или геолошка насока и најмалку две години работно искуство во струката,
- надзорник на површинскиот коп, објектите за преработка на минерални суровини, средно техничко училиште од рударска струка и
- работник на самостоен јамски мерач, односно мерач на површинските копови, средно техничко училиште, геодетска насока и најмалку две години работно искуство во струката.

(3) За изведување на рударските работи концесионерот е должен да организира спроведување на обука на работниците за стручно оспособување за самостојно и безбедно вршење на своите работи и проверка пред стручна комисија, формирана од страна на концесионерот.

(4) Работи на минирање можат да вршат лица кои се стручно оспособени за такви работи и кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за заштита од експлозивни материи и имаат положено испит за проверка на нивната оспособеност, пред стручна комисија формирана од страна на концесионерот.

(5) На испитот за проверка на стручната оспособеност за изведување на работи за минирање од ставот (4) на овој член учествува и државниот рударски инспектор, заради увид при спроведувањето на испитот.

(6) Заради обучување, а по одобрение на раководителот на рудникот, работниците кои се обучуваат можат да вршат работа на минирања под постојан надзор на палителот на мини.

**Член 63**

**Техничко водење и надзор на изведувањето на рударски работи**

(1) При изведување на рударските работи, како и при преработката на минералните суровини концесионерот е должен да обезбеди технички надзор на изведувањето на тие работи според рударските проекти, техничките прописи и нормативи, како и според прописите за заштита при работа, безбедност и здравје.

(2) За технички надзор на изведување на рударски работи при површинска експлоатација може да биде назначено лице кое е рударски инженер од соодветната рударска насока и поседува лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини.

(3) За технички надзор на изведување на рударски работи при подземна експлоатација може да биде назначено лице кое е рударски инженер од соодветната рударска насока и поседува лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини.

(4) За технички надзор на изведување на рударски работи при преработка на минерални суровини може да биде назначено лице кое е рударски инженер од соодветната рударска насока и поседува лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини.

(5) За технички надзор не може да биде назначен раководителот на рудник со површинска експлоатација, раководителот на рудник со подземна експлоатација и раководителот на објектите за преработка на минерални суровини.

(6) Лицето назначено за технички надзор води евиденција во книгата за водење технички надзор од извршениот технички надзор.

(7) Формата и содржината на книгата за водење технички надзор, како и начинот на вршење на техничкиот надзор ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 64**

**Геодетско снимање и рударски мерења**

(1) Заради правилна експлоатацијата на минерални суровини концесионерот е должен да врши геодетско снимање или рударски мерења.

(2) Концесионерот кој врши експлоатација на минералните суровини, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон и собирниот кварц е должен еднаш годишно во периодот од 15 септември до 15 декември во тековната година да изврши геодетско снимање и да изготви геодетски елаборат со пресметка на откопаните количини на минерални суровини, во кој прецизно ќе се дефинираат количините на откопната количина на минерални суровини и периодот во кој тоа е извршено, а најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година геодетскиот елаборат да го достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(3) Концесионерот е должен до Државниот инспекторат за техничка инспекција да достави примерок од геодетскиот елаборат од ставот (2) на овој член.

(4) Геодетското снимање од ставот (2) на овој член го вршат трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности.

(5) Концесионерот кој врши експлоатација на минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон е должен еднаш годишно да изврши тестирање на експлоатационите објекти и примерок од извештајот од извршените тестирања на експлоатационите објекти да достави до Државниот инспекторат за техничка инспекција.

(6) Формата и содржината на извештајот од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(7) Заради правилно вршење на деталните геолошки истражувања со рударски работи и експлоатација на минерални суровини, во зависност од видот на минералните суровини, кои се предмет на експлоатација, концесионерот е должен да врши рударски мерења и да изготвува рударски планови.

(8) Видот, содржината и начинот на изготвување и чување на рударските планови ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 65**

**Обврски за известување за експлоатирани количини на минерални суровини**

(1) Концесионерите кои вршат експлоатација на минерални суровини се должни еднаш годишно во периодот од 1 до 31 јануари во тековната година за претходната година до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини да достават податоци и пресметка за експлоатираните количини на минерални суровини во тековната година.

(2) Начинот на доставување и содржината на пресметка на експлоатираните количини од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(3) Концесионерите кои вршат експлоатација на метлични и техногени минерални суровини и кои вршат нивна преработка во облик на концентрат или метал се должни еднаш месечно да доставуваат податоци за содржината на минералните суровини кои се наоѓаат во добиените концентрати или металите до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(4) Концесионерите кои вршат експлоатација на метлични минерални суровини, а кои во производниот процес произведуваат злато, се должни истото првенствено да го понудат на продажба на Народната банка на Република Македонија, по пазарни услови и по цена утврдена на Лондонската берза на метали.

(5) Содржината и начинот на доставување на податоците од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 66**

**Обврски на концесионерот при изведување на рударските работи за експлоатација на минерални суровини**

(1) Концесионерот при изведување на рударските работи за експлоатација на минерални суровини е должен:

- да ги изведува рударските работи согласно со дозволата за експлоатација и дозволата за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект, стандардите и техничките нормативи кои важат за изведување на тие работи, - да врши рударски мерења и да поседува рударски планови за вршење на експлоатација на минералните суровини,
- доколку предмет на концесијата за експлоатација се минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон, концесионерот е должен да врши реинјектирање на вишокот на искористената количина на минерална суровина од експлоатационите бунари во примарните водоносни средини, при што концесионерот претходно е должен да изврши детални геолошки истражувања на средината во која ќе се врши реинјектирањето и да изготви соодветна техничка документација за изведба на реинјекциона дупнатина, во која ќе биде утврден и начинот на реинјектирањето,
- да ги спроведува мерките за заштита при работа,
- навремено да презема мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти,
- да спроведува, на своја сметка, мерки за заштита на животната средина и природата и културното наследство, како и мерки за рекултивација на земјиштето согласно со закон,
- да води евиденција на произведените количини на минерални суровини во пишана форма,
- пред почетокот на експлоатација концесионерот е должен да поседува доказ за мерење на експлоатираната и продадена количина на минерална суровина, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон
- да управува со отпадот на минералните суровини согласно со планот за управување со отпад.

(2) Концесионерот при изведување на рударските работи и вршењето на експлоатација на минерални суровини е должен на локацијата каде што тие се вршат да има:

- дозвола за експлоатација на минерални суровини и дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект,
- рударски планови со ажурирана состојба на изведените рударски работи,
- уверенија за стручна оспособеност на работниците за извршување на работите и за нивната здравствена состојба,
- решение за поставување одговорни лица за раководење при изведувањето на рударските работи и објекти,
- извештаи за извршените периодични прегледи и испитувања на опремата и орудијата за работа заради утврдување на нивната исправност,
- упатства за работа со мерки на заштита при работа за применетиот технолошки процес за експлоатација и преработка на минерални суровини,
- евиденција на произведените количини на минерални суровини во пишана форма и
- друга документација пропишана со овој или со друг закон.

(3) Начинот на водење на евиденцијата од ставовите (1) алинеја 7 и (2) алинеја 8 на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(4) Концесионерот при изведување на рударските работи за експлоатација на минерални суровини е должен да врши класификација и прекатегоризација на рудните резерви.

(5) Класификацијата и прекатегоризацијата на рудните резерви од ставот (4) на овој член се врши за период од пет години.

(6) Начинот на класификација и прекатегоризација на рудните резерви од ставот (4) на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(7) Техничките нормативи кои важат за одделни области при изведување на рударските работи од ставот (2) алинеја 1 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 67**

**Времено или трајно запирање на рударски работи**

(1) Концесионерот е должен временото прекинување на изведувањето на рударски работи при истражување и експлоатација на минералните суровини поради непредвидени геолошки, рударски или економски причини (појава на гас или вода, горски удари, јамски пожари, пореметување на главни патишта за проветрување и одводнување, лизгање

на терен и слично) да го пријави на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини и Државниот инспекторат за техничка инспекција најдоцна 24 часа по запирање на работите, а во случај на сериозни опасности веднаш.
(2) Ако концесионерот планира времено запирање на работите повеќе од шест месеци во тековната година потребно е најмалку 30 дена пред временото запирање да го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција и да изврши рударски мерења на состојбите, како и дополнување на рударските планови, да направи записник за причините за престанување на работите и за опасностите кои можат да настанат во текот на запирањето и при повторниот почеток на работите. Временото запирање на изведувањето на рударски работи не може да трае подолго од една година.
(3) Концесионерот во периодот на временото прекинување на рударските работи, е должен редовно да ги одржува јамските простории и објекти во стабилна, сигурна и безбедна состојба.

**Член 68**
**Техничкиот преглед на рударскиот објект**
(1) Рударскиот објект може да се употребува по извршен технички преглед и врз основа на тоа издадено решение за употреба, само кај рудниците каде што се врши подземна експлоатација на минерални суровини, одлагалиштата, хидројаловиштата, како и објеките за преработка на минерални суровини.
(2) Технички преглед на изведените рударски објекти се врши според главниот или дополнителниот рударски проект и тоа на главните рударски простории за отворање и разработка на лежиштето (извозни окна, нископи, вентилациони окна, коси рампи, поткопи, транспортни ходници и централни рудни сипки) и за помошните рударски простории (машински и електропростории, црпни станици, магацини, работилници, складишта на експлозиви и ускопи за минување), по барање на концесионерот, од комисија формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини. Во комисијата за технички преглед не може да учествува лице кое е вработено кај концесионерот или субјектот што го изготвил рударскиот проект врз основа на кој се изведува рударскиот објект, или изведувачот на работите на рударскиот објект, како и лице кое вршело стручен надзор над изведбата на рударскиот објект.
(3) Начинот на вршење на техничкиот преглед од ставот (2) на овој член, како и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед во зависност од сложеноста на работите ги пропишува Владата.
(4) Трошоците од ставот (3) на овој член се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини и треба да се соодветни на објективно сторените трошоци, а се на товар на концесионерот.
(5) На членовите на комисијата од ставот (2) на овој член кои се од редовите на надворешните членови - експерти и кои не се вработени во органите на државната управа им следува надоместок чија висина ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работа на членовите на комисијата.
(6) За извршениот технички преглед комисијата изготвува извештај за технички преглед.
(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини издава решение за употреба на рударскиот објект во рок од 15 дена од доставувањето на извештајот за техничкиот преглед.
(8) Решение за употреба на рударски објекти може да се издава и сукцесивно.
(9) Против решението од ставот (7) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 69**
**Пробна работа без решение за употреба на рударскиот објект**
(1) По исклучок од членот 68 од овој закон, концесионерот може да започне со користење на рударскиот објект со пробно работење без решение за употреба на рударскиот објект од членот 68 од овој закон, кога на објектот треба да се извршат претходни испитувања за утврдување на исправноста на постројките и опремата и нивното безбедно работење, проверка на стабилноста на рударскиот објект предвидени во техничката документација, условите за работа, обезбеденоста на рударскиот објект од пожари, како и други испитувања со кои ќе се потврди подобноста на рударскиот објект за употреба.
(2) Пробното работење може да трае најмногу три месеци, сметано од денот на пуштање во пробна работа на изведениот рударски објект.

(3) Со користење на рударскиот објект со пробно работење без решение за употреба на рударскиот објект ќе се започне по претходна писмена согласност од страна на државниот рударски инспектор.

## Глава 4
## РУДАРСКИ ПРОЕКТИ

### Член 70
### Рударски проекти

(1) Рударски проекти за експлоатација на минерални суровини, изведување на рударски работи и изведба на рударски објекти се:

- главен рударски проект кој се изработува заради изведба на рударски објекти за експлоатација на нови наоѓалишта на минерални суровини, како и одвојување на составните, корисни од некорисни, делови на минералните суровини преку технолошките фази на преработка на минералните суровини во облик на концентрат, техноген цврст облик или метал,
- дополнителен рударски проект кој се изработува заради изведување на рударски работи и објекти во постојните рудници за отворање и експлоатација на минерални суровини на нови хоризонти, ревири, изработка на нови извозни, ветрени и истражни окна, битно изменет метод на откопување, реконструкција на рударски објекти кои не се опфатени со главниот рударски проект, рестартирање на постојни рудници, новопронајдени резерви на минерални суровини во постојното наоѓалиште и за затворање на рударски објекти, санирање на големи свлечишта, измени во поглед на рекултивирањето на земјиштето од главниот рударски проект, проширување на концесијата за експлоатација, одвојување на составните, корисни од некорисни, делови на минералните суровини преку технолошките фази на преработка на минералните суровини во облик на концентрат, техноген цврст облик или метал, како и изведување на други работи,
- рударски проект за експлоатација на минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ ,
- упростен рударски проект кој се изработува заради разработка на одделни делови од главниот, односно дополнителниот рударски проект кој заради прилагодување на условите на лежиштето на минералните суровини кои пред изведувањето на рударските работи не било можно да се предвидат со главниот, односно дополнителниот рударски проект, за помали реконструкции на постојните рударски објекти, а кои битно не ја менуваат концепцијата на главниот, односно дополнителниот рударски проект и
- проект за изведување на рударски истражни работи кој се изработува во услови кога со проектот за вршење на детални геолошки истражувања се предвидени истражувања со изведба на рударски објекти.

(2) Упростениот рударски проект од ставот (1), алинеја 4 на овој член го одобрува раководителот на рудникот по претходна согласност на службата за заштита при работа во рудникот.
(3) Рударските проекти од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член подлежат на стручна оцена (ревизија).
(4) Содржината на рударските проекти од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

### Член 71
### Стручна оцена (ревизија) на рударските проекти

(1) Заради проверка и контрола во поглед на пропишаните мерки, стандарди и технички нормативи за заштита при работа, сигурноста на луѓето, на подземните, површинските и соседните објекти и заштитата на животната средина, како и во поглед на примената на современите достигнувања и методи во рударството и другите научни и технички дисциплини над изработените рударски проекти се врши стручна оцена (ревизија).
(2) Стручната оцена (ревизија) на рударските проекти ја врши комисија за ревизија која ја формира концедентот, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон за кои стручна оцена (ревизија) врши комисија за ревизија која ја формира концесионерот.
(3) За членови на оваа комисија може да бидат именувани лица кои поседуваат лиценца за изработка на рударски проекти.
(4) Комисијата од ставот (2) на овој член се состои од претседател, најмалку двајца членови и секретар. Претседателот и членовите на Комисијата треба да поседуваат лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини или странски физички лица на кои им е издадена потврда согласно

со членот 73 став (13) од овој закон само за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон. На претседателот и членовите кои се од редовите на надворешните членови - експерти и кои не се вработени во органите на државната управа за секоја извршена стручна оцена (ревизија) им следува надоместок, кој е на товар на подносителот на барањето за вршење на стручната оцена (ревизија).
(5) Надоместокот од ставот (4) на овој член е приход на Буџетот на Република Македонија.
(6) За ревизија на рударски проекти за експлоатација на минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас СО2 се именуваат лица кои поседуваат лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини од соодветната рударска област и лица кои поседуваат лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања од соодветната геолошка област.
(7) Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, донесува Тарифник со кој се утврдува висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти.
(8) Барање за вршење на стручната оцена (ревизија) поднесува imателот на концесијата за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини.
(9) Начинот на работа на комисијата од ставот (2) на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(10) Извршената стручна оцена (ревизија) од страна на комисија формирана од страна на концесионерот за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон ја одобрува комисија која ја формира органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
(11) Формата и содржината на барањето од ставот (8) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

**Член 72**
**Ревизиски извештај и ревизиска клаузула**
(1) За извршената стручна оцена (ревизија), комисијата од членот 71 став (2) од овој закон, издава ревизиска клаузула и изготвува ревизиски извештај со кои потврдува дека рударскиот проект е изработен согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
(2) Ревизиската клаузула и ревизискиот извештај ги потпишуваат претседателот и членовите на комисијата.
(3) Начинот на вршење на стручната оцена (ревизија) на рударските проекти го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(4) Ако стручната оцена (ревизија) на одделни делови од проектот ја извршиле повеќе лица, во ревизиската клаузула мора да биде наведено одделно кои лица над кои делови од рударскиот проект ја извршиле стручната оцена (ревизија).

**Член 73**
**Субјекти за изработка на рударски проекти**
(1) Изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството можат да вршат правни лица кои се запишани во Централниот регистар и кои поседуваат овластување за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини.
(2) За добивање на овластувањето од ставот (1) на овој член правните лица кои се запишани во Централниот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, мора да имаат вработено најмалку едно лице во редовен работен однос и кое поседува лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството.
(3) Овластувањето од ставот (1) на овој член го издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(4) За издавање на овластувањето од ставот (1) на овој член се плаќа надоместок во висина на стварно направените трошоци потребни за негово издавање.
(5) Доколку кај субјектите од ставот (2) на овој член, по издавање на овластувањето за изработка рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на

рударството, се утврди дека не ги исполнуваат условите за издавање на овластувањето, овластувањето за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини престанува да важи.
(6) Лицето кое врши изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини мора да поседува лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството и да е во редовен работен однос.
(7) За издавање на овластувањето од ставот (1) на овој член правното лице приложува:
- извод од Централниот регистар на Република Македонија,
- доказ дека носителите на лиценците од ставот (2) на овој член се во редовен работен однос кај барателот на овластувањето, и
- заверен препис од лиценците за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други лица од ставот (2) на овој член.
(8) Службеното лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини кое ја води постапката по службена должност го прибавува доказот од ставот (7) алинеја 1 на овој член во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.
(9) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (7) алинеја 1 на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(10) За добивање на лиценцата од ставот (6) на овој член лицето треба да:
- има положен стручен испит,
- е државјанин на Република Македонија,
- е дипломиран рударски инженер (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)),
- со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната и
- има работен стаж од најмалку три години во областа на изработката на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини.
(11) Службеното лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини кое ја води постапката по службена должност го прибавува доказот од ставот (10) алинеја 4 на овој член во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.
(12) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (10) алинеја 4 на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(13) Начинот на спроведување на стручниот испит ќе се спроведува согласно со членовите 32-б, 32-в, 32-г, 32-д, 32-ѓ, 32-е, 32-ж, 32-з, 32-ѕ, 32-и, 32-ј, 32-к, 32-л, 32-љ, 32-м, 32-н, 32-њ, 32-о, 32-п, 32-р, 32-с, 32-т, 32-ќ и 32-у од овој закон.
(14) Формата и содржината на образецот на овластувањето изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(15) На членовите на комисијата од ставот (9) на овој член на надворешните членови - експерти кои не се вработени во органите на државната управа им следува надоместок чија висина ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работа на членовите на комисијата.
(16) Лиценцата од ставот (6) на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(17) За издавање на лиценцата од ставот (6) на овој член се плаќа надоместок во висина на стварно направените трошоци потребни за нејзино издавање.
(18) Поблиските услови и начинот на добивање и одземање на овластувањето и лиценцата за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството, формата и содржината на овластувањето и лиценцата, содржината на програмата за полагање на стручниот испит, како и висината на надоместоците за издавање на овластувањето и лиценцата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(19) За минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини и ревизија на рударски проекти пропишани со овој закон, може да врши и странско правно лице, доколку добие потврда за вршење на наведените работи од органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини. За добивање на потврда правното лице од држава која е членка на Европската унија треба да достави барање и докази со кои се потврдува дека лицето е регистрирано за вршење на соодветната дејност во земјата во која има седиште и дека има дозвола, односно лиценца за вршење на соодветните работи, за кои бара потврда. Доколку во државата не се издава дозвола, односно лиценца странско правно лице од држава членка на Европската унија е должно со барањето да достави доказ од надлежниот орган во таа држава дека согласно со нејзините прописи за вршење на соодветните работи не се издава дозвола, односно лиценца и доказ со кои се потврдува дека лицето е регистрирано за вршење на соодветната дејност во земјата во која има седиште. Врз основа на доставените докази, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини ќе издаде потврда кои работи, согласно со овој закон, странското правното лице може да ги врши во Република Македонија.
(20) Странско физичко лице кое има овластување од држава членка на Европската Унија може да врши работи на изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини и ревизија на рударски проекти во Република Македонија само за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон, доколку овластувањето е потврдено од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(21) Странско физичко лице може да ги врши работите од ставот (16) на овој член во правно лице регистрирано во Централниот регистар за вршење на тие работи само за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон.
(22) Странските физички и правни лица за изработка и ревизија на рударски проекти и изведување и надзор на рударски работи за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон се должни да имаат осигурување за одговорност за штета во осигурителна компанија во Република Македонија, која би можела со нивната работа да им се предизвика на концесионерот или на трети лица.

## ДЕЛ IV
## НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЗА КОНЦЕСИИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

### Член 74
### Надоместок за вршење на детални геолошки истражувања
(1) Концесионерот кој врши детални геолошки истражувања на минерални суровини плаќа еднократен надоместок за користење на просторот, а во зависност од видот на минералната суровина определен во концесијата, односно дозволата за вршење на детални геолошки истражувања.
(2) Одредбите од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат и во случај на проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања.

### Член 75
### Надоместок за концесија за експлоатација на минерални суровини
Концесионерот којшто врши експлоатација на минерални суровини е должен да плаќа:
- годишен надоместок за користење на просторот доделен со концесијата за експлоатација, а во зависност од видот на минералната суровина што е предмет на концесијата за експлоатација и
- надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесијата.

(2) Концесискиот надоместок заради користење на простор на кој е доделена концесијата за експлоатација на минерални суровини, концесионерот е должен да го плаќа за секоја година одделно, а најдоцна до 31 декември во тековната година.
(3) Плаќањето на концесиските надоместоци за експлоатираната количина на минерални суровини се врши на секои три месеци за продадените количини на минералните суровини од страна на концесионерот, односно концесионерите се должни плаќањето на овие надоместоци да го извршат најдоцна до 15 во месецот што следи, а по истекот на трите месеци кои служат како основа за пресметка.
(4) Доколку концесионерот задоцни со исплата на концесискиот надоместок, покрај главнината му се пресметува и законска казнена камата, согласно со Законот за облигационите односи.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена сметано од првиот ден на доцнење на исплатата на концесискиот надоместок до концесионерот електронски доставува опомена во рок од 45 дена сметано од денот на приемот на опомената да го плати долгуваниот концесиски надоместок.
(6) Доколку концесионерот не го плати концесискиот надоместок во рокот од ставот (5) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини ќе започне постапка за еднострано раскинување на договорот за концесија.

**Член 76**
**Утврдување на висина и начин на плаќање на надоместоците**
(1) Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, донесува тарифник во кој ги утврдува висината на надоместоците за издавање на дозволи, концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, а во зависност од видот, количината, квалитетот и начинот на преработка на минералната суровина.
(2) Тарифникот од ставот (1) на овој член, како и евентуалните изменувања и дополнувања на истиот ќе се применуваат од 1 јануари во тековната година, а сметано за тековната година.
(3) Средствата од ставот (1) на овој член се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.
(4) Уплатените средства од ставовите (1) и (2) на овој член се:
- 22% приход на Буџетот на Република Македонија и
- 78% приход на буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.
(5) Средствата кои согласно со ставот (4) алинеја 1 на овој член се приход на Буџетот на Република Македонија во висина од 4% ќе се користат за рекултивација и враќање во корисна состојба на деградираните простори на кои се вршени геолошки истражувања и/или експлоатација на минерални суровини.
(6) Во случај кога концесиската дејност се врши на подрачје на повеќе општини, средствата од ставот (4) алинеја 2 на овој член сразмерно се распределуваат на општините, а во зависност од големината на просторот на кој е доделена концесијата.
(7) При спроведувањето на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на јавен повик, како почетна минимална цена утврдена од концедентот ќе се смета висината на надоместоците за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини утврдени со тарифникот од ставот (1) на овој член.
(8) При спроведувањето на постапка за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини со јавен повик, како почетна минимална цена утврдена од концедентот ќе се смета висината на надоместоците за користење на просторот на кој се предлага доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини утврдени со тарифникот од ставот (1) на овој член.
(9) Освен почетна минимална цена, согласно со ставовите (5) и (6) на овој член, Владата може да утврди и повисока или пониска минимална цена, а во зависност од локалитетот и видот на минералната суровина.
(10) При спроведувањето на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини на јавен повик, понудувачите мора да приложат гаранцијата за учество во постапката која не може да биде помала од 10% од вредноста утврдена во понудата.

**Член 76-а**
**Обврска на концесионерите за електронско пријавување на товарните минерални суровини**
*Избришан*

## ДЕЛ V
## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

### Член 77
### Ограничување на сопственичкото право

Сопственичките или другите стварни права над земјиштето на кое се вршат детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини, може да се одземат или ограничат во случај кога вршењето на деталните геолошки истражувања или експлоатација на минералните суровини е од јавен интерес, под услови утврдени со овој закон и Законот за експропријација.

## ДЕЛ VI
## БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

### Член 78
### Безбедност и здравје при вршење на геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини

(1) Заради безбедност на животот и здравјето на работниците концесионерот кој врши детални геолошки истражувања или екплоатација на минерални суровини е должен:
- навремено да ги спроведува мерките за безбедност при работа согласно со овој закон и Законот за безбедност и здравје при работа и
- да ја организира и уреди заштитата при работа со акт согласно со специфичните услови и опасности во своите објекти согласно со овој закон и Законот за безбедност и здравје при работа.

(2) При изведување на рударски работи и вршење на надзор концесионерот мора да обезбеди технички надзор и водење на работите согласно со овој закон и Законот за безбедност и здравје при работа.

(3) Одговорното лице за изведување на рударски работи или лицето кое врши надзор на изведувањето на рударските работи, како и лицата кои вршат надзор на безбедноста при работа, имаат право привремено да го отстранат од вршење на работите работникот кој изршил повреда на некоја пропишана мерка со која се загрозува личната и колективната сигурност и безбедност.

(4) При изведување на рударските работи концесионерот мора да обезбеди водење на евиденција во пишана форма за рударски надзор во која се внесуваат мерките на овластените лица на концесионерот кои се однесуваат на безбедноста при работа и здравјето на работниците и службените налози на овластените лица на концесионерот.

(5) Концесионерот кој изведува подземни рударски работи задолжително мора да организира служба за безбедност при работата.

(6) Концесионерот кој управува со инсталација за управување со отпад треба да назначи одговорно лице кое е одговорно за надзор над програмата за спречување на значителни опасности.

(7) Концесионерот кој изведува рударски работи каде што постои опасност од пожар, експлозија, појава на отровни гасови, или пак можности од навлегување на гасови, вода и тиња, мора да организира служба за спасување и служба за против пожарна заштита.

(8) Начинот на организирањето и работата на службата за спасување го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика со согласност на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(9) При изведување на рударски работи концесионерот мора да преземе и мерки заради безбедност на животот и здравјето на граѓаните, како и безбедност на недвижните и движните ствари.

(10) Поблиските услови и начинот на спроведување на безбедноста при работа во рударството ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика со согласност на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(11) Начинот на изработка и содржината на програмата за спречување на значителни опасности ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(12) Работите и задачите што се сметаат за опасни (работи во окна, расчистување на рушевини и слично) можат да се изведуваат само под надзор на стручно лице кое го определува одговорното лице кај концесионерот.

(13) Концесионерот мора пред распоредувањето на работите, односно на работните задачи работникот да го запознае со прописите и мерките за безбедноста при работа во врска со работите кои ќе ги врши, со опасностите кои можат да настанат при таа работа, како и со организирањето и спроведувањето на безбедносните мерки при работа и да определи работник кој целосно ќе го запознае со правата и обврските во врска со безбедноста при работа и условите за работа.
(14) Движењето на работниците кои се распоредени на работно место во јама, како и изведувањето на работните задачи може да се врши само кога се присутни најмалку двајца работници или кога истите можат да остварат непосреден визуелен контакт.
(15) Работникот кој прв пат се распоредува на рударските работи мора постепено, а најмалку 15 дена да се внесува во работата под непосредно раководење и надзор на работник и инструктор определен од работник со посебни овластувања и одговорности.
(16) Работниците кои се распоредени на работно место во јама мораат при нивното прераспоредување на друго работно место на кое не работеле дотогаш да се запознаат со специфичните опасности на новото работно место и со мерките за безбедност при работа и опасностите кои можат да настанат при вршење на работите на кои се распоредуваат.
(17) Работниците кои се распоредени на работно место во површинските погони кои во јамата влегуваат повремено заради извршување на одделни работи, мора да бидат претходно запознати со специфичностите на работата во јама, со сите опасности кои произлегуваат од таквата работа и со мерките за безбедноста при работа на кои мора да се придржуваат.
(18) Работниците кои се распоредени на работно место надвор од јама можат да влегуваат во јама само со писмена дозвола на раководителот на јамата или од него овластено лице.
(19) Секој работник е должен во текот на работата да ги почитува и спроведува пропишаните мерки и постојано да го дополнува и да го усовршува своето знаење од областа за безбедност при работа.
(20) Концесионерот е должен да донесе посебни програми за стекнување, дополнување и усовршување на знаењето за областите за безбедност при работа според видовите на работите, односно работните задачи.
(21) Концесионерот кој ги врши деталните геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини е должен да обезбеди:
- мерки за безбедност и здравје при работа особено со назначување на едно или повеќе стручни лица за безбедност,
- ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа,
- донесување на безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи,
- донесување мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност,
- обука на вработените за безбедно извршување на работата врз основа на сопствена програма,
- обезбедување на опрема за лична заштита за вработените и нејзината употреба, доколку презумените безбедносни мерки во работната средина не се доволни,
- вршење на повремени прегледи и испитување на работната средина и опрема,
- следење на здравствената состојба на вработните и
- одржување на средствата за работа во исправна состојба, проверување на исправноста и безбедноста за работа со повремени прегледи и испитувања кои ги врши на начин и во рокови пропишани со актот што тој го донесува, односно со упатството на производителот, техничките прописи и стандарди.
(22) Концесионерот не смее да стави во употреба техничка опрема за која не е извршен технички преглед и за која нема издадено решение за употреба, ниту пак вработениот смее да употреби такви средства.
(23) Концесионерот е должен да води евиденција за:
- стручното обучување и оспособување на вработените за безбедна работа,
- извршените прегледи на средствата за работа,
- спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките параметри,
- штетноста и на микроклимата на работните места,
- претходните и периодичните здравствени прегледи на вработените и
- професионалните болести, заболувањата во врска со работата, повредите при работа и смртните случаи при работата.

**Член 79**

**Обврска за запознавање**

(1) Органите на управувањето и раководните работници кај концесионерот се должни да организираат запознавање на сите работници со прописите и мерките за безбедност при работа, како и со мерките за спроведување на плановите за одбрана и акциите за спасување во случај на ненадејни несреќи. За таа цел концесионерот е должен еднаш годишно да организира обука на која работниците ќе се запознаат со прописите и техничките мерки за спроведување на планот на одбраната и спасувањето.

(2) Концесионерот е должен еднаш годишно да го проверува познавањето на прописите и мерките за безбедност при работа, како и програмите за спречување на значителни опасности во случај на ненадејни несреќи на работниците со посебни овластувања и одговорности кои вршат надзор, како и други работници со посебни овластувања.

(3) Работниците кои нема да покажат задоволително знаење од прописите и мерките за безбедност при работа, а особено од спроведувањето на програмата за спречување на значителни опасности, не можат понатаму да ги вршат работите, односно работните задачи, се додека со повторно проверување не се утврди дека ги познаваат прописите и мерките за безбедност при работа.

**Член 80**

**Обврска за известување**

(1) Секој работник, кој е вработен кај концесионерот што врши детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини, е должен веднаш да го извести непосредниот раководител за несреќа при работа, потешка повреда при работа, или појава што го загрозува животот на работниците, како и за причините за настанување на истите.

(2) Концесионерот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено да го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција за секој смртен случај, колективна несреќа, тешка телесна повреда и секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа.

## ДЕЛ VII
## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

**Член 81**

**Заштита на животната средина**

Концесионерот кој врши детални геолошки истражувања или експлоатација, како и преработка на минерални суровини, е должен да се придржува кон одредбите на овој закон и Законот за животната средина и другите прописи од областа на животната средина и мора да ги спроведува мерките за заштита на животната средина од потенцијалните опасности и штетните влијанија.

**Член 82**

**Надоместок на штета**

Штетата сторена при вршење на геолошките истражувања и изведувањето на рударските работи, односно експлоатацијата и преработката на минералните суровини се надоместува во согласност со прописите за надоместок на штета.

**Член 83**

**Санација на околината и отстранување на последиците**

(1) Концесионерот кој врши детални геолошки истражувања или експлоатација, како и преработка на минерални суровини, за време на деталните геолошки истражувања, експлоатација и/или преработка на минерални суровини, изведувањето на рударските работи и работи од преработка на минерални суровини, како и по нивното завршување мора да изведе санација на просторот, во согласност со проектот за вршење на детални геолошки истражувања, проектот за санација, кој е составен дел од главниот или дополнителниот рударски проект, како и во согласност со планот за управување со отпад.

(2) Заради рекултивација и враќање во корисна состојба на напуштени деградирани простори на кои се вршени геолошки истражувања и/или експлоатација на минерални суровини, Владата донесува годишна програма за

рекултивација на деградирани простори на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(3) Со годишната програма од ставот (2) на овој член се утврдуваат напуштените деградирани простори за коишто треба да бидат преземени мерки за рекултивација, начинот на рекултивацијата, висината на потребните средства за рекултивација, како и начинот на управување со инсталациите за отпад што се последица од експлоатацијата на минерални суровини на лежишта од кои е исцрпена минералната суровина.
(4) Средствата за финансирање на годишната програма од ставот (2) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија од средствата определени како надоместоци за доделени концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.

**Член 84**
**Интервенции во концесискиот простор**
Преку концесискиот простор, односно експлоатационото поле може да се градат инфраструктурни објекти кои се од јавен интерес без притоа да се наруши експлоатацијата на минерални суровини. Водите кои ќе се појават при изведување на рударските работи, концесионерот може да ги употребува за свои технолошки потреби согласно со Законот за водите и прописите донесени врз основа на тој закон. Пред испуштање на отпадните води концесионерот задолжително треба да ги прочисти од штетните состојки во согласност со прописите од областа на животната средина.

## ДЕЛ VIII
## ОТПАД ОД МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

**Член 85**
**Одлагање на отпад од минерални суровини**
(1) Коцесионерите кои вршат експлоатација и преработка на минерални суровини се должни отпадот кој го создаваат при експлоатација и преработка на минерални суровини да го одлагаат во инсталацијата за отпад.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член одлагањето на отпадот од минералните суровини не се врши:
- за отпадот што е произведен со истражување и отпадот од работата на каменоломите, но кој не произлегува директно од активноста на каменоломот;
- за отпадот од неметалични минерални суровини (сите видови на глини и собирен кварц);
- при инјектирање на вода и повторно инјектирање на испумпани подземни води и
- за песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации).

**Член 86**
**Мерки за управување со отпад од минерални суровини**
(1) Депонирањето на отпадот кој настанува со експлоатација и преработка на минерални суровини треба да обезбеди:
1) управување со отпадот од минерални суровини без да се загрози човековото здравје и без да се користат процеси или методи што би можеле да и наштетат на животната средина, а особено без ризик по водата, воздухот, почвата, фауната и флората, без предизвикување непријатности со бучава или миризби и без негативни влијанија врз пејзажот или подрачја коишто уживаат посебна заштита согласно со закон;
2) спроведување на потребни мерки за забрана на напуштање, фрлање или неконтролирано складирање на отпад од минерални суровини и
3) преземање на сите мерки од страна на концесионерот на инсталацијата за управување со отпад потребни за да се спречат или да се намалат во најголема можна мера сите негативни влијанија врз животната средина и врз човековото здравје, а кои се резултат од управувањето со отпадот од минерални суровини. Ова вклучува управување со секој вид на инсталација за отпад во текот на работењето и по нејзиното затворање, спречување на големи инциденти кои ја вклучуваат таа инсталација, како и ограничување на последиците од тоа по животната средина и по човековото здравје.
(2) Мерките од ставот (1) точка 3 на овој член, меѓу другото, треба да почиваат на најдобри достапни техники без пропишување на употреба на одредена техника или посебна технологија, но имајќи ги предвид техничките карактеристики на инсталацијата за отпад, нејзината географска локација и локалните услови на животната средина.

**Член 87**

**План за управување со отпад од минерални суровини**

(1) Концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпад од експлоатација задолжително изработува план за управување со отпадот од минерални суровини, заради сведување на минимум, прочистување, обновување и складирање на новонастанатиот отпадот од минералните суровини, имајќи го предвид начелото на одржлив развој.

(2) Целите на планот за управување со отпад од минерални суровини се:

1) спречување или намалување на производството на отпад и на неговото штетно влијание, особено имајќи го предвид следново:

- управувањето со отпадот од минерални суровини во фазата на креирање и при изборот на метод што се користи при експлоатација и преработка на минералните суровини,
- промените што може да ги претрпи отпадот од експлоатацијата на минералните суровини, во однос на зголемувањето на експлоатираното поле и изложеноста на површинските услови,
- враќање на отпадот од минералните суровини во површинските копови и подземните окна и јами, по експлоатацијата на минералните суровини до степен до кој тоа е технички и економски изводливо и безбедно за животната средина, а во согласност со Законот за животната средина,
- враќање на горниот слој од почвата по затворањето на инсталацијата за отпад од минерални суровини или, ако тоа не е практично изводливо, повторна употреба на горниот слој на почвата на друго место и
- употреба на помалку опасни супстанции за преработка на минералните суровини;

2) поттикнување на реупотребата на отпадот од минералните суровини преку рециклирање, повторна употреба или негово доведување во употреблива состојба, каде што тоа е безбедно по животната средина согласно со прописите за заштита на животната средина и условите утврдени со овој закон и

3) обезбедување на краткорочно и долгорочно безбедно складирање на отпадот од минералните суровини, особено со предвидување (уште во фазата на креирање) изградба и управување со инсталацијата за отпад во текот на работењето и по завршувањето на активностите и избирање на дизајн кој:

- обезбедува минимално или воопшто не бара следење, контрола и управување на затворената инсталација за отпад,
- ги спречува или барем ги намалува во најголема можна мера сите долготрајни негативни влијанија и
- обезбедува долгорочна геотехничка стабилност за сите хидројаловишта или одлагалишта кои се издигнуваат над површината на земјата, која постоела пред почетокот на работата на инсталацијата за управување со отпад.

(3) Содржината на планот за управување со отпад ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(4) Планот за управување со отпад се разгледува или соодветно се ревидира на секои пет години, во случај на значајни промени во работењето на инсталацијата за управување со отпад може и порано. За сите измени концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпат од експлоатација бара согласност од органот на државна управа надлежен за работата во областа на минералните суровини.

(5) Планот за управување со отпад може да го изготвуваат правни или физички лица кои се запишани во Централниот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија и кои поседуваат овластување за изработка на рударски проекти.

(6) Ревизија на планот за управување со отпад може да вршат правни или физички лица кои се запишани во Централниот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија и кои поседуваат овластување за изработка на рударски проекти, но кои не учествувале во неговата изработка.

**Член 88**

**Карактеризација на отпад**

Отпадот што се депонира во инсталација за управување со отпад се карактеризира на начин што гарантира долгорочна физичка и хемиска стабилност на структурата на инсталацијата и спречување на значителни опасности. Таму каде што тоа е релевантно и согласно со категоријата на инсталацијата за отпад, карактеризација на отпадот ги вклучува следниве аспекти:

- опис на очекуваните физички и хемиски карактеристики на отпадот што се депонира на краток и на долг рок, особено со преглед на неговата стабилност во или под површината, влијанието на атмосферски и метеоролошки услови, а

земајќи го предвид видот на минералот или минералите што се вадат и природата на сите непотребни минерали што се пренесуваат на друго место во текот на операциите на експлоатирање,
- класификација на отпадот според Листата на видови на отпад,
- опис на хемиските супстанции што се користат во текот на прочистување на минералните суровини и нивната стабилност,
- опис на методот на депонирање на отпадот и
- опис на системот на транспортирање на отпадот.

**Член 89**

**Програма за спречување на значителни опасности**

(1) Само за инсталациите за управување со отпад од минерални суровини од категорија А утврдени согласно со ставот (6) на овој член концесионерот, односно операторот на инсталацијата за управување со отпад изготвува програма за спречување на значителни опасности.

(2) Концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпад од експлоатација пред почетокот на работењето со инсталацијата за управување со отпад изработува програмата за спречување на значителни опасности и воспоставува систем за безбедно управување за спроведување на програмата согласно со елементите утврдени во прописот од ставот (5) на овој член, како и внатрешен план за итни случаи прецизирајќи ги мерките што се преземаат на самата локација во случај на несреќа.

(3) Програмата од ставот (1) на овој член ги има следниве цели:
- да ги ограничи и да ги контролира инцидентите од големи размери и другите инциденти, со цел за последиците од истите да се сведат на минимум и особено да се ограничи штетата по човековото здравје и по животната средина,
- да се спроведат мерките потребни за заштита на човековото здравје и на животната средина од влијанијата на несреќите од големи размери и од други инциденти,
- да ги пренесат потребните информации до јавноста и до релевантните служби или органи и
- да предвидат санација, обновување и расчистување на животната средина по несреќа од големи размери.

(4) Програматата од ставот (1) на овој член се ревидира на секои три години и во случај на потреба се ажурира и за период пократок од три години.

(5) Содржината на програмата за спречување на значителни опасности ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(6) Инсталацијата за отпад се класифицира во категорија А, доколку:
- со претходна процена на опасноста на инсталацијата се констатира пропуст или погрешна изведба како, на пример, колапс или напукнување на браната на хидројаловиштето, може да предизвикуваат големи несреќи од поголем размер, земајќи ги предвид факторите како што се моменталната или идната големина на инсталацијата, количеството на отпад, локацијата и влијанието на инсталацијата за отпад врз животната средина и
- содржи отпад класифициран како опасен отпад според Листата на видови на отпад.

**Член 90**

**Управување со значителни опасности**

(1) При настанување на значителни опасности и последиците кои може да произлезат од управувањето со отпадот од минерални суровини се применуваат прописите од областа на управување со кризи.

(2) Во случај на значителни опасности концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпад од експлоатација е должен веднаш да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на управување со кризи и Државниот инспекторат за техничка инспекција со сите потребни информации за да се минимизираат последиците по здрајето на луѓето и да се минимизира штетата по животната средина.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на управување со кризи во случај на значителни опасности е должен да осигура дека засегнатата јавност е навремено информирана за сите релевантни прашања кои се однесуваат на здравјето на луѓето и заштитата на животната средина.

**Член 91**

**Критериуми за класификација на инсталациите за отпад**

Инсталацијата за отпад се класифивира во категорија А, доколку:
- со претходна процена на опасноста на инсталацијата се констатира пропуст или погрешна изведба како, на пример, колапс или напукнување на браната на хидројаловиштето, може да предизвикуваат големи несреќи од поголем размер, земајќи ги предвид факторите како што се моменталната или идната големина на инсталацијата, количеството на отпад, локацијата и влијанието на инсталацијата за отпад врз животната средина или
- содржи отпад класифициран како опасен над одредени граници согласно со Листата на видови на отпад или
- содржи супстанции или препарати класифицирани согласно со Правилникот за начинот на класификација и означување на опасните хемикалии како опасни над одредени граници.

**Член 92**
**Експлатационо поле**

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини пред издавањето на дозволата за експлоатација ќе изврши точно дефинирање на експлоатационото поле каде што се наоѓа отпадот и ќе ги одреди потребните координати, количини и вид на отпад, како и појдовните карактеристики и особини на истиот и ќе преземе соодветни мерки со цел за:
- обезбедување на стабилноста на отпадот од минерални суровини, согласно со членот 93 од овој закон;
- спречување на загадување на почвата, површинските и подземните води и
- обезбедување на следењето на отпадот од минерални суровини согласно со планот за управување со отпад.

**Член 93**
**Изградба и управување со инсталации за отпад од минерални суровини**

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини осигурува дека при изградба на нова инсталација за отпад од минерални суровини (во натамошниот текст: инсталација) или измена на постојна инсталација, концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпат од експлоатација ќе обезбеди:
- дозвола за експлоатација на минерални суровини,
- А - интегрирана еколошка дозвола која ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или Б - интегрирана еколошка дозвола, општините на градот Скопје или градот Скопје, согласно со Законот за животната средина,
- инсталацијата за отпад да е соодветно лоцирана, земајќи ги предвид особено обврските од Законот за животната средина во однос на заштитените области и геолошките, хидролошките, хидрогеолошките, сеизмичките и геотехничките фактори и
- инсталацијата да е дизајнирана за да ги исполни потребните услови за краткорочно и долгорочно спречување на загадување на почвата, воздухот, подземните или површинските води, земајќи ги особено предвид Законот за животната средина и Законот за водите и да обезбеди ефикасно собирање на загадените води и исцедокот во моментот и на начинот наведени во одобрението, како и намалување на ерозијата предизвикана од водата или ветерот, до тој степен до кој тоа е технички возможно и економски исплатливо.
(2) Концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпат од експлоатација, без непотребно одложување и, во секој случај, во рок не подолг од 48 часа, ги известува Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспекторат за животна средина и Државниот инспекторат за техничка инспекција за настани за кои има изгледи да влијаат врз стабилноста на инсталацијата за отпад од минерални суровини и за сите значителни негативни влијанија врз животната средина откриени со постапките на контрола и следење на инсталацијата.
(3) Концесионерот ја спроведува програмата за спречување на значителни опасности при управувањето со отпадот од минерални суровини согласно со членот 89 од овој закон, таму каде што тоа е релевантно и ги следи сите други инструкции од надлежните органи во однос на корективните мерки што е потребно да се преземат.
(4) Концесионерот ги покрива трошоците за мерките што е потребно да се преземат, како и за независниот експерт од ставот (6) на овој член.
(5) Најмалку еднаш годишно концесионерот, врз основа на собраните податоци, доставува извештај до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини за сите резултати од следењето за да

демонстрира сообразеност со условите за издавање на дозвола за експлоатација и за да ги дополни сознанијата за однесување на отпадот и на инсталацијата.
(6) Врз основа на тој извештај органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини може да одлучи дека е потребна верификација од страна на независен експерт.

**Член 94**
**Постапки за затворање и по затворање на инсталациите за отпад од минерални суровини**
(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини донесува решение за затворање на инсталацијата, ако:
- се исполнети условите за затворање дефинирани во дозволата за експлоатација,
- концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпат од експлоатација поднесе барање за затворање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини,
- органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, врз основа на извештајот од членот 93 став (5) од овој закон, или врз основа на извештај од Државниот инспекторат за животна средина или Државниот инспекторат за техничка инспекција, утврди дека инсталацијата не ги исполнува условите дадени во дозволата за експлоатација и
- концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпат од експлоатација не постапува согласно со решението од Државниот инспекторат за животна средина и Државниот инспекторат за техничка инспекција.
(2) Државниот инспектор за животна средина и државниот инспектор за техничка инспекција пред затворање на инсталацијата ќе:
- извршат инспекциски надзор на инсталацијата,
- ги прегледаат сите извештаи за работата и затворањето на инсталацијата кои ги доставил концесионерот и - утврди дека почвата на која се наоѓа инсталацијата е санирана.
(3) Концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпат од експлоатација по затворањето на инсталацијата треба да:
- ја надгледува физичката и хемиската стабилност на инсталацијата за да се намали каков било негативен ефект на животната средина, особено на површинските и подземните води, - ги одржува уредите за мониторинг и мерење во исправна состојба и
- ги одржува проодни проточните и преливните канали.
(4) Концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпат од експлоатација по затворање на инсталацијата задолжително:
- го известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини за сите настани или случувања што има изгледи да влијаат врз стабилноста на инсталацијата за отпад, како и за сите влијанија врз животната средина откриени со релевантните постапки на контрола и следење,
- ја спроведува постапката за одржување на инсталацијата и
- ги покрива трошоците за мерките кои се потребни да се преземат.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини донесува решение за престанок на обврските на концесионерот по затворање на инсталацијата по однос на ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, при што се зема предвид видот и времетраењето на опасноста од загадување на животната средина во фазата по затворањето.

**Член 95**
**Спречување на влошување на состојбата на водата и загадување на воздухот и на почвата**
(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, во соработка со Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот инспекторат за животна средина осигуруваат дека концесионерот ги презема потребните мерки, стандарди и цели на животната средина, утврдени со овој или со друг закон и прописите донесени врз основа на нив, а особено да го спречи влошувањето на тековната состојба на водата, меѓу другото, со:

- оценување на можноста за создавање исцедок, вклучително и контаминирана содржина на исцедок од депонираниот отпад во текот на фазата на работење и фазата по затворање на инсталацијата за отпад, како и одредување на нивото на водата во инсталацијата за отпад,
- спречување или сведување на минимум на создавањето на исцедок и контаминирање на површинските или подземните води и на почвата со отпад и
- собирање и прочистување контаминирана вода и исцедок од инсталација за отпад според соодветен стандард потребен за нивно испуштање.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, во соработка со Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот инспекторат за животна средина обезбедуваат преземање соодветни мерки за заштита или намалување на емисии на прав и на гасови од страна на концесионерот.
(3) Во случаи во кои, врз основа на оцената на ризиците по животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, во соработка со Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот инспекторат за животна средина ќе одлучат дека не е потребно собирање и прочистување на исцедокот или е востановено дека инсталацијата за отпад не претставува потенцијална опасност за почвата, подземните или за површинските води, активностите утврдени во ставот (1) алинеи 2 и 3 на овој член можат, согласно со ситуацијата, да се намалат или да се укинат.
(4) При враќањето на отпадот од експлоатација во јамите за кои ќе се дозволи поплавување по затворањето, без оглед на тоа дали отпадот доаѓа од површинска или од подземна експлоатација, концесионерот ги презема сите потребни мерки за да го спречи или сведе на минимум нарушувањето на состојбата на водата и загадувањето на почвата, согласно со ставовите (1) и (3) на овој член. Концесионерот ги доставува потребните информации до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за да обезбеди усогласување со обврските што произлегуваат од Законот за водите.
(5) Во случај кога во рамките на инсталациите за отпад е инсталиран басен кој вклучува присуство на цијанид, концесионерот обезбедува намалување на концентрацијата на слаба киселина од растворен цијанид во басенот до најнизок степен, користејќи ја најдобрата техника што му е на располагање, а во секој случај осигурува дека концентрацијата на цијанид одвоив со слаба киселина, во моментот на испуштање на јаловината од местото на обработка во басенот, не надминува 10 ppm за инсталациите за отпад.
(6) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина побара, концесионерот е должен да демонстрира дека нема потреба дополнително да се намалува дозволената концентрација, преку оцена на ризикот, која ги зема предвид посебните услови на локацијата.

**Член 96**
**Финансиска гаранција**

(1) Пред доделувањето на дозволата за експлоатација органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини бара потврда за финансиска гаранција која би била доволна за покривање на трошоците за елиминирање на штетните ефекти по животната средина од дозволените дејности без оглед на тоа дали настанале за време или по истекот на дозволата за експлоатација со што:
- треба да се исполнат сите обврски според дозволата за експлоатација вклучувајќи ги и одредбите во фазата по затворањето на инсталацијата и - во секој момент постојат веднаш достапни фондови за санација на земјиштето што е зафатено од инсталацијата, како што е опишано во планот за управување со отпад од минерални суровини, подготвен согласно со прописите од членот 87 од овој закон.
(2) Пресметката на финансиската гаранција од ставот (1) на овој член се врши врз основа на:
- веројатното влијание на инсталацијата врз животната средина, земајќи ги предвид категоријата на инсталацијата, карактеристиките на отпадот и идната употреба на рекултивираното земјиште и
- процената која ќе ја спроведат независни правни или физички лица кои се запишани во Централниот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија и кои поседуваат овластување за изработка на рударски проекти, по однос на потребните средства за рекултивација на земјиштето.

(3) Висината на финансиската гаранција се приспособува периодично, согласно со работите за рекултивација на земјиштето кои треба да се извршат на земјиштето зафатено од инсталацијата опишано во планот за управување со отпадот од минералните суровини, подготвен согласно со прописот од членот 87 од овој закон, но не може да биде помала од една третина од процената на трошоците за операциите на преработка и отстранување на отпадот.
(4) Во случаи кога органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини одобрува затворање на инсталација за управување со отпад согласно со членот 94 став (3) од овој закон, истото му се доставува на концесионерот во писмена изјава, со која го ослободува од обврската за финансиска гаранција од ставот (1) на овој член, со исклучок на обврските во фазата по затворањето од членот 94 став (4) од овој закон.

**Член 97**
**Прекугранични влијанија**
(1) Во случаи кога инсталацијата за управување со отпад од категорија А би имала прекугранични значајни негативни влијанија врз животната средина и последователни ризици по човековото здравје, или во случаи кога тоа го бара соседна земјата за која постојат изгледи дека ќе биде засегната, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини е должен да ги достави обезбедените информации до другата земја, во исто време кога се достапни и за нејзините граѓани. Ваквите информации служат како основа за евентуално потребните консултации во рамките на билатералните, односи меѓу двете земји, на реципрочна и еквивалентна основа.
(2) Во рамките на билатералните односи на Република Македонија со други земји, во случаите од ставот (1) на овој член, се обезбедува достапност на барањата за дозвола за експлоатација од членот 55 од овој закон во текот на одреден временски период и за заинтересираната јавност од други земји за кои постои веројатност дека ќе бидат засегнати, за истите да имаат право да дадат свои коментари за барањето пред органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини пред да ја издаде дозволата за експлоатација.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини обезбедува дека, во случај на несреќа која вклучува инсталација за отпад од минерални суровини, информациите што ги доставува концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпат од експлоатација до органот на државната управа надлежен за работите од областа на управување со кризи и Државниот инспекторат за техничка инспекција согласно со членот 89 став (2) од овој закон веднаш се препраќаат до другата земја за да се помогне во сведување на последиците од несреќата по човековото здравје на минимум и да се оцени и сведе на минимум степенот на реалната и на потенцијалната штета за животната средина.

**Член 98**
**Регистар на затворени инсталации за отпад**
(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини води Регистарот на затворени инсталации за управување со отпад од минерални суровини, вклучително и напуштени инсталации, кои можат да предизвикаат сериозни негативни влијанија врз животната средина или имаат потенцијал на кус или на долг рок да прераснат во сериозна закана за човековото здравје или за животната средина.
(2) Составен дел од Регистарот од ставот (1) на овој член е:
- планот за управување со отпад од минерални суровини согласно со членот 87 од овој закон и
- податоци за издадените дозволи за експлоатација од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(3) Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на затворени инсталации за управување со отпад го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

**Член 99**
**Учество на јавноста**
(1) Информациите содржани во барањето за дозвола за експлоатација, детали во врска со издавање на дозвола за експлоатација, како и самата дозвола за експлоатација се објавуваат на интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(2) Заинтересираната јавност има право на изнесување свои коментари и мислења до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини пред да се издаде дозволата за експлоатација во рок од 15 дена од денот на објавувањето.
(3) Кога е издадена дозвола за експлоатација, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини ја информира засегнатата јавност за содржината на дозволата за експлоатација.
(4) Чувствителните информации од чисто комерцијална природа како, на пример, информациите за деловни односи и компонентите на трошоците и големината на економските резерви на минерални суровини, не се објавуваат.

**ДЕЛ IX**
**НАДЗОР**
**Член 100**
**Надзор**
(1) Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.
(2) Инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон го врши Државниот инспекторат за техничка инспекција преку државни геолошки инспектори, државни рударски инспектори и државни инспектори за електрика во рударството и други инспекциски органи согласно со овластувањата утврдени со овој или со друг закон.
(3) Инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон кои се однесуваат на животната средина го врши Државниот инспекторат за животна средина преку државни инспектори за животна средина.
(4) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон во однос на вршењето на детални геолошки истражувања и/или експлоатација на минерални суровини без концесија и дозвола за експлоатација на минерални суровини, покрај надлежните инспекциски органи од ставот (2) на овој член врши и Министерството за внатрешни работи.
(5) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека деталните геолошки истражувања или експлоатацијата на минералните суровини се вршат без концесија или дозвола за експлоатација согласно со одредбите од овој закон, предметите и средствата со кои се врши ископ, односно експлоатација, транспорт, како и минералната суровина привремено ќе се одземат.
(6) Надзор и контрола над плаќањето на надоместоците за вршење на детални геолошки истражувања и за концесија за експлоатација на минерални суровини утврдени согласно со овој закон врши Управата за јавни приходи.
(7) Управата за јавни приходи е должна на секои три месеци да доставува извештај за платените концесиски надоместоци за секоја концесија одделно.
(8) Државниот инспекторат за техничка инспекција е должен секој месец до Министерството за економија да доставува извештај за извршените инспекциски надзори.

**Член 101**
**Надлежност и овластување**
(1) Државните геолошки инспектори, државните рударски инспектори и државните инспектори за електрика во рударството се овластени да вршат инспекциски надзор над примената на прописите за безбедност при работа при изведба на рударски работи, експлоатација на минерални суровини, преработка на минерални суровини и вршење на детални геолошки истражни работи согласно со овој закон и прописите за безбедност при работа.
(2) Државните инспектори за животна средина се овластени да вршат инспекциски надзор над примената на прописите за животна средина.

**Член 102**
**Државен геолошки инспектор**
Државниот геолошки инспектор врши непосреден инспекциски надзор над примената на законите, подзаконските акти и други општи акти и примената на пропишаните стандарди и технички нормативи при геолошките истражувања, а особено дали:

- концесионерот кој врши детални геолошки истражувања ги исполнува условите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- субјектот кој врши детални геолошки истражувања на минерални суровини има добиено концесија или дозвола за детални геолошки истражувања на минерални суровини,
- лицето кое ги изведува основните и деталните геолошки истражувања на минерални суровини поседува овластување и ги исполнува условите пропишани со овој или со друг закон,
- се вршат рударски мерења и дали поседуваат рударски планови за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини со ажурирана состојба на изведените детални геолошки истражувања,
- работите ги изведува согласно со проектот за вршење на основните или деталните геолошки истражувања, стандардите и техничките нормативи,
- концесионерот најмалку еднаш годишно доставува извештај за извршените геолошки истражувања согласно со динамиката утврдена во проектот за геолошки истражувања,
- има книга во која се водат извршените истражни работи за геолошки истражувања,
- има елаборат за уредување на објектите со мерки за безбедност при работа,
- има решение за поставување на овластено лице за водење на работите при вршење на деталните геолошки истражувања,
- има донесено решение за поставување на одговроно лице за надзор и изведување на геолошките истражувања,
- има уверенија за стручна оспособеност на работниците за извршување на работите и за нивната здравствена состојба,
- има извештаи за извршени периодични прегледи и испитувања на опремата и орудијата за работа заради утврдување на нивната исправност,
- има донесено упатства за работа со мерки на безбедност и здравје при работа и
- поседува документација пропишана со овој или со друг закон.

**Член 103**
**Државен рударски инспектор**

Државниот рударски инспектор врши непосреден инспекциски надзор над примената на законите, подзаконските акти и други општи акти, како и над примената на пропишаните стандарди и технички нормативи за вршење на работите при изведба на рударски работи, експлоатација и преработка на минерални суровини, а особено дали:
- концесионерот ги исполнува условите пропишани со овој или со друг закон,
- концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини има добиено концесија за експлоатација на минерални суровини,
- концесионерот има дозвола за експлоатација или дозвола за изведување на рударски работи според дополнителни рударски проекти,
- лицето кое врши техничко водење и надзор ги исполнува условите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- при изведувањето на рударските работи правилно се применуваат техничките нормативи и стандарди,
- се вршат рударски мерења и поседуваат рударски планови со ажурирана состојба на изведените рударски работи,
- за изведените рударски објекти кои се користат има решение за употреба,
- се спроведуваат мерките за заштита при работа утврдени согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- се почитува обврската за запознавање на работниците со прописите и мерките за безбедност при работа, како и со мерките за спроведување на плановите за одбрана и акциите за спасување во случај на ненадејни несреќи,
- навремено се преземаат мерки за безбедност на граѓаните и нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти, безбедност на животната средина и природата, културното наследство, како и мерки за рекултивација на земјиштето во согласност со закон,
- концесионерот врши санација на просторот во согласност со договорот за концесија и дозволата за експлоатација,
- води евиденција за произведените количини на минерални суровини на начин утврден со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- врши редовно геодетско мерење на површинскиот коп заради пресметка на откопаните количини на минерална суровина,

- дали доставува известување за известување за експлоатираните количини на минерални суровини на начин утврден со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- има решение за поставување на раководни лица и лица за вршење на техничко водење и надзор при изведувањето на рударските работи и дали истите ги исполнуваат условите за вршење на тие работи,
- има уверенија за стручна оспособеност на работниците за извршување на работите и за нивната здравствена состојба,
- има извештаи за извршени периодични прегледи и испитувања на опремата и орудијата за работа заради утврдување на нивната исправност,
- има упатства за работа со мерки на безбедност и здравје при работа за применетиот технолошки процес за експлоатација и преработка на минерални суровини и
- поседува документација пропишана со овој или со друг закон.

**Член 104**
**Државен инспектор за електрика во рударството**
Државниот инспектор за електрика во рударството врши непосреден инспекциски надзор над применувањето и придржувањето на законите, подзаконските акти и други општи акти, а особено во однос на:
- исполнување на пропишаните стандарди и технички нормативи при работа на електричните уреди и инсталации, како и тоа дали тие со нивната работа го загрозуваат здравјето и животот и имотот на луѓето и животната средина,
- одржување во технички исправна и безбедна состојба на електричните постројки, уреди и инсталации,
- водење на евиденција за техничките карактеристики на опремата, извршените испитувања со видот и датумот на испитувањата, одговорните лица под чиј надзор се вршени испитувањата, утврдената состојба и предложените мерки за функционална исправност и безбедност на објектите, уредите и инсталациите,
- водење на евиденција во посебни контролни книги, испитни протоколи и извештаи за утврдените наоди и констатации од извршените прегледи и испитувања, како и преземените мерки и
- исполнување на пропишаните услови за стручната подготовка на лицата кои раководат и ракуваат со електричните постројки, уреди и инсталации.

**Член 105**
**Државен инспектор за животна средина**
(1) Државниот инспектор за животна средина врши непосреден инспекциски надзор над применувањето и придржувањето на законите, подзаконските акти и други општи акти, а особено во однос на тоа да:
- утврди дали инсталацијата поседува дозвола за експлоатација,
- утврди дали концесионерите кои вршат експлоатација на минерални суровини доставиле годишен извештај до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини за сите резултати од следењето за да демонстрира сообразеност со условите за издавање на дозвола за експлоатација и за да ги дополни сознанијата за однесувањето на отпадот и на инсталацијата,
- утврди дали концесионерите кои вршат експлоатација на минерални суровини назначиле одговорно лице за надзор над програмата за спречување на значителни опасности,
- врши увид и контрола во податоците од евиденциите за опасен отпад од инсталациите со А - интегрирана еколошка дозвола и за опасен отпад од инсталациите со Б - интегрирана еколошка дозвола,
- врши увид и контрола дали отстранувањето на отпадот ги задоволува условите пропишани со дозволата за експлоатација, вклучувајќи ги и граничните вредности на емисија во воздухот, водата и почвата и
- утврди и други состојби од негова надлежност.
(2) На барање на инспектор за животна средина овластено лице на Министерството за внатрешни работи е должно да учествува во извршувањето на работите од ставот (1) на овој член.

**Член 106**
**Донесување на решенија на државниот инспектор за животна средина**
(1) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за животна средина со решение ќе:
- ги задолжи да изработат и достават годишен извештај до надлежниот орган во рок не подолг од 90 дена,

- ја ограничи или забрани работата на концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини, доколку не поседува ажуриран план за управување со отпад во траење од најмногу 30 дена,
- ја ограничи и забрани работата на концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини, доколку собирањето, транспортирањето, третманот, селектирањето, складирањето и преработката на отпадот се врши спротивно на одредбите од овој закон, во траење од 30 дена во кој рок треба да ги отстранат причините за настанатата состојба,
- ја ограничи и забрани работата на концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини, доколку со отпадот се постапува спротивно на одредбите од овој закон во траење од најмногу 30 дена во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба,
- ја ограничи или забрани работата на концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини, ако немаат назначено лице одговорно за надзор над програмата за спречување на значителни опасности, во траење од 30 дена во кој рок треба да ги отстранат причините за настанатата состојба,
- ја ограничи или забрани работата на концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини, доколку податоците од евиденцијата за отпад се водат, се чуваат и се постапува со нив на начин спротивно на одредбите од овој закон, во траење од 30 дена во кој рок треба да ги отстранат причините за настанатата состојба и
- ја ограничи или забрани работата на правните и физичките лица доколку не вршат мониторинг согласно со одредбите од овој закон, во траење од 30 дена во кој рок треба да ги отстранат причините за настанатата состојба.

(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за животна средина утврди дека концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини не се придржува кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди, препораки и други општи акти, со записник ќе ги констатира утврдените неисправности и неправилности и во решението ќе го определи рокот во кој треба да се отстранат.

(3) Доколку субјектите од ставот (1) на овој член не постапат согласно со решението на инспекторот за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, инспекторот за животна средина ќе поднесе прекршочна, односно кривична пријава пред надлежен суд.

(4) Во случај кога ќе се утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, инспекторот ќе издаде усна наредба за итно и неодложно отстранување на утврдените недостатоци кои записнички ги констатира во соработка со Државниот санитарно-здравствен инспекторат и ќе ги извести и другите надлежни инспектори или други државни органи за утврдените неправилности и ќе побара нивна интервенција.

(5) Ако констатираните неисправности и неправилности од ставот (4) на овој член претставуваат опасност за загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето, инспекторот веднаш ќе ја забрани работата на инсталацијата, објектот, постројката, уредот, како и употребата на средствата и опремата за вршење на дејноста.

(6) Во случаите од ставот (4) на овој член инспекторот донесува писмено решение во рок од 48 часа од издавањето на усната наредба.

(7) За вршењето на работите од ставот (1) на овој член инспекторот за животна средина има право на преземање и на други мерки утврдени со Законот за животната средина.

**Член 107**
**Редовност на инспекциски надзор**

(1) Државните геолошки инспектори, државните рударски инспектори и државните инспектори за електрика во рударството се должни да извршат надзор над изведувањето на деталните геолошки истражни работи, односно изведувањето на рударските работи и експлоатацијата на минералните суровини, кај секој концесионер одделно.

(2) Државните рударски инспектори се должни најмалку три пати годишно да вршат контрола на содржината на метлични и техногени минерални суровини во концентратите од кои се добиваат.

(3) Доколку при вршењето на инспекциоскиот надзор во случајот од ставот (2) на овој член државниот рударски инспектор констатира дека концесионерот несоодветно ја прикажува содржината на метлични и техногени минерални суровини во концентратите од кои се добиваат и за така утврдената состојба не преземе соодветни мерки, ќе се смета дека државниот рударски инспектор сторил потешка повреда на службената должност.

**Член 108**
**Констатации и наоди**

(1) За секој извршен инспекциски надзор инспекторот е должен да состави записник за констатираните наоди, неисправности и неправилности и да му го предаде на одговорното лице во правното или физичкото лице кај кое е извршен инспекцискиот надзор.
(2) Ако констатираните неисправности и неправилности претставуваат опасност за безбедноста на луѓето и имотот, инспекторот со решение ќе наложи мерки за отстранување на тие недостатоци во рок од 30 дена од денот на донесувањето на решението.
(3) Ако и во рокот од ставот (2) на овој член констатираните неисправности и неправилности не се отстранат тогаш инспекторот ќе го забрани изведувањето на деталните геолошки истражувања, изведбата на рударските работи и експлоатацијата на минералните суровини, во тој дел од рудникот или во целиот рудник.

**Член 109**
**Запирање на геолошките истражувања**
Државниот геолошки инспектор со решение ќе ги запре натамошните геолошки истражувања кога:
- деталните геолошки истражувања се вршат без концесија или дозвола за детални геолошки истражувања,
- деталните геолошки истражувања не се вршат според проектната документација, а таквите истражувања ја доведуваат во прашање стабилноста на објектот и безбедноста на животот и здравјето на луѓето, сообраќајот, соседните објекти и животната средина и природата и
- изведувањето на работите при основните или деталните геолошки истражувања се вршат спротивно на одредбите од овој закон.

**Член 110**
**Запирање на рударските работи**
Државниот рударски инспектор со решение ќе ги запре натамошните рударски работи на рударскиот објект или на определено работно место кога:
- експлоатацијата, изведувањето на рударските работи, односно изградбата на објектот и постројката се врши без дозвола или решение,
- експлоатацијата, изведувањето на рударските работи, односно изградбата на објектот или постројката не се врши според техничката документација врз основа на која е издадена дозволата за експлоатација, односно градба, а таквата експлоатација, односно градбата ја доведува во прашање стабилноста на објектот, безбедноста на животот и здравјето на луѓето, сообраќајот, соседните објекти и животната средина и природата и
- отстапувањето на вршењето на работите се врши спротивно на одредбите од овој закон.

**Член 111**
**Запирање на изведба и користење на електрични инсталации и уреди**
Државниот инспектор за електрика во рударството со решение ќе ја запре натамошната изведба или користење на електричните уреди и инсталации кога:
- изведбата на објектот или постројката се врши без дозвола или решение,
- изведувањето, односно изградбата на објектот или постројката не се врши според техничката документација врз основа на која е издадено одобрението за градба и
- електричните уреди и инсталации не се во согласност со пропишаните услови за безбедно ракување и користење со истите.

**Член 112**
**Забрана за изведување на работи**
Ако при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека лицата кои раководат или ракуваат со објектите, уредите, постројките и инсталациите не ги исполнуваат условите утврдени со овој и прописите донесени врз основа на овој закон, инспекторот ќе донесе решение со кое ќе го забрани вршењето на тие работи.

**Член 113**
**Жалба и извршување на решение**

(1) Против решението донесено од инспекторот со кое се определува управна мерка, може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум дена од денот на приемот на решението.
(2) Жалбата од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението, ако со одлагањето на извршувањето на решението би настанала непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, имотот, животната средина и природата.

**Член 114**
**Обврски за преземање на дејствија**
(1) Доколку при вршење на инспекцискиот надзор е утврдено дека е сторен прекршок или кривично дело, инспекторот мора веднаш да поднесе барање за поведување на прекршочна или кривична постапка.
(2) Доколку за утврдениот прекршок или кривично дело од ставот (1) на овој член државниот инспектор не поднесе барање за поведување на прекршочна или кривична постапка ќе се смета дека истиот сторил потешка повреда на работната должност.
(3) За прекршоците определени со овој закон прекршочна постапка води надлежен суд.

**Член 115**
**Самостојност при вршење на инспекциски надзор**
Државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор и државниот инспектор за електрика во рударството работите на инспекцискиот надзор и преземањето мерки за кои е овластен со овој или со друг закон го вршат самостојно и водат евиденција за извршените контроли и прегледи.

**Член 116**
**Обврска за известување и давања на податоци**
(1) Лицата кои подлежат на инспекциски надзор се должни во секое време да му овозможат на државниот инспектор да влезе во сите работни простории, на негово барање да му дадат известување и податоци во врска со надзорот, да зема изјава од одговорните лица, да сослушува сведоци, да зема мостри, а по потреба да користи и услуги од стручни организации и лица.
(2) Ако во текот на инспекцискиот надзор е потребно да се извршат испитувања (анализи или вештачења) од страна на соодветна стручна организација, трошоците за испитувањата ги надоместува лицето кај кое е извршен инспекцискиот надзор, во случај кога со правосилно решение ќе се утврди дека резултатите од овие испитувања не се во согласност со закон и други прописи донесени врз основа на закон.
(3) Лицата од ставот (1) на овој член мора да му ја стават на увид сета техничка и друга документација, да му обезбедат увид во технолошкиот процес и увид на соодветните сертификати и атести.
(4) Заради правилно утврдување на локацијата на вршењето на детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини, како и во однос на утврдување на количините на експлоатираните минерални суровини, како и во други случаи кога е тоа непоходно, државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор и државниот инспектор за електрика во рударството може да наредат да се изврши геодестко снимање, како и пресметка на откопани количини на минерални суровини.
(5) Геодетското снимање, како и пресметката на откопани количини на минерални суровини ја вршат трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности.
(6) Трошоците за геодетското снимање од ставот (4) на овој член паѓа на товар на субјектот над кој се врши инскециски надзор.

**Член 117**
**Привремениo одземање на предмети, средства и минерална суровина**
(1) Во случај кога при вршење на инспекциски надзор од страна на државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор и државниот инспектор за електрика во рударството, како и овластените лица во Министерството за внатрешни работи ќе се утврди дека се врши експлоатација на минерални суровини без за тоа да е издадена концесија, односно дозвола за експлоатација, предметите, средствата со кои се врши ископ, односно експлоатација, транспорт,

како и минералната суровина кои привремено се одземени се предаваат на привремено чување согласно со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.
(2) За извршеното примопредавање се составува записник.

**Член 118**
**Преземање на недоложни мерки**
(1) Државниот геолошки или рударски инспектор, како и државниот инспектор за електрика во рударството е должен веднаш на самото место да ги испита причините при смртен случај, колективна несреќа и тешка телесна повреда, како и да нареди мерки кои без одлагање мора да се преземат.
(2) Во случаите од ставот (1) на овој член државниот инспектор до надлежните органи е должен веднаш и во најкраток рок да поднесе извештај со мислење за причините и условите под кои се случила несреќата.

**Член 119**
**Едукација**
(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор или државниот инспектор за електрика во рударството утврдат дека е сторена неправилност за првпат утврдена во членовите 122 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7, 123 став (1) алинеи 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18, 124 став (1) алинеи 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18, 125 став (1) алинеи 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24 и 126 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од овој закон е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.
(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за техничка инспекција, односно органот кој го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.
(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.
(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.
(7) Доколку државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор или државниот инспектор за електрика во рударството при спроведувањето на инспекцискиот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.
(8) Доколку државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор или државниот инспектор за електрика во рударството при спроведувањето на повторниот инспекциски надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.
(9) Државниот инспекторат за техничка инспекција, односно органот кој го извршил инспекцискиот надзор и кој ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(10) Министерството за економија - Државниот инспекторат за техничка инспекција за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на интернет страницата на Министерството за економија на унифициран квартален преглед.

**ДЕЛ X**
**ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ**
**Член 120**
(1) Глоба во износ од 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- врши детални геолошки истражувања на енергетски, метлични и/или техногени минерални суровини без доделена концесија или дозвола за детални геолошки истражувања,
- пред започнувањето со вршење на детални геолошки истражувања не обезбеди писмена согласност за земјиштето каде што се вршат деталните геолошки истражувања,
- во рок од 120 дена по завршувањео на деталните геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини не достави елаборат од извршените детални геолошки истражувања,
- го попречува државниот геолошки инспектор во вршењето на инспекцискиот надзор и не му ја стави на увид потребната документација за вршење на тој надзор и
- не постапува по извршното и конечното решение на државниот геолошки инспектор.
(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење одделна дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеци ниту подолго од три години, како и дејноста чие вршење му се забранува на правното лице.
(3) Покрај прекршочната санкција на лицата од ставот (2) на овој член, за дејствијата од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој член може да се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети со кои се вршени геолошките истражувања.
(4) Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице и за тоа ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од една година.

**Член 121**
(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:
- врши детални геолошки истражувања на неметлични минерални суровини, архитектонско-украсен камен, песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), сите видови на глини и собирен кварц и минерални, термоминерални и термални води, без доделена концесија или дозвола за детални геолошки истражувања;
- не достави извештај од извршените научни и проспекциски истражувања,
- во рок од 120 дена по завршување на деталните геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини не достави елаборат од извршените детални геолошки истражувања и
- во рок од 15 дена пред започнувањето на деталните геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини не го достави проектот за вршење на детални геолошки истражувања.
(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење одделна дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеци ниту подолго од три години, како и дејноста чие вршење му се забранува на правното лице.
(3) Покрај прекршочната санкција на лицата од ставот (2) на овој член за дејствијата од ставот (1) алинеја 2 на овој член може да се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети со кои се вршени геолошките истражувања.
(4) Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице и за тоа ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од една година.
**Член 122**
(1) Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:
- врши изработка, изведување и надзор на геолошки истражувања без овластување за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања,
- депонира штетни, радиоактивни и други опасни и отпадни материи во напуштените рударски објекти во кои се вршеле геолошки истражувања,
- при вршењето на деталните геолошки истражувања се откријат и други видови на минерални суровини освен оние за кои е доделена концесија за детални геолошки истражувања, а истите не се опфатени со елаборатот од извршените детални геолошки истражувања и соодветно прикажани по квалитет и квантитет,
- врши научни и проспекциски истражувања без да достави известување,
- не ги спроведува мерките за безбедност и здравје при работа согласно со овој или со друг закон и
- работите при геолошките истражувања не ги изведува согласно со проектот за вршење на детални геолошки истражувања, стандарди и технички нормативи со кои е регулирано изведувањето на такви работи.

(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење одделна дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеци ниту подолго од две години, како и дејноста чие вршење му се забранува на правното лице.
(3) Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.
(4) Глоба во износ од 250 до 375. евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

**Член 122-а**

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 32-д од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за економија и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за економија согласно со членот 32-ѕ став (3) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 32-ѕ став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 32-и став (9) од овој закон.
(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 32-д од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 32-и ставови (5) и (6) од овој закон.
(4) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини ако не го донесе решението во рокот утврден во членот 32-т став (7) од овој закон.
(5) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице од членот 32-д од овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кое не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.
(6) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 32-д од овој закон, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.
(7) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 32-ѕ став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на членот 32-и ставови (2), (3) и (4) од овој закон.
(8) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот, доколку постапи спротивно на членот 32-и ставови (2), (3) и (4) од овој закон.
(9) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата од членот 32-т став (3) од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за економија.

**Член 122-б**

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Геолошкиот завод ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 7 став (6) од овој закон.
Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 32 став (9), 47 став (5), 49 став (6) и 73 став (8) и (11) од овој закон.
Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членовите 7 став (7), 32 став (10), 47 став (6), 49 став (7) и 73 став (9) и (12) од овој закон.

**Член 123**

(1) Глоба во износ од 250.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое врши експлоатација на енргетски, метални и техногени минерални суровини, ако:
- експлоатацијата ја врши надвор од експлоатационото поле дефинирано со главниот рударски проект,
- врши експлоатација на новооткриени неметални минерални суровини, архитектонско-украсен камен, песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации и минерални, термоминерални и термални води без да му е доделна концесија и дозвола за експлоатација,
- не изврши геодетско мерење и не достави известување во рок, на начин и под услови утврдени со овој закон,
- не води евиденција на произведените количини на минерални суровини на начин и под услови утврдени со овој закон и прописите донесени со врз основа на овој закон,
- врши промет со минералните суровини доделени со концесијата од членот 40-а став (1) од овој закон;
- концесионерот не доставува вистинити податоци за содржината на минералните суровини во концентратите, односно металите кои се добиваат во процесот на нивна преработка,
- не постапува по извршното и конечно решение на државниот рударски инспектор и државниот инспектор за електрика во рударството,
- го попречува инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор и не му ја стави на увид потребната документација за вршење на тој надзор,
- експлоатацијата ја врши спротивно на одобрените рударски проекти,
- при вршење на експлоатација не ги изведува рударските работи согласно со дозволата, стандардите и техничките нормативи кои важат за изведување на тие работи,
- изведува рударски работи и објекти во постојните рудници кои не се опфатени со главниот рударски проект, а без дополнителен рударски проект и дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект,
- техничкото водење и надзор го врши лице без да ги исполнува условите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- при експлоатацијата не спроведува мерки за заштита на животната средина и природата и културното наследство, како и мерки за рекултивација на земјиштето согласно со закон,
- не изведе и не изведува санација на просторот во согласност со проектот за вршење на детални геолошки истражувања, проектот за санација кој е составен дел од главниот или дополнителниот рударски проект, договорот за концесија и дозволата за експлотација,
- врши складирање на штетни, опасни, радиоактивни и отпадни материјали во напуштените простори и копови,
- не постапува по планот за управување со отпад,
- не врши класификација и прекатегоризација на рудните резерви на начин и под услови утврдени со овој закон и прописите донесени со врз основа на овој закон и
- при изведување на рударските работи не обезбеди техничко водење и надзор на изведувањето на рударските работи според рударските проекти, техничките прописи, како и според прописите за безбедност при работа.
(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење одделна дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеци ниту подолго од три години, како и дејноста чие вршење му се забранува на правното лице.
(3) Покрај прекршочната санкција на лицата од ставот (2) на овој член, за дејствијата од ставот (1) може да се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети со кои е сторен прекршокот.
(4) Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице и за тоа ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од една година.

**Член 124**

(1) Глоба во износ од 30.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое врши експлоатација на неметални минерални суровини, архитектонско-украсен камен, песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), сите видови на глини и собирен кварц, минерална вода и гас $CO_2$ и минерални, термоминерални и термални води, ако:
- експлоатацијата ја врши надвор од експлоатационото поле дефинирано со главниот рударски проект,
- врши експлоатација на новооткриени неметални минерални суровини, архитектонско-украсен камен, песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), сите видови на

глини и собирен кварц, минерална вода и гас $CO_2$ и минерални, термоминерални и термални води без да му е доделна концесија и дозвола за експлоатација,
- не изврши геодетско мерење и не достави известување во рок, на начин и под услови утврдени со овој закон,
- не води евиденција на произведените количини на минерални суровини на начин и под услови утврдени со овој закон и прописите донесени со врз основа на овој закон,
- не постапува по извршното и конечно решение на државниот рударски инспектор и државниот инспектор за електрика во рударството,
- го попречува инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор и не му ја стави на увид потребната документација за вршење на тој надзор,
- експлоатацијата ја врши спротивно на одобрените рударски проекти,
- при вршење на експлоатација не ги изведува рударските работи согласно со дозволата, стандардите и техничките нормативи кои важат за изведување на тие работи,
- изведува рударски работи и објекти во постојните рудници кои не се опфатени со главниот рударски проект, а без дополнителен рударски проект и дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект,
- техничкото водење и надзор го врши лице без да ги исполнува условите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- при експлоатацијата не спроведува мерки за заштита на животната средина и природата и културното наследство, како и мерки за рекултивација на земјиштето согласно со закон,
- не изведе и не изведува санација на просторот во согласност со проектот за вршење на детални геолошки истражувања, проектот за санација кој е составен дел од главниот или дополнителниот рударски проект, договорот за концесија и дозволата за експлотација,
- врши складирање на штетни, опасни, радиоактивни и отпадни материјали во напуштените простори и копови,
- не постапува по планот за управување со отпад,
- не врши класификација и прекатегоризација на рудните резерви на начин и под услови утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- при изведување на рударските работи не обезбеди техничко водење и надзор на изведувањето на рударските работи според рударските проекти, техничките прописи, како и според прописите за безбедност при работа и
- не врши реинјектирање на водата, доколку истото е предвидено со дозволата за експлоатација и одобрените рударски проекти.
(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење одделна дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеци ниту подолго од три години, како и дејноста чие вршење му се забранува на правното лице.
(3) Покрај прекршочната санкција на лицата од ставот (2) на овој член за дејствијата од ставот (1) може да се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети со кои е сторен прекршокот.
(4) Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице и за тоа ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од една година.
Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

**Член 125**
(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое врши експлоатација на минерални суровини, ако:
- изврши пренос на концесијата спротивно на одредбите од овој закон,
- ја даде концесијата под закуп,
- кај концесионерот се изврши пренос на уделите или акциите кои поединечно или во збир довеле до промена на управувачката структура,
- стави во употреба средства за работа кои не се прегледани и испитани за безбедно работење, односно ако не се исправни за безбедна работа таквите средства за работа,

- веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено не го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција за секој смртен случај, колективна несреќа и секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа,
- при вршењето на деталните геолошки истражувања се откријат и други видови на минерални суровини освен оние за кои е доделена концесија за детални геолошки истражувања, а истите не се опфатени со елаборатот од извршените детални геолошки истражувања и соодветно прикажани по квалитет и квантитет,
- навремено не презема мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти,
- во рок од 15 дена пред започнувањето на деталните геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини не достави проект за вршење на детални геолошки истражувања,
- најдоцна 24 часа по запирање на работите, а во случај на опасна појава, веднаш не го пријави на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини и Државниот инспекторат за техничка инспекција за времeното прекинување на изведувањето на рударски работи при истражување и експлоатација на минералните суровини поради непредвидени геолошки, рударски или економски причини (појава на гас или вода, горски удари, јамски пожари, пореметување на главни патишта за проветрување и одводнување, лизгање на терен и слично),
- планира времено запирање на работите повеќе од шест месеци, а не го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција во определениот рок и не изврши рударски мерења на состојбите, како и дополнување на рударските планови и не направи записник за причините за престанување на работите и за опасностите кои можат да настанат во текот на запирањето и при повторниот почеток на работите,
- не изготви дополнителен рударски проект во согласност со одредбите од овој закон доколку не продолжи со експлоатација на минералните суровини по определениот рок,
- пушти во употреба рударскиот објект без извршен технички преглед и издадено решение за употреба, како и без добиена писмена согласност од државниот рударски инспектор,
- при изведување на рударски работи не преземе мерки заради заштита на животот и здравјето на граѓаните, како и безбедност на недвижните и движните работи,
- инфраструктурните објекти (пат, далновод и друго) кои поминуваат низ концесискиот простор ги уништува и загрозува и го оневозможува нивното користење од страна на други лица,
- не ги спроведува мерките за безбедност при работа согласно со овој закон,
- при вршењето на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини не организира, уреди и не спроведува навремено мерки за безбедност при работа,
- при изведување на рударските работи не обезбеди водење на евиденција во пишана форма за техничко водење и надзор,
- при изведба на подземни рударски работи не организира служба за безбедност при работата,
- не организира служба за спасување и служба за против пожарна заштита при изведување на рударски работи каде што постои опасност од пожар, експлозија, појава на отровни гасови, или пак можности од навлегување на гасови, вода и тиња,
- во периодот на времeното прекинување на рударските работи не ги одржува јамските простории и објекти во стабилна, сигурна и безбедна состојба,
- пред распоредувањето на работите, односно на работните задачи, работникот со кој засновал работен однос не го запознае со прописите и мерките за безбедност при работа во врска со работите кои ќе ги врши, со опасностите кои можат да настанат при таа работа, како и со организирањето и спроведувањето на безбедносните мерки при работа и не определи работник кој целосно ќе го запознае со правата и обврските во врска со безбедноста при работа и условите за работа,
- работникот кој првпат се распоредува на рударските работи постепено, а најмалку 15 дена не се внесува во работата под непосредно раководење и надзор на работник и инструктор определен од работник со посебни овластувања и одговорности,
- работниците кои се распоредени на работно место во јама при нивното прераспоредување на друго работно место на кое не работеле дотогаш не се запознаат со специфичните опасности на новото работно место и со мерките за безбедност при работа и опасностите кои можат да настанат при вршење на работите на кои се распоредуваат,
- работниците кои се распоредени на работно место во површинските погони кои во јамата влегуваат повремено заради извршување на одделни работи, претходно не се запознати со специфичностите на работата во јама, со сите опасности кои произлегуваат од таквата работа и со мерките за безбедност при работа на кои мора да се придржуваат,

- средствата за работа не ги одржува во исправна состојба, не ја проверува нивната исправност и безбедност за работа со повремени прегледи и испитувања на начин и во рокови пропишани со актот што тој го донесува, односно со упатството на производителот, техничките прописи и стандарди,
- не организира запознавање на сите работници со прописите и мерките за безбедност при работа, како и со мерките за спроведување на плановите за одбрана и акциите за спасување во случај на ненадејни несреќи и за таа цел еднаш годишно не организира обука и
- еднаш годишно не изврши проверка на познавањето на прописите и мерките за заштита при работа, како и плановите за одбрана и акциите за спасување во случај на ненадејни несреќи на работниците со посебни овластувања и одговорности кои вршат надзор, палител на мини, како и други работници со посебни овластувања.
(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење одделна дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеци ниту подолго од три години, како и дејноста чие вршење му се забранува на правното лице.
(3) Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице и за тоа ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од една година.
(4) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член и доколку при вршењето на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини не го извести непосредниот раководител за несреќа при работа, потешка повреда при работа или појава што го загрозува животот на работниците, како и за причините за настанување на истите.

**Член 126**

(1) Глоба во износ од 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое врши експлоатација на минерални суровини, ако:
- до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини најмалку еднаш годишно не доставува извештај за извршените детални геолошки истражувања согласно со динамиката утврдена во проектот за вршење на детални геолошки истражувања,
- на просторот за вршење на деталните геолошки истражувања ја нема предвидената документација,
- на местото каде што се изведуваат рударските работи и врши експлоатација на минерални суровини ја нема утврдената документација,
- податоците за товарената експлоатирана минерална суровина не ги пополни во информацискиот систем пред товарот да го напушти концесискиот простор,
- товарената експлоатирана минерална суровина го напушти концесискиот простор без издадена потврда од Управата за јавни приходи,
- лицата кои вршат работи на одделни работни места не ги исполнуваат условите за стручна подготовка,
- работниците кои се распоредени на работно место надвор од јама влегуваат во јама без дозвола на раководителот на јамата или од него овластено лице и
- не донесе посебни програми за стекнување, дополнување и усовршување на знаењето за областите за безбедност при работа според видовите на работите, односно работните задачи.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерена глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.
(3) Глоба во износ од 500 до 900 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.
(4) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот надлежен за работите од областа на минералните суровини, ако не започне постапка за еднострана раскин на концесијата за експлоатација на минерални суровини во рокот определен во членот 75 став (5) од овој закон или започне постапка за еднострана раскин на концесијата за експлоатација на минерални суровини без да ја достави опомената за плаќање на концесискиот надоместок од членот 75 став (5) од овој закон до концесионерот.

**Член 126-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

**ДЕЛ XI**
**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 127**
Постапките за доделување на концесии за детални геолошки истражувања за кои е поднесена иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања ќе се продолжат согласно со одредбите од овој закон.

**Член 128**
Концесионерите на кои им е доделена концесија за детални геолошки истражувања ќе продолжат да ги вршат деталните геолошки истражувања согласно со одредбите од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11).

**Член 129**
Концесионерите кои ги завршиле деталните геолошки истражувања, а кои не поднеле барање за доделување на концесија за експлоатација до денот на влегувањето во сила на овој закон, постапката за доделување на концесија за експлоатација ќе ја продолжат согласно со одредбите од овој закон.

**Член 130**
Започнатите постапки за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката докуменатција и рударските проекти ќе се завршат согласно со Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11) и прописите донесени врз основа на тој закон.

**Член 131**
(1) Овластувањата за изработка на геолошка документација издадени врз ознова на Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 18/99 и 29/2002) и Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11) ќе продолжат да важат во рок од шест месеци, сметано од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член издадените овластувања престануваат да важат.

**Член 132**
(1) Овластувањата за изработка на рударски проекти врз ознова на Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 18/99 и 29/2002) и Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11) ќе продолжат да важат во рок од шест месеци, сметано од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член издадените овластувања престануваат да важат.

**Член 133**
Започнатите постапки за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини ќе се завршат согласно со Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11).

**Член 134**
Лицата на кои им е издадена лиценца за изработка на геолошка документација врз основа на Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99 и 29/2002) и Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија“ број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11), се должни во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон да поднесат барање за издавање на лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања согласно со одредбите од овој закон.

**Член 135**

Започнатите постапки за издавање на дозвола за експлаотација и дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект ќе се завршат согласно со Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11).

**Член 136**

(1) Издадените одобренија за експлоатација согласно со Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 18/99 и 29/2002) и издадените дозволи за експлоатација согласно со Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11) ќе се сметаат како дозволи за експлоатација и важат до истекот на рокот до којшто и се издадени.

(2) Концесинерите од ставот (1) на овој член во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон се должни до органот на државната управа надлжен за работите од областа на минералните суровини да достават план за управување со отпад од минерални суровини и финансиската гаранција од членот 96 од овој закон.

(3) Доколку концесионерите во рокот од ставот (2) на овој член не достават план за управување со отпад од минерални суровини и финансиска гаранција, Владата еднострано ќе го раскине договорот за концесија.

**Член 137**

(1) Концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација и одобрение за експлоатација по дополнителен рударски проект до денот на влегувањето во сила на Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 18/99), но кои не поднеле барање за издавање на дозвола за експлоатација се должни да поднесат барање за издавање на дозвола за експлоатација во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Доколку концесионерите во рокот од ставот (1) на овој член не поднесат барање за издавање на дозвола за експлоатација, договорите за концесија престануваат да важат.

**Член 138**

Во случај кога концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација согласно со Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 18/99 и 29/2002), но кои нема да започнат со експлоатација во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини ќе донесе одлука за едностран раскин на договорот за концесијата за експлоатација.

**Член 139**

(1) Концесионерите кои имаат склучено договори за концесија за експлоатација на минерални суровини согласно со Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11) се должни да ги усогласат предметните договори со оредбите од овој закон во рок две години од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен во однос на големината на просторот на кој е доделена концесијата за експлоатација и периодот на важност на концесијата.

(2) Усогласувањето од ставот (1) на овој член ќе се изврши со склучување на нов договор за концесија за експлоатација.

**Член 140**

Одредбите на членот 97 од овој закон ќе започнат да се применуваат со пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

**Член 141**

Регистарот од прописите утврден во членот 98 став (1) од овој закон ќе стане достапен за јавноста од 1 јануари 2015 година.

**Член 142**

Одредбите од овој закон кои се однесуваат на доделување на концесија за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини со електронска аукција ќе почнат да се применуваат во рок една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 143**
(1) Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) До денот на влегувањето во сила на подзаконските акти од ставот (1) на овој член ќе се применуваат подзаконските акти утврдени во Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11).

**Член 144**
(1) Концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација согласно со Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 18/99 и 29/2002) или дозвола за експлоатација согласно со Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10, 158/10, 53/11 и 136/11) се должни во рок една година од денот на влегувањето во сила на овој закон до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини да достават доказ за мерење на експлоатираната и продадена количина на минерална суровина, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон.
(2) Доколку концесионерите од ставот (1) на овој член до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, не достават доказ за поставен или за користење на соодветен мерен инструмент за мерење на експлоатираната и продадена количина на минерална суровина, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон, Владата еднострано ќе го раскине договорот за концесија.

**Член 145**
Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/2010, 158/2010, 53/2011 и 136/2011).

**Член 146**
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ**
Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2013):
**Член 6**
Концесионерите на кои им е одземена концесијата за експлоатација заради спроведување на Просторниот план на регионот на заштитените зони на изворот Рашче („Службен весник на Република Македонија" број 98/2002) во периодот до 2008 година, можат во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој закон да поднесат барање за добивање на нова концесија за експлоатација на минерална суровина на друг локалитет.
Постапката за доделување на концесијата за експлоатација од ставот 1 на овој член ќе се спроведе согласно со членот 42 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" број 136/12).

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2013):
**Член 7**
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/2014):
**Член 24**
Министерството за економија го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит за добивање на лиценци во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
**Член 25**
Министерството за економија во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон го воспоставува Регистарот за издадени овластувања и лиценци.
**Член 26**
Лицето кое поседува овластување за изработка на геолошка документација, односно лиценца за изработка на геолошка документација и овластување за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, односно лиценца за

изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација кое до денот на влегувањето во сила на овој закон има најмалку пет години работно искуство во соодветна област, може да поднесе барање за запишување во Регистарот во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Кон барањето од ставот 1 на овој член се доставува потребната документација од членот 32-а од овој закон за овластувања и лиценци за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања, односно од членот 73 став (8) од овој закон за овластување и лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 136/12, 25/13 и 93/13).
Министерството за економија во рок од 30 дена од доставувањето на барањето согласно со ставовите 1 и 2 на овој член, доколку ги исполнува условите, му издава лиценца и го евидентира лицето во Регистарот за издадени овластувања и лиценци.
Доколку лицето од ставот 1 на овој член не поднесе барање во рокот од ставот 1 на овој член, лиценцата му се одзема.

**Член 27**

*Избришан*

**Член 28**

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 29**

Започнатите постапки за полагање на стручен испит до денот на започнувањето на примена на овој закон ќе завршат според одредбите од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 136/12, 25/13 и 93/13).

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/2014):

**Член 30**

Одредбите од членот 9 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Одредбите од членот 73 став (9) утврден во членот 18 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Одредбите од членот 20 од овој закон во делот на задолжително пријавување на податоците од товарена експлоатирана минерална суровина на информациски систем за поднесување на пријава за товарена експлоатирана минерална суровина, ќе започне да се применува од 1 јануари 2015 година.

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 160/2014):

**Член 9**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 129/2015):

**Член 11**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2016):

**Член 12**

(1) Физичките или правните лица кои се сопственици, закупци на земјиште на кое е изведена експлоатациона дупнатина за експлоатација на термоминерална вода или корисници на експлоатациона дупнатина за експлоатација на термоминерална вода кои до денот на влегување во сила на овој закон без дозвола за експлоатација односно без склучен договор за концесија вршат експлоатација, се должни да поднесат барање за добивање на концесија за експлоатација на термоминерална вода во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Кон барањето за добивање концесија од ставот (1) на овој член се приложува:
- податоци за барателот на концесијата,
- соодветен акт со кој се докажува дека лицата од ставот (1) на овој член се сопственици, закупци на земјиште на кое е изведена експлоатациона дупнатина за експлоатација на термоминерална вода или корисници на експлоатациона дупнатина за експлоатација на термоминерална вода,
- топографска карта во мерка 1:25.000 или 1:50.000 со координати на граничните точки на локацијата на определен простор,

- геодетски елаборат за посебни намени со катастарски индикации за просторот на кој се бара доделување на концесија за експлоатација, изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности и - студија за оценка на влијанието и режимот на минералните, термоминералните и термалните води.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена сметано од денот на приемот на барањето од став (1) на овој член со решение ќе ја одбие истата, ако не ја приложи документацијата од ставот (2) на овој член.
(4) Против решението од ставот (3) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, земјоделството, шумарството, водите, како и од други органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област. (6) Покрај органите од ставот (5) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини по службена должност во рок 15 дена бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барање за доделување на концесија.
(7) Органите од ставовите (5) и (6) на овој член се должни своето мислење да го дадат во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на барањето.
(8) Доколку органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област нема да дадат мислење во рокот определен во ставот (7) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини е должен во рок од пет дена, сметано од истекот на рокот утврден во ставот (7) да ја информира Владата.
(9) Во случајот од ставот (8) на овој член Владата ќе го задолжи надлежниот министер кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од соодветната област во рок три дена да достави соодветно мислење.
(10) Доколку и по истекот на определениот рок од ставот (9) на овој член не се достави соодветно мислење, се смета дека е дадено позитивно мислење по однос на доставеното барање за давање на мислење.
(11) По истек на рокот од ставот (10) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини е должен во рок од 15 дена до Владата да достави предлог одлука за доделување на концесија за експлоатација.
(12) Концесионерите на кои им е доделена концесија за експлоатација на термоминерална вода врз основа на ставот (2) од овој член се должни да плаќаат само надоместок за експлоатирана количина на термоминералната вода, согласно со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.
(13) Доколку физичките или правните лица кои се сопственици, закупци на земјиште на кое е изведена експлоатациона дупнатина за експлоатација на термоминерална вода или корисници на експлоатациона дупнатина за експлоатација на термоминерална вода не доставуваат барање за доделување на концесија за експлоатација во рокот утврден во ставот
(1) на овој член е должен да престане да врши експлоатација на термоминералната вода, а доколку продолжи со експлоатација на термоминералната вода се смета дека ја врши спротивно на одредбите од овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2016):

**Член 13**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2016):

**Член 40**

Подзаконските акти чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 41**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2016):
**Член 42**
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2016):
**Член 2**
(1) Започнатите постапки по барање за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања по истекот на рокот од договорот за концесија за детални геолошки истражувања согласно со Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” број 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16 и 53/16), а за кои е доделена концесија за детални геолошки истражувања со или без можност за продолжување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања, ќе завршат согласно со овој закон.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе изврши увид на самото место по започнатите постапки од ставот (1) на овој член.

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2016):
**Член 3**
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Закон за изменување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 189/2016):
**Член 2**
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2019):
**Член 4**
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.